РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# Б И Л Т Е Н

## НА
## УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
## ВО СКОПЈЕ

**Број 1184**

**Скопје, 15 јануари 2019 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Ул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
**проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор**

**Уредник на Билтенот: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска - Цветановска**

Бр. ___________
_5.8. 2013_
Скопје

**Предмет: Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**
Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на вебстраницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”. По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги доставaт на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.
Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви ‘***g***’, ‘***ū***’, ‘***ш̄***’, ‘***ī***’ може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето ‘`’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**è**’, а при притискање на копчето ‘~’ во македонска поддршка да се добие знакот ‘**ѝ**’.
Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на вебстраницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: bilten@ukim.edu.mk.
Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.
Ви благодариме за соработката.
Со почит,

**УКИМ-Ректорат**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

**Содржина на Билтен број 1184 од 15 јануари 2019 година**


**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијанието на екстерната ревизија врз квалитетот на постапките за јавни набавки во Владата на Косово** од **м-р Медаин Хашани,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје......................................................7-16

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања во научната област имунологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Анита Христова-Димчева)**..........................17-28
2. Реферат за избор на едно лице во сите научни звања, од обласата медицинска психологија, по предметите од научните области: ментална хигиена, психосоматика, детска психијатрија, психопатологија, психотерапија, психоанализа, психофармакотерапија, медицинска психологија и медицинска социологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р сци. Андромахи Наумовска)**.......................................................................................29-50
3. Реферат за избор на 2 лица во сите научни звања во научните области: ментална хигиена, психосоматика, детска психијатрија, психопатологија, психотерапија, психоанализа, психофармакотерапија, медицинска психологија и медицинска социологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(н. сор. д-р Славица Арсова, ас. д-р Стојан Бајрактаров)**.....................................................................................................51-92
4. Реферат за избор на 4 наставници во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: ментална хигиена, психосоматика, детска психијатрија, психопатологија, психотерапија, психоанализа, психофармакотерапија, медицинска психологија и медицинска социологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Ненси Манушева, д-р Лилјана Игњатова, н. сор. д-р Славица Арсова, н. сор. д-р Виктор Исјановски, ас. д-р Зоја Бабинкостова, ас. д-р Стојан Бајрактаров)**.........................................93-211
5. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области интерна медицина и пулмологија со фтизиологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(н. сов. д-р Златица Димитријевиќ Гошева, ас. д-р Димитар Каркински, н. сов. д-р Деска Димитриевска, в. н. сор. д-р Јагода Стојковиќ, ас. д-р Сава Пејковска)**.......................................................................................................212-345
6. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: интерна медицина и токсикологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(насл. проф. д-р Лидија Петковска, н. сов. д-р Нико Беќаровски, нас. доц. д-р Андон Чибишев)**.......................................................................................................346-409
7. Рецензија на ракописот **Хируршки аспекти во лекувањето на периферните нерви** од авторите **доц. д-р Боро Џонов, доц. д-р Елизабета Мирчевска Жоговска, проф. д-р Владимир Мирчевски, д-р Владимир Гиноски, н. сор. д-р Лазо Новески**, пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје...................................................................................410-415

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област воведни и теоретско-правни науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје **(д-р Драги Рашковски)**.........................................................................................416-430
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Правни аспекти на екстерното известување на акционерските друштва од м-р Милена Најдова,** пријавена на Правниот факултет „Јустињан Први“ во Скопје...............................................................431-445

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Хокинговото зрачење од црните дупки како квантно тунелирање** од **м-р Кимет Јусуфи,** пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје........................................................................446-455

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област патолошка морфологија на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје **(д-р Трпе Ристоски)**........................................................................456-500

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Имплементација на безжични сензорски мрежи во медицината и предлози за зголемување на нивниот животен век** изработена од **м-р Ирфан Шакири,** пријавена на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје..................................................501-506

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област цвеќе и декоративни растенија на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(д-р Маргарита Давитковска)**........................................................................507-527

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Научен пристап при определување на баланс на маса во студиите на форсирана деградација на молекули од групата на статини** од **м-р Маја Хаџиева Гиговска,** пријавена на Фармацевтскиот факултет во Скопје........................................................................528-536

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Имплементирање на методот ‚интегрирано учење‘ во изучувањето на англискиот јазик како странски јазик во високото образование** од **м-р Неда Радосавлевиќ,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје........................................................................537-542
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски труд на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(м-р Марија Стевковска)**........................................................................543

**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област генетика и селекција на растително производство на Земјоделскиот институт во Скопје **(д-р Душко Неделковски)**........................................................................544-564

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(м-р Шкипе Хајредини Доли, м-р Назан Мустафа)**........................................................................565
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(Панореја Буклевска, Снежана Саздовска, Бојана Наумова Радослављевиќ)**........................................................................566

**РЕЦЕНЗИЈА**

**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА ЕКСТЕРНАТА РЕВИЗИЈА ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ВЛАДАТА НА КОСОВО" од м-р Медаин Хашани,**

**ПРИЈАВЕН НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Со Одлука на Наставно-научниот совет број 02-284/2 од 8.3.2018 година, а врз основа на член 120 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 64/00, 46/03, 113/05 и 51/07), членовите 56, 57, 58, 59, 60 и 61 од Правилникот за единствените основи за организирање на последипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 7/2001) и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, именувана е Комисија за оценка на докторската дисертација поднесена од кандидатот м-р Медаин Хашани под наслов: ВЛИЈАНИЕТО НА ЕКСТЕРНАТА РЕВИЗИЈА ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ВЛАДАТА НА КОСОВО, во состав: проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска (ментор), проф. д-р Блажо Недев (член), проф. д-р Љубиша Јаневски (член), проф. д-р Зоран Миновски (член) и проф. д-р Атанаско Атанасовски (член).

*По внимателното проучување на текстот на докторската дисертација, Комисијата му го поднесува на Наставно-научниот совет следниов*

**ИЗВЕШТАЈ**

## I. ОПФАТ И СОДРЖИНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација под наслов „Влијанието на екстерната ревизија врз квалитетот на постапките за јавни набавки во Владата на Косово", изработена од кандидатот м-р Медаин Хашани, претставува самостоен научен труд претставен на 273 страници, од кои 217 страници е основен текст, 13 страници користена литература (157 релевантни изворно користени библиографски домашни и странски единици) и 41 страница табеларни податоци. Покрај воведот и заклучокот, материјата во докторската дисертација е структурирана во четири глави според следниов редослед:

Вовед 15 – 25

Глава 1: Ревизорската професија во Косово 26 –54

Глава 2. Начела на екстерната ревизија 55 – 95

Глава 3. Јавните набавки во Владата на Косово 96 – 120

Глава 4. Процесот на екстерната ревизија во постапките на јавните набавки во Владата на Косово 121 – 211

Заклучок 212 – 217

Користена литература 218 – 231

Табеларни податоци 232 – 273


Во **воведот** на дисертацијата се дефинирани актуелноста на истражувањето, слични истражувања спроведени од други истражувачи, доменот во кој докторската дисертација претставува научен придонес, предметот и целите на истражувањето, планот на презентирање на материјата, како и методологијата за изработка на докторската дисертација.

Во ***првата глава, Ревизорската професија во Косово,*** кандидатот м-р Медаин Хашани ја истакнува значајноста на ревизијата на усогласеност на постапките и финансиските извештаи во поглед на понудениот кредибилитет за презентираните информации неопходни при носењето на деловните одлуки кај широк спектар на корисници. Постоењето на асиметрични информации за работењето на деловните ентитети ја наметнува потребата од независно, експертско испитување на финансиските извештаи и изразување на мислење за вистинитоста и објектираноста во презентирањето на податоците во согласност со применливата рамка за финансиско известување. Потоа, фокусот на вниманието го поместува на ревизијата на усогласеност на постапките која на корисниците на ревизорскиот извештај треба да им понуди информации за законското и наменското користење на средствата од страна на субјектот на ревизија. Видовите на ревизорски ангажмани ги заокружува со ревизијата на успешност која треба да даде одговор на прашањето дали економично, ефикасно и ефективно се користат ресурсите од страна на ревидираниот субјект. Сите видови на ревизорски ангажмани ги опсервира низ призмата на нивното законско регулирање и институционализирање во Косово. Во контекст на поставената цел на истражувањето во дисертацијата, кандидатот подетално ја елаборира потребата од спроведување на ревизија на усогласеност на постапките во доменот на јавните набавки во министерствата кои ја сочинуваат Владата на Косово и бенефициите кои ревизорските извештаи базирани на прибавени и оценети ревизорски докази ги нудат на корисниците на информациите. За сите овие аспекти, кандидатот дава свое видување во првата глава од докторската дисертација која ја заокружува со професионалната регулатива која се применува во ревизијата на усогласеност на

Косово односно на Меѓународните стандарди за ревизија на ИНТОСАИ и Кодексот на етика на ИНТОСАИ.

Во континуитет со првата, на самиот почеток од **втората глава** под наслов ***Начела на екстерната ревизија,*** обработени се законските и професионалните обврски и одговорности на независните ревизори. Во продолжение кандидатот се фокусира на постапките за договорање на ревизорскиот ангажман посветен на ревизија на јавните набавки со субјектот на ревизија. Во таа насока, кандидатот чекор по чекор го објаснува методолошкиот пристап на ревизорите при ревидирањето на јавните набавки. По договарање на ревизорскиот ангажман, следната фаза поврзана со планирањето на активностите на ревизорите, е опсервирана преку спроведување на клучните чекори како што се запознавање со субјектот на ревизија, развивање на ревизорска стратегија, изработка на план и ревизорска програма, утврдување на материјалност, проценка на компонентите од ревизорскиот ризик и одредување ревизорски пристап како одговор на проценетите ризици. Во континуитет со првата во втората фаза, извршување на ревизијата на јавните набавки, посебно се опфатени ревизорските активности и техники, собирањето и обезбедувањето достатни ревизорски докази преку спроведување на ревизорски тестови, изготвувањето првични заклучоци, креирање ревизорски досиеја, контрола на квалитетот и можните измами и грешки при спроведувањето на јавните набавки. Третата фаза, известување за ревизијата на јавните набавки, е елаборирана преку подготовка на заклучоци, мислења и препораки, правење на јасна дистинкција помеѓу алтернативните форми на мислење и околностите во кои можат да ги изразат независните ревизори и пишување на ревизорски извештај. Главата завршува со пример од ревизорски извештај за ревизија спроведена согласно со стандардите на ИНТОСАИ.

Во ***четвртата глава*** под наслов ***Јавните набавки во Владата на Косово,*** кандидатот прави подлабока анализа на процесот на јавните набавки и тоа најнапред преку дефиницијата, правната рамка и основните принципи и цели за спроведување на јавните набавки. Јавните набавки се мошне суптилен сегмент од работењето на буџетските корисници на средствата, најчесто поради сигнификантните износи на парични средства со кои се реализираат тие. Од таа причина, кандидатот подетално ја презентира законската рамка според која се спроведуваат јавните набавки на Косово, со посебен осврт на прашањата поврзани со постапката на објавување на јавниот повик, прибирање на понудите, воспоставување на критериумите за избор, селектирање на најповолниот понудувач, разгледување на можноста од постоење на конфликт на интереси и известување на избраниот понудувач. Понатаму кандидатот ги истражува специфичностите на секоја од видовите на постапките за да може да направи јасно разграничување меѓу нив, а кои специфичности ќе му помогнат на ревизорот во поквалитетно донесување на одлуки за начинот на кој истите ќе се ревидираат. Во овој сегмент, посебен акцент е ставен на принципите на транспарентност, конкуренција, еднаков третман, недискриминација, рационалност и ефикасност. Целите на јавните набавки се опсервирани преку нивната јавност, спречување

корупција, финансиска дисциплина и дистрибуција. Освен тоа, кандидатот прави паралела помеѓу одредбите од Законот за јавни набавки на Косово со постаките за јавни набавки пропишани во земјите членки на ЕУ.

Во ***петтата глава*** под наслов ***Процесот на екстерната ревизија во постапките на јавните набавки во Владата на Косово,*** опфатен е процесот на ревизорски ангажман од типот на ревизија на усогласеност применет на сегментот јавни набавки во Владата на Косово. Ревизијата на усогласеност на постапките како вид на ревизорски ангажман има помал делокруг на испитување во споредба со ревизијата на финансиските извештаи но иманентно за неа е длабочината со која се испитува субјектот на ревизија. Во рамките на оваа глава, која го сочинува јадрото на дисертацијата, кандидатот посебно внимание посветува на: чинот на ангажирање на ревизорите, запознавањето со субјектот на ревизија, планирањето на ревизијата на јавните набавки, прибавувањето на потребниот доказен материјал, подготовката на конечниот извештај со анализирање на начинот на презентирање на наодите, анализирањето на изразените препораки за корективни мерки и нивното влијание врз квалитетот на постапките за јавните набавки во Владата на Косово. За потребите на истражувањето, кандидатот ги анализира ревизорските извештаи поврзани со ревизија на јавните набавки на 19 министерства заедно со Кабинетот на премиерот на Косово во периодот 2010 – 2016 година. Во истражувањето, фокусот на вниманието го става на бројот на дадените препораки од страна на ревизорите и бројот на имплементирани препораки од страна на субјектите на ревизија во анализираниот период. Главата завршува со истражување на ефектите од спроведувањето на независна екстерна ревизија врз квалитетот на постапките на јавните набавки а со самото тоа и на ефикасното управување со јавните финансии во Владата на Косово.

Во рамките на **заклучокот**, кандидатот ги издвојува заклучните согледувања кои произлегуваат од целиот труд, при што ги подвлекува најважните теоретски и емпириски сознанија до кои е дојдено при изработката на докторската дисертација. Кандидатот м-р Медаин Хашани посебно се осврнува на резултатите од спроведеното истражување со едновремено укажување на влијанието кое независната ревизија го има врз подобрувањето на квалитетот на јавните набавки на Владата на Косово. Наедно, кандидатот сугерира во која насока треба да продолжат истражувањата во овој исклучително значаен сегмент од работењето на буџетските корисници. Придонесот на ревизијата на јавните набавки е опсервиран и од аспект на подобрување на законската регулатива, поефикасна борба против корупцијата и организираниот криминал, осовременување на процесот на јавните набавки преку воведување на е-набавки и сл.

Во изработката на докторската дисертација претежно е користена најактуелна литература, како и извори од интернет. Во користената литература се наведени 157 библиографски единици кои се од странски автори и најголем дел од нив се публикувани по 2000 година.

## II. ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација под наслов „Влијанието на екстерната ревизија врз квалитетот на постапките за јавни набавки во Владата на Косово”, изработена од кандидатот м-р Медаин Хашани, истражува исклучително актуелен сегмент од ревизорската професија кој во последната деценија се повеќе го привлекува вниманието на научната заедница, надлежните институции во државата, како и на поединецот граѓанин како даночен обврзник заинтересиран за законското и наменското трошење на средствата од државниот буџет. Во развиените економии, јавноста отворено бара да биде информирана за работењето на извршната власт и за употребата на јавните ресурски. Поконкретно јавноста од државните ревизори бара и очекува одговор на следните прашања: Дали јавните ресурси, генерирани од даночните обврзници, се планирани, се наменети, се извршени, односно се употребени за целисходни активности на владата? Дали резултатите од овие активности ја постигнале својата цел – подобрување на животниот стандард на граѓаните преку испорака на јавни услуги со подобар квалитет? Дали активностите на извршната власт се вршени со чувство на добар домаќин? Конечно, дали јавните набавки се спроведени во согласност со законската регулатива и избор на најповолниот понудувач по прашање на квалитет и цена и сл.

Во услови на ограничени ресурси, од исклучителна важност за националната економија е јавната администрација своите цели да ги оствари во согласност со барањата за економично, ефикасно и ефективно користење на средствата на даночните обврзници, со почитување на законската регулатива и намената за која се предвидени да бидат искористени. Голем дел од средствата кои се трошат во јавниот сектор, односно државата, отпаѓаат на обезбедување на услуги, испорака на стоки и изведување на работи преку јавни набавки. Јавните набавки претставуваат клучен инструмент кој државата го користи за директно да учествува на пазарот и да влијае на пазарната економија и на креирањето на економските текови.

Во време на сѐ поголемо трошење на националниот буџет преку јавните набавки, се јавува потребата од воведување на механизми и алатки што демонстирираат транспарентност, конкурентност, економичност и недискриминација и овозможуваат остварување на најдобрата вредност, при набавката на стоки, работи и услуги. Јавните набавки добиваат уште повеќе на значење и поради процесот на глобализација, слободното движење на стоките, капиталот и услугите, особено во контекст на вклучување на помалите национирални економии во глобалните интегративни процеси.

Во согласност со Законот за јавни набавки, воспоставен е систем од институции кои овозможуваат квалитетно спроведување на процесот на јавни набавки, со примарен фокус на наменското и законското трошење на средствата на даночните обврзници. Во амбиент кога постои развиено законско решение и воспоставен институционален систем, информациите пласирани од разни извори дека јавните набавки се предмет на нелегални дејства, корупција и поткуп поради

огромниот износ на средства вклучени во овој процес раѓаат сомнеж кај пошироката јавност не само во работата на институциите туку и во капацитетот на екстерната ревизија да ја исполни улогата на куче чувар на парите на граѓаните. За да се врати и да се задржи довербата на пошироката јавност во процесот на јавните набавки и во ефикасната и наменската употреба на буџетските средства, Владата на Косово ја има препознаено значајната улога на ревизијата во детектирање на неправилностите, измамите и корупцијата во јавните набавки.

На сите овие аспекти кандидатот подетално се осврнува во првиот дел од трудот. Во продолжение, трудот е логично структуриран и оди во насока на остварување на целта на истражувањето која произлегува од намерата на кандидатот да ја покаже и претстави посебноста и специфичноста на ревизијата на јавните набавки, пораките кои државните ревизори преку ревизорските извештаи ги адресираат до надлежните институции, бројот на дадените препораки во насока на подобрување на процесите, степенот на нивната имплементација и корелативната поврзаност на екстерната ревизија со подобрувањето на квалитетот на јавните набавки.

Новонаметнатите барања ги соочија државните ревизори со предизвикот да излезат од рамката на традиционалните ревизии и фокусот на вниманието да го насочат кон ревизија на јавните набавки. Во таа насока, кандидатот започнува со прецизно елаборирање на процесот на спроведување на постапките за доделување договори за јавни набавки, регулиран со законска рамка која суштински ги поставува „правилата на игра“, кои секој заинтересиран продавач на стоки, давател на услуги или изведувач на работи, треба да ги почитува.

Посебноста и уникатноста на професионалната методологија, кандидатот ги набљудува низ призмата на комплексните знаења кои треба да ги поседуваат државните ревизори, кои ја спроведуваат ревизијата на јавните набавки, нивната инвентивност, имагинација, информираност, моќ за професионално расудување, креативност и поседување на посебни вештини иманентни за ревизорската професија. Сè претходно наведено, според кандидатот, треба да биде ставено во функција на разбирање на процесот на јавните набавки, особено на принципите, целите и предметот на јавната набавка, видовите постапки за јавни набавки и фазите во постапките на спроведувањето на јавните набавки. Најдобрите практики во ревизијата на јавните набавки укажуваат на потребата од познавањето од страна на ревизорот на слабостите кои се идентификувани во извештаите на Државен завод за ревизија, кои треба да бидат ставени во функција на ефективно планирање на процесот на ревизија на јавните набавки, спроведување на клучните чекори од ангажманот како што се спроведување на адекватни ревизорски техники, прибавување на достатно соодветни ревизорски докази, изготвување на првични заклучоци, оформување на ревизорска документација, спроведување на контрола на квалитет и конечно рано препознавање на симптомите на измами и грешки. Трудот кандидатот го заокружува со известувањето за наодите од ревизијата на јавните набавки и резултатите од спроведеното истражување за квалитетот и

влијанието на спроведената ревизија на јавните набавки врз работењето на договорните органи.

Главната мисија на државните ревизори е да ја утврдуваат фактичката состојба по извршената ревизија на јавните набавки и да дадат препораки за надминување на констатираните слабости во насока на подобрување на постапките во иднина. Ревизијата има советодавен карактер, а утврдените измами ревизорите треба да ги пријават до надлежните институции. Оттука, заклучува кандидатот спроведувањето ефикасна екстерна ревизија, низ сите нејзини фази, давањето конкретни, остварливи, корисни и навремени препораки на договорните органи за констатираните слабости, овозможува почитување на принципите на процесот на јавните набавки, што за понудувачите значат еднаков третман, недискриминација и фер конкуренција а за пошироката јавност домаќинско работење и управување со буџетските средства од страна на надлежните институции.

Посебна вредност на докторската дисертација додава спроведеното емпириско истражување во кое се опфатени 140 ревизорски извештаи објавени од државните ревизори за процесот на јавните набавки во 19 министерства и Кабинетот на премиерот на Косово во период 2010 – 2016 година. Ревизорските извештаи се анализирани на ниво на секое министерство во период од 7 години во сегментот на формата на изразено мислење, бројот на дадените препораки, степенот на нивната имплементација и нивото на ризик на кое се оценети препораките. Истиот пристап е применет и на Кабинетот на премиерот. Напоредно со поединечните анализи, направено е и сумарно истражување по сите претходно наведени параметри на ниво на Владата на Косово, со што се добива големата слика за влијанието на екстерната ревизија врз подобрувањето на квалитетот на постапките за јавни набавки. Емпириското истражување покажува постоење на значајна статистичка врска помеѓу дадените препораки за квалитетот на постапките на јавните набавки и процентот на нивна имплементација од страна на Владата на Косово. Исто така, резултатите од истражувањето покажуваат зголемен интерес на јавноста за наодите од спроведените ревизии на јавните набавки на Владата на Косово, на што укажува и зголемениот број на преземени ревизорски извештаи од официјалната веб - страница на НАО.

Во обид да го изолира ефектот на екстерната ревизија врз ефикасноста за управување со јавните финансии, кандидатот м-р Медаин Хашани прави два типа на анализи кои водат кон различни резултати. Во првата анализа направена е корелација со цел да се види поврзаноста помеѓу овие две варијабли врз основа на што кандидатот заклучува дека не постои значајна статистичка врска помеѓу препораките за квалитетот на управувањето со јавните финансии и процентот на нивното спроведување од страна на Владата. Но врз основа на анализа на податоците од табелите за временски период од 7 години на ниво на единици на Владата на Косово и нивниот графички приказ, кандидатот забележува дека со намалувањето на препораките и зголемување на процентуалното учество на нивна имплементација евидентен е позитивен тренд на зголемување на квалитетот во управувањето со јавните финансии. Во рамките на спроведеното емпириско

истражување, кандидатот го анализира влијанието на екстерната ревизија на поделба на буџетот за капитални инвестиции. Резултатите од статистичката анализа го водат кандидатот кон заклучок дека не постои значајна статистичка врска помеѓу процентуалното учество на доделениот инвестициски буџет за капитални инвестиции и вкупниот буџет. Падот на капиталните инвестиции кај одредени субјекти, според кандидатот, е резултат на лошото планирање на министерствата во Владата на Косово. Заклучокот го темели на табеларната и графичката анализа на вкупниот буџет на Владата на Косово, каде што може да се забележи намалување на капиталните вложувања во вкупен износ, во услови кога анализираните ревизорски извештаи на сите министерства укажуваат на големи промени во буџетот наменет за капитални инвестиции. Поконкретно, недостатокот на добро планирање и лошото управување со буџетот кај одредено министерство влијаело на намалувањето на неговиот буџет, додека едновремено имало зголемување на буџетот во министерствата кои имале подобро управување и планирање на буџетот за капитални инвестиции. Ваквите промени кандидатот ги поврзува со степенот на имплементација на препораките на ревизорите на ниво на одделни министерства, подобро управување и планирање на буџетот што има за резултат и поголем износ на алоцирани средства за капитални инвестиции кај ваквите субјекти.

Спроведеното истражување укажува на влијанието на екстерната ревизија врз иницирање на промените во Законот за јавните набавки во насока на елиминирање на просторот за ненаменско и незаконско користење на ресурсите. Во таа насока е и препораката за воведување е-набавки во Владата на Косово што треба да влијае на поефикасно управување со постапките за јавни набавки, ефикасно управување со јавните финансии, значително намалување на корупцијата, правилна распределба на одговорноста помеѓу менаџерот за набавки, поголеми инвестиции како резултат на ефикасно управување со постапките за јавни набавки и управувањето со јавните финансии.

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Медаин Хашани посебно ги нагласува следниве квалитети на трудот и придонеси на кандидатот во испитувањето на оваа проблематика: *прво,* трудот има солидна теоретска фундираност – кандидатот го дефинира амбиентот во кој функционира независната екстерна ревизија во Косово, преку појаснување на фазите од еволутивниот развој на ревизорската професија, професионалната и законската регулатива и нагласување на придобивките од екстерната ревизија за широкиот спектар на корисници на ревизорските извештаи; *второ,* во трудот е добро синтетизирана и презентирана законската регулатива во областа на јавните набавки на Косово; *трето,* направен е приказ на клучните чекори од процесот на ревизија на јавните набавки почнувајќи од договорање на ангажманот па се до пишување на извештајот и следење на статусот на имплементација на препораките, *четврто,* дополнителна вредност на трудот му дава спроведеното истражување во кое се опфатени 140 ревизорски извештаи објавени од страна на државните ревизори за 19 министерства и Кабинетот на премиерот на Косово за период 2010 –

2016 година, анализирани во неколку сегменти – формата на изразено мислење, бројот на дадени препораки, идентификување на нивото на ризик на препораките и статусот на нивна имплементација; *петто,* изведените заклучоци од спроведеното истражување одат во насока дека во анализираниот период сигнификантно е зголемен бројот на ревизорски извештаи во кои е изразено мислење без резерва или модификации кои во најголем дел се преку изразено мислење со резерва, бројот на дадените препораки се намалува а нивото на нивната имплементација се зголемува, како и дека наодите од екстерната ревизија влијаат на висината на одобрените буџети за капитални инвестиции на ниво на министерствата и на промени во законската регулатива од областа на јавните набавки и *шесто,* врз основа на извлечените заклучоци од спроведеното истражување кандидатот ги лоцира пунктовите на кои може да се прошири истражувањето во иднина како што се: ефектите од воведувањето на е-набавки врз подобрување на законското и наменското користење на средствата, влијанието на интерната ревизија во институциите на Владата на Косово во превенирање и благовремено откривање на измамите и коруптивните активности во постапките за јавни набавки и ефектите од стандардизација и планирање на буџетот на Владата на Косово базирано на директивите на ЕУ.

Посебно за одбележување е фактот дека се работи за оригинален труд, пионерски во областа на ревизијата на јавните набавки во институциите на Владата на Косово, со кој се поставени квалитетни темели за идни истражувања.

Општата композиција на ракописот (глави, точки, потточки, нивните пропорции по обем и взаемна поврзаност на деловите, табелите и сликите) е јасна. Техничкото оформување на докторската дисертација е на високо ниво, а приодот кон материјата е селективен. При изработка на трудот кандидатот се користел со релевантна и актуелна литература. Користените табели и слики даваат дополнителна визуелна јасност на текстот. Стилот на изнесување на материјата е концизен и јасен. Текстот во дисертацијата е одлично компјутерски обработен, лекториран и отпечатен на хартија со висок квалитет.

Комисијата е убедена дека докторската дисертација на кандидатот м-р Медаин Хашани претставува одлично структурирано истражување кое е од несомнена важност за научната мисла во областа на ревизијата во Косово. Комисијата е недвојбена во ставот дека кандидатот во целост ги реализирал поставените цели и задачи предвидени со тезите и пријавата на докторската дисертација.

Оригиналноста на докторската дисертација на кандидатот м-р Медаин Хашани, под наслов: „Влијанието на екстерната ревизија врз квалитетот на постапките за јавни набавки во Владата на Косово", беше проверена на 20.12.2018 година од менторот проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска преку софтверскиот пакет за проверка на плагијати на Министерството за образование и наука, при што е констатиран степен на совпаѓање од 4,63% во 792 документи.

## III. ЗАКЛУЧОК

Врз основа на сето претходно истакнато, Комисијата има посебно задоволство да констатира дека м-р Медаин Хашани изработил труд од научна и практична вредност, кој ги задоволува научно-методолошките и апликативни стандарди за изработка на докторска дисертација. Оттаму, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет:

1. да донесе одлука за прифаќање на рецензијата за успешно и квалитетно изработена докторската дисертација на тема „Влијанието на екстерната ревизија врз квалитетот на постапките за јавни набавки во Владата на Косово", поднесена од кандидатот м-р Медаин Хашани;
2. да дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

**Членови на Комисијата**

*1. Проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска с.р.*

*2. Проф. д-р Блажо Недев с.р.*

*3. Проф. д-р Љубиша Јаневски с.р.*

*4. Проф. д-р Зоран Миновски с.р.*

*5. Проф. д-р Атанаско Атанасовски с.р.*

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДНО ЛИЦЕ ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИМУНОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет, објавен во весниците “Вечер” и “Коха” на 17.9.2018 година, за избор на 1 лице во сите научни звања во научната област имунолигија и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-4667/47, донесена на 2.10.2018, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Кочо Димитровски, Катедра за имунологија, проф. д-р Сунчица Петровска, Катедра за физиологија и проф. д-р Каќа Поповска Јовановска, Катедра за микробиологија.

По прегледот на доставената документација и познавањето на работата на кандидатката, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на 1 лице во сите научни звања во научната област имунологија, во предвидениот рок се пријави д-р Анита Христова-Димчева

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Анита Христова-Димчева е родена на 29.12.1962 год., во Скопје. Средно образование завршила во учебната 1980/81 година. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирала на 24.12.1986 година, со просечен успех 9,86.

Од 1989 година е вработена во Републичкиот завод за трансфузиологија во Скопје. Специјализацијата по трансфузиологија ја завршила во 1994 година, а докторирала во 2004 година на тема “Молекуларно дефинирање на HLA антигените од класа II (DR, DQ, DP) и нивна асоцираност со одредени заболувања“

За асистент по предметот Имунологија е избрана во 1999 година (реферат објавен во Билтен бр. 732/1999), а реизбрана е за асистент по предметот

Имунологија во 2001 година (реферат објавен во Билтен бр. 797/2002), како и во 2006 година (реферат објавен во Билтен бр. 894/2006).

Во 2009 година е избрана за научен соработник по предметот Имунологија (реферат објавен во Билтен бр. 958/2009).

Во 2013 година е избрана за виш научен соработник по предметот Имунологија (реферат објавен во Билтен бр. 1068/2013)

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 732/99, 797/02, 894/06, 958/09, 1068/13, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатката д-р Анита Христова-Димчева доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Медицинскиот факултет.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Медицински факултет, кандидатката д-р Анита Христова-Димчева изведува вежби на прв циклус студии на студиската програма Општа медицина.

Кандидатката учествува како член во комисија за оцена/или одбрана на 1 магистериум и 2 докторски дисертации.

**<u>Научноистражувачка дејност</u>**

Д-р Анита Христова-Димчева има објавено вкупно 13 научни трудови од областа имуногенетика, од кои 4 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), а останатите објавени во меѓународни научни списанија.

Кандидатката д-р Анита Христова-Димчева е учесник на меѓународни конгреси со вкупно 8 труда и на национални конгреси со 2 труда, како автор и коавтор.

Кандидатката има одржано 1 пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество.

Д-р Анита Христова-Димчева учествувала како член во 3 национални научни проекти.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Анита Христова-Димчева активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот за трансфузиона медицина во Скопје. Од 2011 година е раководител на Скопскиот Регион на ИТМ РМ, каде лично учествува во вршењето на секојдневната стручна работа.

Кандидатката д-р Анита Христова-Димчева остварила експертски активности во Министерството за здравство, односно има учествувано во програма за трансплантација.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при Медицинскиот факултет и Министерството за здравство на РМ:

- Комисија за трансплантација на ткива и органи;
- Комисија за подготовка на национална програма за трансплантација;
- Работна група за прослава на 70 години постоење на Институтот за трансфузиона медицина;
- Комисија за полагање на стручниот испит при Лекарската комора на РМ.

## ОБРАЗЕЦ КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат** Христова-Димчева Никола Анита

**Институција** Медицински факултет, Скопје, Институт за трансфузиона медицина

**Научна област** медицина и имунологија

## НАСТАВНО – ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Настава во школи и работилници (учесник) | Бодови | Вкупно |
|---|---|---|
| - Семинар за Real-Time PCR технологија – Апликации и можности, МАНУ, Скопје, 2014<br>- Школа за менаџмент на квалитет при трансфузија на крв, Скопје, 2014<br>- Регионална работилница за надворешна контрола на изработени резултати од примероци на пратена ДНА, Истамбул, 2014<br>- Школа за нови техники во молекуларна биологија, Скопје, 2015<br>- Работилница – Фокус кон матичните клетки, Женева, 2015<br>- Работилница за примена на Olerup SSP метода со висока резолуција за ХЛА типизација и примена на HELMBERG SCORE софтверска интерпретација на резултати, Скопје, 2016<br>- Работилница за работа со Seegene Biorad CFX96 system, Скопје, 2016<br>- Работилница за добра клиничка пракса, примена на НОАК, Скопје, 2017<br>- Интернационална работилница за тромбоза и хеморагични заболувања, Скопје, 2017<br>- Работилница за современа антикоагулантна терапија, Скопје, Македонија, 2017<br>- Регионална работилница за надворешна контрола на изработени резултати од примероци на пратена ДНА, Атина, 2018<br>- Школа за Gel Imaging system Vilber Lourmat, Скопје, 2018<br>- Работилница за превенција на мозочен удар кај преткоморна фибрилација, Скопје, 2018<br>- Работилница за еволуција и развој на имуногенетиката, Венеција, 2018 | 1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1 | 1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1 |

| | | |
|---|---|---|
| | 1<br><br>1<br><br>1<br><br>1 | 1<br><br>1<br><br>1<br><br>1 |
| Одржување на вежби - Имунологија | 12.87 | 12.87 |

| Учебна година | Часови на одржана практична настава* |
|---|---|
| 2013/2014 | 60 |
| 2014/2015 | 99 |
| 2015/2016 | 84 |
| 2016/2017 | 102 |
| 2017/2018 | 42 |
| | |
| *формула за 1 семестар | Бр.на часови x 15 x 0,03 |

| | | |
|---|---|---|
| Консултации со студенти - Имунологија, 40 студенти | 0,4 | 0,4 |

| Учебна година | Бодови* |
|---|---|
| 2014 | 0,08 |
| 2015 | 0,08 |
| 2016 | 0,08 |
| 2017 | 0,08 |
| 2018 | 0,08 |
| *формула за 1 семестар | Бр. на студенти x 0,002 |

| | | |
|---|---|---|
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| 1. Член на Комисија за оцена на магистратура на д-р В. Ливринова, 2015.<br>2. Член на Комисија за одбрана на магистратура на д-р В. Ливринова, 2015.<br>3. Член на Комисија за оцена на докторат на д-р М.Киријас, 2015.<br>4. Член на Комисија за оцена на докторат на д-р Б. Бошковски, 2017. | 0,3<br>0,3<br>0,5<br>0,5 | 0,3<br>0,3<br>0,5<br>0,5 |
| **Вкупно** | | **28,87** |

**НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| | | |
|---|---|---|
| Учесник во национален/меѓународен научен проект<br>- 2014, Masterplan IPA project Macedonia (Министерство за здравство, носител д-р Е. Велкова)<br>- 2015, Проект за имплементација на телемедицина во службата за трансфузиона медицина (Министерство за здравство, носител Доц. д-р Е. Велкова)<br>- 2017, Проект за имплементација на систем за следливост (хемовигилност) во клиничка трансфузиологија со формирање на болнички комитети (Министерство за здравство, Доц. д-р Е. Велкова) | 5<br>5<br>3 | 5<br>5<br>3 |
| Дел од монографија 2014: 70 год трансфузиона медицина во Македонија | 1 | 1 |
| Трудови со оригинални научни резултати објавени во референтно научно/ стручно списание со меѓународен уредувачки одбор<br>1. Емилија Антова, Елизабета Србиновска, Весна Ристовска, Марија Валвукис, Анита Христова-Димчева, Љубица Георгиева Исмаил. Предиктивна моќ на НТ ПРО-БНП за појава на симптоми кај тешка аортна валвуларна стеноза. Мак. мед. пре. 2016, 69(3):159-163. | 3,6 | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 2. Vesna Livrinova, Marija Hadzi Lega, Anita Hristova-Dimcheva, Igor Samardziski, Rozalinda Isjanovska. Factor V Leiden, prothrombin and MTHFR mutations in patients with preeclamsia, intrauterine growth restriction and placental abruption. OA Maced Journal of Medical Sciences, 2015,099.<br><br>3. Hristova Dimcheva A., Livrinova V., Hadji Lega M., Isjanovska R. Factor V Leiden, F II and MTHFR in patients with preeclamsia, intrauterine growth restriction and placental abruption. Journal of Perinatal Medicine 43, 2017<br><br>4. Antova E, Arsovska A, Hristova-Dimceva A, Georgievska Ismail Lj. The value of Nt-proBNP in patients with severe valvular aoric stenosis without coronary artery disease. Physioacta vol 10 No 1, 2016, 57-66.<br><br>5. Boshkovski B, Kuzmanovski D, Burneska-Sazdova, Cvetkovska E, Aleksoski V, Tanovska N, Petkovska- Boshkova T, Kolevski G, Chepreganova-Chagnovska T, Hristova-Dimcheva A. Measuring anti-interferon antibodies in patients with multiple sclerosis treated with interferon beta. Epilepsy and Neurology, Year 17/18, Number 49/50.<br><br>6. B. Boshkovski, D. Kuzmanovski, E. Cvetkovska, S. Burneska Sazdova, T. Petkovska Boshkova, A. Hristova Dimcheva, N. Tanovska, D.W. Dietrich, V. Alekosvski, V. Maleska Ivanovska. Duration of interferon beta treatment in multiple sclerosis is not associated with high BAB antibody titers. Macedonian medical review 2017, 73 (3). | 3,6<br>3,6<br>3,6<br>3,6<br>3,6 | 3,6<br>3,6<br>3,6<br>3,6<br>3,6 |
| Пленарно предавање на научен/стручен собир | 2 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 1. Христова –Димчева А., Велкова Е., Петковска В. Примена на Олеруп ССП китовите за определување на ХЛА класа 1 и ХЛА класа 2 алелите. Пленарно предавање на 4. Конгрес по трансфузиона медицина на РМ со меѓународно учество, 8-11.10.2014, Скопје, Книга на апстракти, стр.69. | | |
| Апстракти објавени во зборник на конференција (меѓународна) | | |
| 1. A.H.Dimceva, T.Makarovska-Bojadzieva, E.Velkova, M.Blagoevska, J.S.Tosevska. Trombofilia assessment in patients with venous thromboembolism. 24th Biennial International Congress on Thrombosis, 4-7 May, 2016, Istanbul, Turkey. EMLTD Abstracts/Thrombosis research 141S1 (2016) S1-S92. | 1 | 1 |
| 2. A.Hristova-Dimceva, E. Velkova, V. Dejanova, T.Makarovska-Bojadzieva, J.Angelovski, I. Nikolova, J.Samonikov-Tosevska. Complications in Pregnant women with thrombophilias syndrome. 19th International Meeting Danubian League against Thrombosis and Haemorrhagic Disorders. May 18-20, Skopje, 2017. Abstract book p. 77. | 1 | 1 |
| 3. A.Hristova-Dimceva, M.Blagoevska, J.Samonikov Tosevska, T.Makarovska Bojadzieva, L.Gorcaj. Hereditary thrombophilia assessment in Pregnancy. Abstracts of the 64th Annual Meeting of the Scientific Standardization Committee of the International Society on Thrombosis and Haemostasis, July 18-21, 2018, Dublin, Ireland. P. 306. | 1 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| Коавтор на апстракти печатени во зборник на апстракти | | |
| 1. Makarovska Bojadzieva T., Velkova E., Blagoevska M., Hristova Dimceva A., Nikoloska I., Samonikov Tosevska J. RBC Alloimmunization in transfused patients. 6. Hrvatski kongres hematologa i transfuziologa. 20-23. ozujka 2014, Rovinj. Lijec Vjesn 2014; 136 (1):p. 98. | 1 | 1 |
| 2. Velkova E., Makarovska Bojadzieva T., Blagoevska M., Hristova Dimceva A., Nikoloska I., Samonikov Tosevska J. Review of positive direct antiglobulin test in neonates. 6. Hrvatski kongres hematologa i transfuziologa. 20-23. ozujka 2014, Rovinj. Lijec Vjesn 2014; 136 (1):p.98. | 1 | 1 |
| 3. Velkova EV, Makarovska-Bojadzieva TM, Blagoevska M, Hristova-Dimceva AH, Samonikov-Tosevska JS, Nikoloska IN. Serological findings and morbidity of ABO haemolytic disease of newborn. Abstracts of the 33rd International Congress of ISBT, Seoul, Korea, May 31-June 5, 2014. Vox Sanguinis (2014) 107 (suppl. 1) p.207. | | |
| 4. Grubovic R., Georgievski B., Cevreska L. Useini S., Velkova E.,Hristova-Dimceva A., Cadievski L., Grubovic M. Collection of autologous and allogeneic hematopoetic peripheral blood stem cells – 13 years of experience. IV Congress of transfusion medicine of Republic of Macedonia, 08-11.10.2014, Skopje, Abstract book p. 62. | 1+2 | 3 |
| | *1. Закон за хемикалии*<br>*2. Закон за опојни дроги и психотропни супстанции*<br>3.Закон за здравствена заштита<br>4Закон за здравствено осигурување<br>5.Aproximation on the legislation of the Republic of Macedonia of that of the European Union<br>6.Национална стратегија за дроги на РМ<br>7.Национална програма за дроги на РМ<br>8.Три правилници за Законот за безбедност во железничкиот сообраќај<br>9.Национален извештај за дефинирање на листата за услуги кои може да ги вршат интернистичките одделенија при општите болници во РМ<br>10.Процедури за респираторен систем (пилот-проект за упатување на осигуреници)<br>11.Процедури за дигестивен систем<br>12.Процедури за уринарен систем<br>13. Учество во изработка на Национална програма од одредена област-протокол за лекување на зависници од опиоиди со бупренорфин.<br>**Вкупно** | |
| | **Учество во комисии и тела на државни и други органи(1 Бод)** | |
| · | *1.Член на Владата на РМ како државен секретар во Министерството за здравство*<br>***2.** Комисија за проценка на ризик за опасност од хемикалии*<br>***3.** Комисија за отрови*<br>***4.** Комисија за опојни дроги и психотропни супстанции*<br>*5. Комисија за помошни лековити средства и медицински помагала*<br>*6.Член ана советодавно тело на министерот за здравство за формирање на Ургентен центар*<br>*7.Член на стручен тим за за работа на примена на спогодбата за трговија на услугите на светската трговска организација во доменот на здравството*<br>8.Член на делегација за учество на Генерално собрание на СЗО<br>9.Член на Советот за добивање државна награда св.Климент Охридски<br>10.Национален комитет за храна и исхрана<br>11. Национален комитет кодекс алиментариус<br>12.Комисија за имплементација на Национална стратегија за дроги на РМ<br>*13. Комисија за полагање на стручен испит за судски вештаци* | |

| | | |
|---|---|---|
| | ***14.*** *Етичка комисија при Министерството за здравство*<br>***15.*** *Работна група за проверка и ажурирање на клинички упатства за практицирање*<br>*16.Комисиски надзор над стручната работа во медицинската институција Чаир*<br>*17.Работа на тимови во Итна медицинска помош*<br>*18.АТЦ- лекови*<br><br>ВКУПНО | **17** |
| **4.** | **Завршена специјализација по интерна медицна** | **2.** |
| | **Награда за научни постигнувања од струкова организација**<br>Диплома<br>Плакета од МЛД | **6** |
| | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир** | **3** |
| | Вкупно | 77 |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **47,97** |
| **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **272,56** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **77** |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | |
| **Вкупно** | **397.53** |

Рецензентска комисија:

1. Проф.д-р Даниела Чапароска,  с.р.
2. Проф.д-р Весна Килибарда,  с.р.
3. Проф.д-р Славица Вучиниќ,  с.р.
4. Проф.д-р Розалинда Попова Јовановска,  с.р
5. Проф.д-р Гоце Спасовски, с.р.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот н.сов. д-р Нико Беќаровски не ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање според член 23, став 2 од Правилникот за посебни услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје (објавен во Универзитетски гласник бр.411 од 5.11.2018 година).

Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на кандидатите насл.вонр.проф. д-р Лидија Петковска и насл.доц. д-р Андон Чибишев.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од првиот избор до денес, Комисијата заклучи дека насл.вонр.проф. д-р Лидија Петковска ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето Вонреден професор во наставно-научните области: интерна медицина и токсикологија.

Според горе изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факулт во Скопје, насл.вонр.проф. д-р Лидија Петковска да биде избрана во звањето Вонреден професор во наставно-научните области: интерна медицина и токсикологија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Проф. д-р Даниела Чапароска, с.р.**

**Проф. д-р Весна Килибарда, с.р.**

**Проф. д-р Славица Вучиниќ, с.р.**

**Проф. д-р Розалинда Попова Јовановска, с.р.**

**Проф. д-р Гоце Спасовски, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ „ХИРУРШКИ АСПЕКТИ ВО ЛЕКУВАЊЕТО НА ПЕРИФЕРНИТЕ НЕРВИ“ ОД АВТОРИТЕ ДОЦ.Д-Р БОРО ЦОНОВ, ДОЦ.Д-Р ЕЛИЗАБЕТА МИРЧЕВСКА ЖОГОВСКА, ПРОФ.Д-Р ВЛАДИМИР МИРЧЕВСКИ, Д-Р ВЛАДИМИР ГИНОСКИ, НАУЧ.СОР.Д-Р ЛАЗО НОВЕСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, бр.02-5700/47 од 16.11.2018, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот “Хируршки аспекти во лекувањето на периферните нерви” од авторите: доц. д-р Боро Цонов, доц. д-р Елизабета Мирчевска Жоговска, проф. д-р Владимир Мирчевски, д-р Владимир Гиноски, науч.сор.д-р Лазо Новески, наменет за студентити по општа медицина и специјализанти по општа хирургија, за предметот Хирургија, во делот на пластична и реконструктивна хирургија и неврохирургија, избрани се проф. д-р Александар Чапаровски и проф. д-р Ѓорѓе Цокиќ.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. ОПШТ ДЕЛ

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Хируршки аспекти во лекувањето на периферните нерви од авторите |
| **Назив на предметната програма:** | Хирургија |
| **Назив на студиската програма:** | Општа медицина |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | **Хирургија – 20 ЕКТС - кредити** |
| Предметот Општа хирургија на Медицинскиот факултет – Скопје, е задолжителен предмет со фонд на часови 335 (предавања, вежби и семинари), број на ЕКТС-кредити 20 и се слуша во 8ми и 9ти семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 122 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 6 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 28 слики во првите 5 поглавја и уште 9 слики во 6 поглавје. |

РЕЦЕНЗЕНТИ

**Проф. д-р Александар Чапароски с.р.**

**Проф. д-р Ѓорѓе Џокиќ с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот: Проф. д-р Александар Чапароски

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Во книгата прво се опишани анатомските карактеристики на периферните нерви, физиологијата и патофизиологијата. Детално се прикажани повредите на периферните нерви со нивна класификација и клиничка слика. Следува поглавјето за клиничко испитување на повредените нерви и испитувања кои се потребни. Хируршкиот третман на повредите е објаснет во ново поглавје со опции и најнови достигнувања во решавањето на овие патолошки состојби. Наредното поглавје екстензивно ги опишува компресивните синдроми на периферните нерви. За секој entrapment синдром е даден опис на патофизиолошките промени, дијагностика и третман на секој поединечно. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот на оваа монографија е во согласност со предметните програми за студенти по општа медицина и специјализанти по општа, пластична и реконтруктивна хирургија и неврохирургија. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот е напишан на убав, лесно разбирлив и читлив медицински речник, со што во целост ги задоволува стандардите за една монографија која треба да послужи како учебно помагало за студенти по предметот Хирургија и специјализанти од хируршките гранки. |
| **Категоризација:** | Монографија |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 122 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 6 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 28 слики во прврите 5 поглавја и уште 9 слики во 6 поглавје. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како монографија по предметот Хирургија, примарно наменет за студентите по општа медицина и специјализанти од хируршките гранки на Медицинскиот факултет.

РЕЦЕНЗЕНТ

**Проф. д-р Александар Чапароски с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот: Проф. д-р Ѓорѓе Џокиќ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Книгата е поделена на неколку поглавја. Во првото поглавје се приказажани анатомските карактеристики на периферните нерви, физиологијата и патофизиологијата. Следува детален приказ на повредите на периферните нерви со нивна класификација и клиничка слика. Посебно внимание е насочено во поглавјето за клиничко испитување на повредените нерви. Следното поглавје е за хируршки третман на повредите, опции и најнови достигнувања во решавањето на овие патолошки состојби. Следува големо поглавје кое ги опишува копресивните синдроми на периферните нерви со опис на патофизиолошките промени, дијагностика и третман на секој поединечно entrapment синдром. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот на оваа монографија е во согласност со предметните програми за општа хирургија за студенти по општа, пластилна и реконструктивна хирургија и неврохирургија. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот е напишан јасно, концизно и со разбирлив стил со што во целост ги задоволува стандардите за една монографија која треба да послужи како учебно помагало за студенти по општа медицина за предметот Хирургија и за специјализанти од хируршките гранки. |
| **Категоризација:** | Монографија |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 126 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 6 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 28 слики во првите 5 поглавја и уште 9 слики во 6тото поглавје. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како монографија по предметот Хирургија, примарно наменет за студентите по општа медицина и специјализанти од хируршките гранки на Медицинскиот факултет.

Реценент

**Проф. д-р Ѓорѓе Џокиќ с.р.**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВОВЕДНИ И ТЕОРЕТСКО-ПРАВНИ НАУКИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје/ Правен факултет „Јустинијан Први", објавен во весниците „Слободен печат" и „Коха" од 3.12.2018 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област воведни и теоретски правни науки и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1526/4 од 24.12.2018 година, донесена на седницата на Наставно- научниот совет на 21.12.2018, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Миодраг Мицајков, редовен професор, д-р Димитар Бајалџиев, редовен професор и д-р Гоце Наумовски, редовен професор.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област воведни и теоретски правни науки, во предвидениот рок се пријави/-ја 1 (еден) кандидат.

### 9. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот доц. д-р Драги Рашковски е роден на 18.4.1984, во Струмица. Средно образование завршил во Гимназијата „Јане Сандански" во Струмица. На Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, се запишал во 2002 година. Дипломирал на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје во 2007 година, со просечен успех 9,34.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2008/2009 година се запишал на постдипломски студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Студиите ги завршил во 2010 година, со просечен успех 9,75. Во 2011 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Мрежно крадење на лични йодашоци (Phishing).*

Докторска дисертација пријавил во 2012 година на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Дисертацијата на тема: „Остварување на формите на непосредна демократија со помош на информатичката технологија (со симулација на систем за електронско гласање" ја одбранил на 11.1.2013 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Димитар Бајалџиев, проф. д-р Гордана Силјановска Давкова, проф. д-р Ѓорге Иванов, проф. д-р Коста Митревски, проф. д-р Гоце Наумовски. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област правни науки.

На 28.6.2013 година е избран во звањето доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на областа воведни и теоретски правни науки.

Во моментот е доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1055 од 31.5.2013 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1055, како и вкупните

научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 10. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, кандидатот д-р Драги Рашковски изведува настава на прв циклус студии на студиската програма Правни студии и на студиите по новинарство Е-новинарство.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена/или одбрана на 15 магистерски трудови.

Кандидатот е автор на рецензиран учебник под наслов „Право и информатичка технологија".

**Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот.**

### Научноистражувачка дејност

Д-р Драги Рашковски има објавено вкупно 11 (единаесет) научни трудови од правната област, од кои 1 (еден) научен труд во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 2 (два) труда, во меѓународни научни списанија и 8 (осум) труда во меѓународни научни публикации.

Кандидатот бил ментор на 29 магистерски трудови.

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот.**

### Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Кандидатот д-р Драги Рашковски остварил експертски активности во повеќе области, за што добил и повеќе признанија, и тоа:

- Сребрен медал од стручното жири на Меѓународниот саем на иновации iENA2013 – Нирнберг 29.10.2013 – 3.11.2013 година, за патентното решение „Систем и уреди за електронско гласање и собирање на податоци" – Електронска гласачка кабина
- Златна статуетка од Полската асоцијација на иноватори на Меѓународниот саем на иновации iENA2013 – Нирнберг, 29.10.2013 – 3.11.2013 година, за патентното решение „Систем и уреди за електронско гласање и собирање на податоци" – Електронска гласачка кабина.

Кандидатот д-р Драги Рашковски бил член на Конкурсна комисија за упис на студенти на втор циклус студии.

Д-р Драги Рашковски учествувал во изготвување на 8 самоевалуации за спроведување на настава за учебните 2013/2014 – 2016/2017 година.

Д-р Драги Рашковски е носител на повеќе патентни решенија, и тоа:

- Систем и уреди за креирање и прочистување на избирачки списокч;
- Систем и уреди за враќање на дел од уплатениот данок на додадена вредност кај физичките лица во трговијата на мало;
- Систем и уреди за контрола на брзината на возилата во сообраќајот, определување на просечна брзина и изрекување на казни.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот Драги Рашковски, на самоевалуацијата во периодот од 2013 до 2017 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Драги Рашковски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Драги Рашковски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во научната област воведни и теоретски правни науки.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во Скопје, д-р Драги Рашковски да биде избран во звањето **вонреден професор** во научната област воведни и теоретски правни науки.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф д-р Миодраг Мицајков, с.р
2. Проф д-р Димитар Бајалџиев, с.р
3. Проф д-р Гоце Наумовски, с.р

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
Рашковски Дамјан Драги

**Институција:**
Правен факултет Јустинијан Први - Скопје

**Научна област:** ***ВОВЕДНИ И ТЕОРЕТСКИ ПРАВНИ НАУКИ***

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,34<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,75<br>Просечниот успех изнесува 9,54 за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: Воведни и теоретски правни науки, | ДА |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: , COLLECTION OF PAPERS, FACULTY OF LAW, NIS NIŠ, 2015<br>2. Назив на електронската база на списанија:EBSCO<br>3. Наслов на трудот: The legal status of the owner of the expropriated property in the Republic of Macedonia<br>4. Година на објава: 2015<br><br>1. Назив на научното списание: , Меѓународно списаније за општесвени науки, "VIZIONE " Скопје<br>2. Назив на електронската база на списанија:EBSCO<br>5. Наслов на трудот: LEGAL NORMS AS BUILDING BLOCKS OF LEGAL SYSTEMS<br>6. Година на објава: 2017 | ДА |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1.Назив на научното списание: Зборник на Правен факултет Јустинијан први во чест на проф д-р Славко Милосавлески - Скопје 2015<br>2.Меѓународен уредувачки одбор 4, Р. Србија, Р. Хрватска, Босна и Херцеговина<br>3. Наслов на трудот: Аргументи „за" или „против" електронското гласање<br>4. Година на објава: 2015 | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br><br>1.Назив на научното списание: European Journal on Criminal Policy and Research<br><br>2.Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД - Италија<br><br>3. Наслов на трудот: Cybercrime Tendencies and Legislation in the Republic of Macedonia<br><br>4. Година на објава: 2015 | ДА |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br><br>1. Наслов на книгата: _________<br><br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_______<br><br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: ___________ | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1.Назив на зборникот: _____________<br><br>2.Назив на меѓународниот собир: _____________<br><br>3.Имиња на земјите: _________<br><br>4. Наслов на трудот: ______________<br><br>5. Година на објава: ______________ | |
| | | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>1. Наслов на преведеното капитално дело: _______<br>2. Година на објава __________<br>3. Издавач, место на издавање и година ______________ | |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент,<br>датум и број на Билтен: | ДА, 2012 година - доцент |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

* На лицата кои имаат засnован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**Членови на Комисијата**

Проф д-р Миодраг Мицајков, с.р

Проф д-р Димитар Бајалџиев, с.р

Проф д-р Гоце Наумовски, ср

**ОБРАЗЕЦ 2**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Драги Дамјан Рашковски**

**Институција:** **Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје**

**Научна област: воведни и теоретски правни науки**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста (наставно-образовна):** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на настава во учебната 2013/2014 година по предметот Право и информатичка технологија на прв циклус на студии на 3 групи (3,5*15*3*450*0,04) | 2,8 |
| 2 | Одржување на настава во учебната 2014/2015 година по предметот Право и информатичка технологија на прв циклус на студии на 3 групи (3,5*15*3*450*0,04) | 2,8 |
| 3 | Одржување на настава во учебната 2015/2016 година по предметот Право и информатичка технологија на прв циклус на студии на 3 групи (3,5*15*3*450*0,04) | 2,8 |
| 4 | Одржување на настава во учебната 2016/2017 година по предметот Право и информатичка технологија на прв циклус на студии на 3 групи (3,5*15*3*450*0,04) | 2,8 |
| 5 | Одржување на настава во учебната 2014/2015 година по предметот Правни и етички аспекти на интернетот на прв циклус на студии на на економски факултет - Скопје (4*15*1*850*0,04) | 2 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 6 | Консултации со студенти во учебната 2013/2014 година по предметот Право и информатичка технологија на прв циклус на студии (450*0,002) | 0,9 |
| 7 | Консултации со студенти во учебната 2014/2015 година по предметот Право и информатичка технологија на прв циклус на студии (450*0,002) | 0,9 |
| 8 | Консултации со студенти во учебната 2015/2016 година по предметот Право и информатичка технологија на прв циклус на студии (450*0,002) | 0,9 |
| 9 | Консултации со студенти во учебната 2016/2017 година по предметот Право и информатичка технологија на прв циклус на студии (450*0,002) | 0,9 |
| 10 | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистратура (15*0,3) | 4,5 |
| 11 | Позитивно рецензиран универзитетски учебник – Право и информатичка технологија - коавтор | 6 |
| 12 | Подготовка на нов предмет - Систем на домен имиња | 1 |
| 13 | Подготовка на нов предмет – Мрежно крадењена лични податоци-настава | 1 |
| 14 | Подготовска на нов предмет – Правни аспекти на дигиталниот потпис - настава | 1 |
| 15 | Подготовка на нов предмет – Информатичко-комуникациската технологија и односи со јавнста- настава | 1 |
| 16 | Подготовка на нов предмет – Е-новинарство - настава | 1 |
| 17 | Подготовка на нов предмет – Дигитална демократија - настава | 1 |
| | **Вкупно** | 33,3 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | ***Ментор на магистерска работа*** | |
| 1 | 29 менторства * 2 поена | 58 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | ***Трудови со импакт фактор*** | |
| 1 | Cybercrime Tendencies and Legislation in the Republic of Macedonia, Dragi Rashkovski & Vasko Naumovski & Goce Naumovski, European Journal on Criminal Policy and Research, 22(1), 127-151 DOI 10.1007/s10610-015-9277-7 | 8 |
| | ***Трудови кои се објавуваат во EBSCO бази Legal Source*** | |
| 1 | The legal status of the owner of the expropriated property in the Republic of Macedonia, Rodna ŽIVKOVSKA, Tina PRŽESKA, Dragi RAŠKOVSKI, Faculty of Law, University of Niš, COLLECTION OF PAPERS, FACULTY OF LAW, NIS NIŠ, 2015 | 5 |
| 2 | LEGAL NORMS AS BUILDING BLOCKS OF LEGAL SYSTEMS, Р. Живковска, Т. Пржеска, Д. Рашковски, М. Шутова - Меѓународно списание за општесвени науки, "VIZIONE " Скопје | 5 |
| | ***Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор*** | |
| 1 | Аргументи „за" или „против" електронското гласање Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во чест на проф. д-р Славко Милосавлески - Скопје, 2015 | 3 |
| 2 | „Влијанието на социјалните медиуми врз глобалните процеси и потребата од негово нормирање" - Годишник по повод 35 години од студиите по новинарство на Правниот факултет во Скопје. | 3 |
| 3 | Онлајн водење на политчки кампањи - Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во чест на проф.д-р Лазар Китановски - Скопје, 2015 | 3 |
| 4 | Е - гласање во Швајцарија - Зборник во чест на проф. д-р Јане Миљоски на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје, 2016 | 3 |
| 5 | Нормативни аспекти на електронското фактурирање во рамките на Европската Унија - Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во чест на проф. д-р Љиљана Спировиќ Трпеновска – Скопје, 2013 | 3 |
| 6 | Системите за електронско гласање во споредба со другите видови на електронски системи кои се користат во секојдневниот живот - Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во чест на проф. д-р Марјан марјановски – Скопје, 2017 | 3 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 7 | Теории за надлежност на судот и избор на правото како алатки за решавање на споровите кај cloud технологијата - Зборник во чест на проф. д-р Димитар Бајалџиев, Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје (во издавање) | 3 |
| 8 | Одредување на надлежноста на судот во спорoвите кои произлегуваат од употребата на cloud технологијата - Зборник во чест на проф. д-р Миодраг Мицајков, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје (во издавање) | 3 |
| | ***Труд со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание*** | |
| 1 | „Мерки за спречување на перење на пари преку електронски игри на среќа“ - Правник, февруари 2015 | 2 |
| 2 | Cluod технологијата – нови можности и нови правни проблеми - Правник, јуни 2016 | 2 |
| 3 | Публицирањето со употреба на информатичката технологија - олеснет начин на повреда на авторските права или нивна заштита? - Правник, јануари 2017 | 2 |
| | ***Одржано предавање по покана на универзитет*** | |
| 1 | Предавач на трибина на тема „Е-алатките во развојот на универзитетите и високото образование во Република Македонија“, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Скопје 2015 година | 1 |
| | ***Пленарни предавања на научен / стручен собир*** | |
| 1 | Предавач на трибина „Правните аспекти на говорот на омраза на интернет“, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, Скопје 2014 година. | 2 |
| 2 | Предавач на конференција на тема “Компјутерски криминал” – Европско здружение на млади правници ЕЛСА, Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје 2015 година | 2 |
| 3 | Предавач на семинар на тема “Користењето на информатичката технологија во процесот на одлучување кај акционерските друштва” – Правоматика, Скопје 2016 година. | 2 |
| 4 | Предавач и учесник на семинар на тема “Sub-Regional Seminar on Intellectual Property Policies in Universities and Research Institutions”, | 2 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | World Intelectual property Organization, Mostar and Sarajevo, Bosnia and Hercegovina, 2016 година | |
| 5 | Предавач на тема “Интернет право” – Станица 5.0 – Младински образовен форум МОФ, Скопје, 2017 година. | 2 |
| 6 | Предавач на семинар на тема “Примена на законот за заштита на лични податоци – потреба од усогласување со Регулативата за заштита на лични податоци на ЕУи нејзините импликации врз работењето на правните лица” – Институт за правно-економски истражувања и едукација – ЈУРИДИКА ПРИМА, Скопје, 2017 година. | 2 |
| 7 | Предавач на конференција на тема “Интернет право и регулатива – законски обврски произлезени од електронската трговија“, Институт „Концепт“, Скопје, 2017 година. | 2 |
| 8 | Предавач на конференција на тема „Парадигмата за незаконитите докази и плодовите на отровното дрво“,дружението за кривично право и криминологија, Американската амбасада и Центарот за стратешки истражубања при МАНУ, Скопје, 2017 година | 2 |
| | | |
| | **Вкупно** | 86,6 |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Сребрен медал од стручното жири на Меѓународниот саем на иновации iENA2013 – Нирнберг 29.10.2013 – 03.11.2013 година, за патентното решение „Систем и уреди за електронско гласање и собирање на податоци" – Електронска гласачка кабина | 7 |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 2 | Златна статуетка од Полската асоцијација на иноватори на Меѓународниот саем на иновации iENA2013 – Нирнберг 29.10.2013 – 3.11.2013 година, за патентното решение „Систем и уреди за електронско гласање и собирање на податоци" – Електронска гласачка кабина | 7 |
| 3 | Член на Конкурсна комисија за упис на студенти во втор циклус на студии | 1 |
| 4 | Изготвување на 8 самоевалуации за спроведување на настава за учебната 2013/2014 – 2016/2017 | 8 |
| | ***Патентни решенија*** | |
| 1 | Систем и уреди за креирање и прочистување на избирачки список | 10 |
| 2 | Систем и уреди за враќање на дел од уплатениот данок на додадена вредност кај физичките лица во трговијата на мало | 10 |
| 3 | Систем и уреди за контрола на брзината на возилата во сообраќајот, определување на просечна брзина и изрекување на казни | 10 |
| | ***Книга од стручна област*** | |
| 1 | Мрежно крадење на лични податоци - автор | 8 |
| | | |
| | **Вкупно** | 35 |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 31,3 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 123 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 0 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 61 |
| **Вкупно** | 217,3 |

**Членови на Комисијата**

1. Проф д-р Миодраг Мицајков, с.р

2. Проф д-р Димитар Бајалџиев, с.р

3. Проф д-р Гоце Наумовски, с.р

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРАВНИ АСПЕКТИ НА ЕКСТЕРНОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ НА АКЦИОНЕРСКИТЕ ДРУШТВА“ ОДМ-Р МИЛЕНА НАЈДОВА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ„ЈУСТИНИЈАН ПРВИ” ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, на седницата одржана на 02.11.2018 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Милена Најдова со наслов ,,Правни аспекти на екстерното известување на акционерските друштва“(англ. Legal aspects of external reporting of joint stock companies) во состав: проф. д-р Димитар Гелев (претседател), проф. д-р Горан Коевски (ментор), проф. д-р Александар Стојков (член), проф. д-р Дарко Спасевски (член), и проф. д-р Борка Тушевска Гавриловиќ (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот на Правниот факултет „Јустинијан Први” му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката **м-р Милена Најдова**, со наслов „**Правни аспекти на екстерното известување на акционерските друштва**”, содржи 655 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 lines проред и големина на букви 12, со 1009 фусноти, 485 библиографски единици (меѓу нив научни трудови, статии, книги, меѓународнии европски акти, принципи, директиви, препораки), национални прописи (релевантна законска и подзаконска регулатива), извештаи, интернет-ресурси и 1 прилог.

Трудот е структуриран во вовед,шест глави, завршен дел – заклучоци и користена литература. Главите се правилно означени и распоредени, меѓусебно поврзани и соодветно димензионирани и систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови. Ваквата структурна композиција на трудот овозможува јасно да се препознае проблемот што се обработува и со тоа лесно да се следи неговата елаборација и аргументирање.

Во **воведот** на трудот, изложени се научната и општествената оправданост на истражувањето, предметот, целите и значењето на истражувањето, основната (главна) хипотеза, посебните хипотези,истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето.

Кандидатката има посебен интерес за проучување на корпоративното управување на акционерските друштва и укажува дека модерниот и брз развој на општеството ја наметнува потребата да се актуализира оваа проблематика, а со тоа и потребата од преземање на соодветни мерки за неа. Станува збор за широка и

доста комплексна проблематика, па следствено на тоа постои и богата листа на меѓународни и европски акти и принципи со кои се регулирани одделни аспекти на темата на истражувањето.

Доброто корпоративно управување претставува комплексен процес и е предизвик за целокупниот правен и економски систем на Република Македонија. Притоа, таа поаѓа од фактот дека корпоративното управување во Република Македонија е релативно млада научна дисциплина која нуди предизвик за истржување и можност теоретски и практично да се анализираат нејзините аспекти и да се дополни инсуфициентноста на литература која постои во оваа област. Интересот за истражување на областа - транспарентност и обелоденување на податоци на акционерските друштва, која сé уште се гледа како слаба алка во комплексниот процес на добро корпоративно управувањесе јавува пред сé поради недоволната истраженост на оваа проблематика, од правен аспект. Трудот од научен аспект ги анализира правните аспекти на екстерното известување на акционерските друштва. Правните аспекти се анализираат преку споредба на релевантната меѓународна регулатива, регулативата на Европската Унија, регулативата на Република Хрватска и домашната регулатива поврзана со темата на истражувањето. Компаративниот пристап ја зголемува научната оправданост. Но, покрај научната оправданост, трудот има и општествена оправданост затоа што ја анализира темата и од практичен аспект.

**Првиот дел** од докторската дисертација е насловен „**Вовед во транспарентност и обелоденување на податоци**". Во него, кандидатката најнапред темелно го дефинира поимот „обелоденување на податоци"и укажува дека овој поим и транспарентноста се два различни поима. Големо внимание во овој дел е посветено и на определувањето на функциите што ги има обврската за обелоденување (нормативна, репресивна, превентивна, олеснувачка функција), како и на значењето и користа која акционерските друштва, потенцијалните инвеститори, акционеритеи сите заинтересирани лица (на пр. регулаторот на пазарот на хартии од вредност, вработените, клиентите, доверителите, добавувачите и сите трети лица кои на кој било начин се поврзани со друштвата) ја имаат од обелоденувањето.

Притоа се објаснуваат и основните принципи на обелоденувањето. Според кандидатката, доброто обелоденување треба да биде: 1) навремено и редовно; 2) лесно и широко достапно; 3) точно и целосно; 4) јасно, разбирливо и споредливо; 5) конзистентно, релевантно и документирано. Овие принципи, во голема мера се темелат на квалитативните карактеристики на информациите, при што се дава и преглед на карактеристиките кои треба да ги имаат информациите содржани во финансиските извештаи во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди (МСС), Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ/анг.IFRS) самостојниот Меѓународен стандард за финансиско известување (МСФИ) за мали и средни ентитети (МСЕ) утврдени од Одборот за меѓународни сметководствени стандарди (ОМСС) на Меѓународната федерација на сметководители (анг. IFAC).

Во овој дел се прави и класична поделба на податоците коишто претставуваат предмет на обелоденување од страна на друштвата. Така, се прави анализа на податоците коишто можат да припаѓаат на една од следниве две категории: финансиски податоци (преглед на финансиски извештаи) и нефинансиски

податоци (податоци за членовите на органите на управување и надзор, директори и вработени - лични податоци, податоци за наградувањето, податоци за сопственичка структура, податоци за трансакции со поврзани лица, податоци за факторите на ризик и ситемот за управување со ризици на друштвото, податоци за заинтересирани страни/лица (stakeholders), податоци за корпортивното управување на друштвото). Кандидатката, накратко, се осврнува и на ценовно чувствителните информации и нивно (не)објавување и на внатрешните (инсајдерски) информации и нивно (не)тргување, имајќи го предвид нивното значење особено за акционерските друштва коишто котираат на берза.

Во **вториот дел**со наслов „**Транспарентноста и обелоденувањето на податоци на акционерските друштва според меѓународни акти**", кандидатката поаѓа од тоа дека не постои единствен модел на добро корпоративно управување. Но, според неа во услови на глобализација од големо значење е стандардизација на однесувањето на друштвата на пазарот. Воедно, во изминатите неколку години сè повеќе доаѓаат до израз напорите коишто се прават на меѓународно ниво за стандардизирање и унифицирање на квалитетот и квантитетот на информациите кои акционерските друштва (особено финансиските акционерски друштва) треба да ги објавуваат. Значаен придонес кон таквата стандардизација имаат повеќе меѓународни акти коишто покрај другото ја регулираат и материјата за обелоденување на податоци за акционерски друштва. Во овој дел, кандидатаката прави темелна и сеопфатна анализа на содржината на тековните и релевантни меѓународни акти во делот на обелоденувањето и транспарентноста, и тоа: Принципите за корпоративно управување на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) од 2015 година, Принципите на Меѓународната организација на комисии на хартии од вредност (ИОСЦО) од 2017и регулатива на Базелскиот комитет за банкарска супервизија (Принципи за корпоративно управување на банките од 2015 година, Базелска капитална спогодба 3 (Базел III) - Столб 3 (Пазарна дисциплина): Ревидирани барања за обелоденување од 2015 година.Се истакнува дека овие акти имаат за цел да им помогнат на креаторите на политиките во проценката и подобрувањето на правната, регулаторната и институционаланата рамка на корпоративното управување за да се поддржи економската ефикасност, одржливиот раст и финансиската стабилност.

Она што е од големо значење за трудот е декаво овој дел се прави анализа како одредени значајни прашања за обелоденувањетоопфатени со Принципите се применуваат од страна наземјите членки на ОЕЦД и од оние земји кои не се членки, а ги применуваат принципите. Понатаму се оценува и статусот на имплементација на базелскиот стандард - Столб 3:Ревидирани барања за обелоденување (заклучно со март 2018 година) во одделни земји.

**Третиот дел** насловен како „**Транспарентноста и обелоденувањето на податоци на акционерските друштва според компаниското право на Европската унија**" детално обработува повеќе релевантни акти за корпоративно управување на Европската Унија(7 директиви и 4 препораки) кои придонесуваат во остварувањето на значителна конвергенција, усогласување и унифицирање на режимите на корпоративното управување на земјите-членки. Сепак, кандидаткатаистакнува дека ова е процес кој сé уште трае имајќи ги предвид различните правни традиции и сопственички структури во Европската Унија.

Компаниите во Европа, се должни да имаат високо ниво на транспарентност и обелоденување на податоци и информации кои се од значење за нивното сегашно и идно работење и управување. Интересот за анализа на компанискотo право на Европската Унија (директивите и препораките) и неговата примена од страна на земјите – членки е и поради тоа што Република Македонија е земја - кандидат за членство во Европска Унија. Она што е од исклучително значење во овој дел, покрај легислативните аспекти, е и анализата на практичните аспекти од имплементацијата на стандардите наметнати со секундарното европско законодавство. Така, направена е сеопфата анализа на степенот на хармонизација на земјите-членки со одредбитеод Директивата 2004/109/ЕУ за хармонизација на барањата за транспарентност во врска со информациите за издавачите на хартии од вредност со чии хартии од вредност се тргува на регулирани пазари (Директива за транспарентност на Европската Унија), како и тоа дали примената и обврските од Директивата целосно ги исполнуваат зададените цели. Со цел да се исполнат предвидените норми, заклучоците изведени од анализата на транспарентноста и обелоденувањето на податоците во Европската унија се темелат на перцепцијата на заинтересираните страни, спроведувањето на Директивата за транспарентност и споредбата со трети земји, како и врз резултатите добиени од ревизијата на усогласеноста на финансиските извештаи и ревизијата од правен аспект. Комплетноста на анализата е гаранитрана со вклучување на сите земји членки на Европската унија и соодведна компарација со земјите кои не се членки на ЕУ, а се значајни трговски партнери со развиени пазари на капитал како што се САД, Јапонија, Кина, Индија, Хонг Конг и Швајцарија. Од друга страна, анализата својата интегралност ја покажува со максимална вклученост на сите заинтересирани страни (издавачи на акции, издавачи на должнички или друг вид на хартии од вредност, институционални инвеститори, здруженија на мали инвеститори, медиуми, финансиски аналитичари, берзи, регулатори, супервизори, останати асоцијации и др.).Перцепцијата на заинтересираните страни во процесот на спроведување на Директивата за транспарентност на Европската Унија е од особено значење за позиционирање на недостатоците во: законскиот текст, утврдување на правните празнини преку практичната имплементација и фокусирање врз наоѓањето на соодветни решенија кои би ја подобриле моменталната состојба во обласа на транспарентноста и обелоденувањето на податоци од страна на трговските друштва.

Во **четвртиот дел** со наслов „**Компаративна анализа**" е обработена релевантната законска регулативата за транспарентноста и обелоденувањето на податоци на акционерските друштва во Република Хрватска, земја која има сличен правен систем со нашиот. Имајќи предвид дека Република Хрватска е членка на Европската Унија од 2013 година, во трудот се проучува нејзиното искуство во процесот на усогласување со законодавството на Европската унија, како и се издвојуваат позитивните искуства од обелоденувањето на податоци на хрватските акционерски друштва. Во анализата на правната рамка, покрај анализата на регулацијата на ова прашање од аспект на задолжителните акти, односно закони, и актите со необврзувачки, советодавен карактер, односно Кодексот за корпоративно управување, се дава и осврт на институционалниот карактер на ова прашање. Затоа, анализата на овие рамки се проширува и на анализа на институцијата која го регулира и следи задолжителното (финансиското) известување на компаниите кои

котираат на регулиран пазар на тргување со хартии од вредност - Хрватската агенција за надзор на финансиските услуги. Компаративниот дел е заокружен со анализа на фактичката состојба во однос на примената и практикувањето на поставените задолжителни и необврзувачки стандарди од страна на друштвата кои котираат на Загрепската берза.

Најголемо внимание во докторскиот труд е посветено на **петтиот дел** насловен како „**Транспарентноста и обелоденувањето на податоци на акционерските друштва во Република Македонија". Во** овој дел, кандидатката исклучително темелно ја анализира правната рамка однсосно одредбите за известување и обелоденување на податоци за трговските (акционерски) друштва во Република Македонија содржани во Законот за трговските друштва, Законот за хартии од вредност и Законот за преземање на акционерски друштва. Воедно, разработена е и подзаконската регулатива, актите на Македонската берза (меѓу кои се Правилата за котација и Кодексот за корпоративно управување), кои исто така, се од значење за оваа област. Се прави и оценка на практичната состојба на известувањето за работењето и севкупната транспарентност на македонските акционерски друштва коишто котираат на Македонската берза на хартии од вредност. Со цел заокружување на правната рамка, а имајќи предвид дека ревизијата на известувањето е значаен правен механизам во процесот на утврдување на точноста, навременоста, разбирливоста на објавувањето на пропишаните податоци и извештаи, во трудот се анализирани и значењето, улогата и одговорноста на разните органи вклучени во процесот на ревизија (служба за внатрешна ревизија, надворешен независен ревизор, одбор за ревизија, внатрешна контрола).

Во **шестиот дел** со наслов **„Транспарентноста и обелоденувањето на податоци на банките во Република Македонија**" се анализира банкарската регулатива (Законот за банките и подзаконските акти донесени врз негова основа од страна на Советот на Народната банка на Република Македонија), стандардите и транспарентноста и обелоденувањето на податоци на банките во Република Македонија. Кандидатката поаѓа од тезата дека банките се значајни финансиски акционерски друштва (акциите на дел од нив котираат на берза), па оттука нивната транспарентност и обелоденувањето на податоци за нивното севкупно работење е од големо значење и за банкарскиот систем во целина и за пазарот на хартии од вредност. Во трудот се прави и анализа на практиката на банките во врска со почитување на регулативата, се испитува и обработува непосредното (директно) мислење на банките за видот, бројот и содржината на податоците коишто ги објавуваат или треба да ги објавуваат, а се дава и оценка на улогата и влијанието на регулаторот (Народната банка на Република Македонија). Заради целосно заокружување на анализата за степенот на транспарентност на банкарскиот систем на Република Македонија, овој дел од трудот содржи споредбена анализа на видот и обемот на информациите и податоците по поединечни банки, коишто одредени централни банки, особено централните банки од регионот (вклучително и Народната банка на Република Македонија), ги објавуваат на нивните интернет-страници.

Во **заклучоците,** кандидатката укажува на тоа корпоративното известување е еден од механизмите кои го дефинираат доброто корпоративно управување. Денес, транспарентноста зазема ново значење на сеопфатни и проактивни

обелоденувања.Кандидатката ги објаснува бројните придобивки од транспарентноста и обелоденувањето на податоци. Таа истакнува дека важноста на транспарентноста е широко признаена од страна на академиците и регулаторите на пазарот, што резултира со воведување на бројни правила и прописи со кои со тек на време треба да се обезбеди навремено и сигурно откривање на финансиските и нефинансиските информации, создавајќи стандарди кон кои друштвата мора да се придржуваат. Затоа обелоденувањето на податоци се смета за една од најмоќните алатки на регулативата за корпоративниот и финансискиот пазар.

**Прилогот,** кој следува по заклучокот - *Прашалник за транспарентност и обелоденување на податоци на банките*е технички истражувачки инструмент за спроведување на дел од истражувањето и начин на прибирање на потребни податоци за изведување на резултатите во рамки на емпирискиот дел од трудот. Притоа, добиените податоци се обработени во општа (генерална) форма без специфицирање и конкретно наведување на одговорите на поединечната банка, а со цел да не се прави критикување или споредување на транспарентноста помеѓу одделни банки во банкарскиот систем.

На крајот од докторскиот труд се наоѓа пописот на користена домашна и странска литература и консултираните интернет ресурси.

**Предмет на истражувањето**

Предмет на истражување на оваа докторска дисертација е релевантната меѓународна и европска регулатива за обелоденувањеи транспарентност на акционерските друштва, релевантната законска и подзаконска регулатива во Република Македонија, како и искуствата и практиките кои се креирани од примената на овие регулативи од страна на акционерските друштва, особено тие коишто котираат на официјалниот пазар на капитал (берзата). Со цел да бидат предложени корисни и применливи решенија што ќе помогнат во правец на понатамошен развој и зголемување на степенот на транспарентностна акционерските друштва, покрај наведеното, земени се предвид и предностите, недостатоците и предизвиците во системот на екстерно известување. Основната цел на трудот е да го утврдивлијанието на екстерното известување на акционерското друштво во подобрувањето на неговото корпоративното управување.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Темата која се обработува во докторската дисертација и предметот на истражувањето до сега не биле предмет на пошироко проучувањениз потребната специфична призма, како во Република Македонија, така и пошироко.Во Европската Унија сé уште се прават истражувања во одделните земји- членки за тоа далипримената и обврските одДирективата за транспарентност целосно ги исполнуваат зададените цели.Оттука, во дисертацијата се разгледуваат и компаративни норми, принципи и искуства, со цел да се дојде до најадекватни и корисни заклучоци.Треба да се изводи дека во македонската легислатива постои правната недоследност, а тоа е дека најголемиот дел од обврските за акционерските друштва чии акции котираат на берза и друштвата со посебни обврски за известување се пропишани во Законот за хартии од вредност, додека одредбите кои го регулираат свикувањето и одржувањето на собранието на друштвата со посебни обврски за известување се пропишани во Законот за трговските друштва. Земајќи

ја предвид комплексноста и динамичноста на корпоративното управување,фактот дека се работи за релативно нова научна дисциплина, како и фактот дека светската финансиска криза наметна нов пристап во оваа научна област, во овој докторски труд е направен обид да се истражи од правен аспект, теоретски и практично,еден значен и актуелен аспект на корпоративното управување за којшто досега во современата правна наука не е направена доволна сеопфатна анализа.

**Краток опис на применетите методи**

При истражувањето на темата на докторскиот труд користени се вообичаените општи и посебни методи на научно истражување од областите на правото.Методолошкиот приод е позитивистички со цел да се идентификува и оценува секоја појава што е предмет на истражувањето и да се даде научно и практично објаснување. Во голем дел од теоретското истражување е користен *методот на анализана содржина* со цел продлабочено осознавање на поимот, видот на податоци што се објавуваат и утврдување на значењето на транспарентноста и обелоденувањето на податоци.Од друга страна, фактот што материјата за транспарентноста и обелоденувањето на податоци за акционерските друштва се уредува со голем број на меѓународни акти, законски и подзаконски акти, кодекси, стандарди, принципи, правилници и одлуки, ја налага потребата од примена на методите за истражување коишто се специфични за правната наука. Така, од голема вредност за истражувањето е примената на нормативно-правниот и споредбено-правниот метод (компаративен метод). Преку користење на *нормативно-правниот метод* детално да се анализираат правните акти кои ја нормираат оваа проблематика и се согледува правната поставеност и организираност на обелоденувањето на податоци и извештаи. Со користење на *споредбено-правниот метод*се прави споредба на релевантната меѓународна регулатива, регулативата на Европската Унија, актуелното законодавство во Република Хрватска и Република Македонија, се откриваат сличностите и разликите, предностите и недостатоците на актуелните правила и обврски за известување и се воочува колку напорите за унификација на меѓународно (пред сé европско) ниво се успешни. Имајќи предвид дека една од целите на истражувањето е најдобрите меѓународни и европски норми и искуства (Република Македонија е земја кандидат за членство во Европската Унија) да се искористат во македонското законодавство и пратиката користен е и деонтолшкиот метод. *Деонтолошкиот метод* е користен за укажување на потребата од усогласување на правото со реалните односи, проблеми и потреби на акционерските друштва во Република Македонија. Исто така, од посебно значење за истражувањето е непосредното (директно) мислењето на банките за видот, бројот и содржината на податоците што треба да ги објавуваат, па затоа е користен *писмен прашалник (вид на технички истражувачки инструмент),* со јасни и конкретни информативни прашања и неколку суштински прашања.Овде станува збор за *методот на испитување на репрезентативен примерок.* Покрај анализа на резултатите од испитувањето на непосредното (директно) мислење на банките за транспарентноста и обелоденувањето на податоци за нивното работење во трудот се направени и повеќе *табеларни анализи* преку преглед на податоците и извештаите коишто на своите интернет страници ги објавуваат банките во Република Макединија. Заради целосно заокружување на анализата за степенот на транспарентност на

банкарскиот систем на Република Македонија, во трудот е направена и *споредбена анализа (метод на споредба)* на видот и обемот на информациите и податоците по поединечни банки, кои одредени централни банки, особено централните банки од регионот (вклучително и Народната банка на Република Македонија), ги објавуваат на нивните интернет-страници. За статистичките податоци и примерите коишто се презентирани во овој труд е употребен *статистичкиот метод*.Во последниот дел од истражувањето е користен *методот на синтеза* преку кој се оформуваат заклучоци во однос на степенот на усогласеност на националното законодавство со меѓународната и европската регулатива и се предлагаат легислативни измени, мерки и активности за негово подобрување de lege ferenda. Во целиот трудот се содржани и повеќе и разновидни табеларни анализи и слики.

Со овој комплекс на избрана методологија, кандидатката врши преглед и синтеза на постојните знаења, самостојно ги испитува актуелните ситуации и проблеми во областа на истражување, обезбедува научни сознанија за причинско-последичните врски и мошне успешно предлага решенија на научните проблеми поставени како тези во оваа докторска дисертација.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Во трудот, кандидатката длабински се фокусира наповеќе различни аспекти (прашања) коишто се од значење за темата на истражување, како на пример: дали акционерското друштво целосно ги почитува законските обврски за обелоденување на податоци?; дали друштвото треба да има политики и процедури за обелоденување на податоци во писмена форма и доколку има, дали тие им се лесно достапни на учесниците на пазарот и другите заинтересирани страни?; на кој начин системите на внатрешна контрола треба да обезбедат целосно и навремено обелоденување на материјални податоци?; дали целта на членовите на управниот одбор/извршните членови на одборот на директори е обезбедувањето транспарентност на друштвото?; дали сопственичката структура на друштвото е транспарентна?; дали друштвото објавува информации во исто време за сите заинтересирани страни, без селективност и со еднакво третирање на индивидуалните и институционалните акционери.

Кандидатката со право истакнува дека капацитетот за развој на еден ефикасен модел на корпоративно управување е основен услов за развој на напреден правен и економски систем, кој е во состојба да генерира на микро ниво – транспарентно друштво коешто ефикасно создава долгорочна вредност, а на макро ниво – правна и економска сигурност на една земја. Степенот до кој друштвата се придржуваат кон принципите на добро корпоративно управување е сé позначаен фактор за донесување одлуки за инвестирање. Така, се заклучува дека доколку земјите сакаат целосно да го искористат глобалниот пазар на капитал и ако сакаат да привлечат долгорочен „стрплив“ капитал, регулирањето на корпоративното управување треба да биде уверливо, добро разбирливо во другите земји и мора да ги почитува меѓународно признатите принципи.

За да се предложат корисни и применливи решенија кои ќе помогнат во правец на понатамошен развој на корпоративното управување, разгледани се регулативата, искуствата и практиките на релевантните меѓународни институции (Организацијата за економска соработка и развој, Меѓународната организација на комисии на хартии од вредност, Базелскиот комитет за банкарска супервизија). Во

овој контекст посебно се земени предвид и актите и искуството на Европската Унија, како и активностите поврзани со трите главни линии на дејствување на Европската Унија: зголемување на транспарентноста; долгорочна вклученост на акционерите и поддршка на растот и конкурентноста на друштвата.Така, се заклучува дека преку своите директиви и препораки, Европската унија бара секое акционерско друштво коешто котира на берза да обезбеди дека навременото и точното објавување е направено за сите суштински прашања, вклучувајќи ги и финансиската состојба, работењето, сопственоста, управувањето со друштвото, нефинансиските аспекти и др. Посебен предизвик за европските акти е наметнувањето обврска, друштвата да подготват разумна политика на наградување и да ја обелоденат. Кандидатката истакнува дека почитувањето на меѓународната регулатива, вклучително и европската регулатива помага за зголемување на довербата на домашните инвеститори, ги намалува трошоците на капитал, го поддржува функционирањето на финансискиот пазар и придонесува за постабилни извори на финансирање.
Целта која треба да се постигне е да се зголеми инвестирањето ориентирано на долгорочен раст кое ќе доведе до поконкурентни, транспарентни и одржливи акционерски друштва на долг рок.
Дополнителна вредност на трудот му дава компаративната анализа на регулативата на Република Хрватска, кадешто се акцентира континуираната хармонизација и воведувањето на најновите стандарди во националното законодавство, особено преку воведувањето на „примени или објасни“ принципот во хрватското право на трговски друштва.Исто така, компаративно, воведувањето на законска примена на Кодексот за корпоративно управување во Република Хрватска, преку давање на изјава за примена на овој акт, претставува голема новина во правото на трговските друштва.

Во делот за Република Македонија, направена е анализа на повеќе законските решенија од аспект на нивната оптималност. Во трудот, таа укажува на потребата од кодификација на одредени одредби заакционерскиет друштва, поради постоење на дуализам.Кандидатката истакнува дека клучна компонента на условот за објавување е извештаите и податоците да подлежат на ревизија. Покрај интерните ревизорски механизмивоспоставени во организационата структура на акционерското друштвото, односно механизмите на внатрешна контрола наметнати со одредбите на Законот за трговските друштва, кандидатката оди чекор напред во анализата за да се постигне целосна перцепција во однос на надзорот и ревизијата на активностите на македонските акционерски друштва и прави анализа на екстерните ревизорски механизми. За таа цел, во рамките на трудот е анализирана позитивно правната рамка на надворешната ревизија во контекст на нејзината улога во обезбедување на навремено, веродостојно, релевантно и споредливо известување и обелоденување на податоци на акционерските друштва. Правилен е заклучокот дека квалитетот на податоците и информациите на македонските акционерски друштва во голема мера зависи од стандардите по кои тие се составени и објавени. Република Македонија, како и повеќето земји, се залага за примена на *меѓународно признатите стандарди за финасиско известување* кои можат да послужат за зголемена транспарентност и споредливост на финансиските извештаи или другите финансиски известувања помеѓу земјите.Таквите стандарди треба да се развиваат преку отворени, независни и јавни

процеси, вклучувајќи го приватниот сектор и другите заинтересирани страни, како што се професионалните здруженија и независните експерти. Висок квалитет на домашните станадарди може да се постигне ако тие се формулирани во согласност со еден од меѓународно признатите сметководтсвени станадарди. Сосема правилен е заклучокот дека примената на добри, воедначени и транспарентни меѓународни стандарди придонесува за подисперзирана акционерска структура. Воедно, финансиското известување според овие стандарди решава и еден значаен предизвик: еден потенцијален инвеститор од една држава да ги разбере извештаите на друштвото кое има седиште во друга држава, а може и да работи поединечно или заедно со други друштва (и подготвува консолидирани извештаи) во сосема трета држава.

Имајќипредвид дека современиот концепт на банкарско работење создава предизвик за банките за нивен постојан раст и развој, преку постојано зголемување на ефикасноста во извршување на своите активности, зголемување и подобрување на сигурноста и квалитетот на производите и услугите коишто ги нудат на своите клиенти и преку отворена комуникација и почитување на индивидуалноста на клиентите, вниманието коешто кандидатката го посветува на банките е оправдано и потребно. Во таа насока, особено е важна одговорноста која треба да ја поседуваат овие финансиски акционерски друштва за навремено обезбедување разбирливи и веродостојни информации за резултатите од нивното работење, како и за останатите финансиски и нефинансиски прашања, коишто треба да бидат достапни за сите заинтересирани клиенти, акционери, деловни партнери и целокупната јавност. Во контекст на ова, значењето на транспарентноста на банките станува уште поголемо ако се има предвид фактот дека податоците коишто банките ги објавуваат, претставуваат основа за донесување соодветни економски одлуки од страна на домашните и странските инвеститори.

Преку сеопфатна тероретска анализа и анализа на практичните искуства и аспекти на темата на истражувањето, кандидатката формира заклучоци кои ја докажуваат основната (главна) хипотеза на која се заснова истражувањето а тоа е дека: Транспарентноста и обелоденувањето на податоци на акционерското друштво влијае на доброи стабилно корпоративно управување на тоа друштво. Во прилог, на ова се и неколку други резултати:

- обелоденувањето на точни, разбирливи и навремени податоци е од големо значење за градење на одржлива доверба кај постојните акционери на друштвото и за ефикасно остварување на нивните права;
- со транспарентноста и обелоденувањето на податоци на акционерското друштво се подбрува информираноста на акционерите и сите заинтересирани страни, а со тоа се влијае и на превенција од можни спорови;
- транспарентноста и обелоденувањето на податоци на акционерското друштво можат да им помогнат на потенцијалните инвеститори во донесувањето правилни инвестициски одлуки;
- со транспарентноста на акционерските друштва се зголемува ефикасноста на пазарот при што особено се влијае на реална проценка на цената (вредноста) на инвестицијата (акцијата), а со тоа се зголемува и интересот за вложување на капитал;

- транспарентноста на акционерските друштва придонесува пазарот на хартии од вредност да стане поконкурентен и ја зајакнува улогата на регулаторните и саморегулаторните тела.

За обелоденувањето во управувањето и регулаторните режими дабидат ефикасни, регулаторните и бизнис-лидерите мора да ја разберат важноста на обелоденувањето - вредноста на јавниот пристап до ревидираните финансиски извештаи - и улогите и одговорностите на сите учесници во синџирот на финансиско известување. Земјите и бизнисот мора да имаат капацитет да се усогласат. Ова бара образование, обука, искуство и постигнување на критична маса на побарувачката за соодветни вештини.

Кандидатката утврдува дека повеќето од важечките директиви на Европската Унија се успешно инкорпорирани вомакедонското национално компаниско право. Сепак,тековната македонска легислативна практика покажува дека некритички се преземаат дел од измените на постојните или од новите директиви за компаниско право на Европската Унија, без, притоа, да се земат предвид конзистентноста и заокруженоста на постојниот систем на компаниско право. Опасноста од ваквиот пристап е што се јавуваат различни решенија за иста материја во различни закони, а без, притоа, да се знае кој акт има карактер на *lex generalis*, а кој на *lex specialis*, што секако се одразува врз практичната примена на законите од една, а и врз прогласувањето на (не)надлежност на надлежните судски и државни органи кога ќе треба да одлучат по одредено спорно прашање, од друга страна.

Најголем дел од македонските акционерски друштва подготвуваат и објавуваат само финансиски известувања. Но, за да се зголеми нивната транспарентност, кандидатката препорачува тие да објавуваат и нефинансиски податоци и информации (на пр. податоците за политиките на друштвото, ризиците, разновидноста во одборот на директори, аспектите на животната средина, социјалните аспекти и аспектите поврзани со вработените, почитување на човековите права, прашањата за борба со корупција и друго). Правен основ за ваквата обврска, според неа може да се креира во Законот за трговските друштва (за акционерските друштва кои не котираат на берза). Таа предлага во Законот покрај пропишаното, да има одредба која ќе упатува на примена на кодексот за корпоративно уптавување на друштвото (кој е интерен акт на друштвото), во кој ќе има посебен дел кој детално ќе ги предвиди сите финансиски и нефинансиски податоци и информации кои друштвото треба да ги објавува, како и структурата, динамиката, роковите за известување и други значајни правила за ова прашање. Таа смета дека со тоа што акционерските друштва доброволно ќе обелоденуваат повеќе информации од оние коишто императивно се бараат со закон, ќе стекнат доверба и ќе покажат поголема посветеност и грижа кон инвеститорите и другите заинтересирани страни, а ова ќе влијае на зголемување на цената на акциите, како ина добро и стабилно корпоративно управување на друштвото.

Кандидатката правилно смета дека повисоко ниво на транспарентност и исполнување на обврските за известување и обелоденување на податоци за работењето на македонските акционерски друштва чии акции се нудат на јавноста, или котираат на берза или се со посебни обврски за известување, може да се постигне, ако оваа материја биде концентрирана во еден законски акт. Така, во целост и систематизирано би се уредиле барањата во врска со обелоденувањето на периодичните и тековните информации за акционерските друштва, сé со цел да се

осигура довербата на инвеститорите и стабилноста на пазарот преку создавање на потребните услови за заштита на инвеститорите и за развој на транспарентен, фер и ефикасен пазар на капитал.

Затоа, голем научен придонес има тоа што кандидатката предлага во правната рамка на Република Македонија да се донесе закон за обврски за транспарентност на издавачите (или закон за проспекти за хартии од вредност и обврски за транспарентност на издавачите) којшто ќе биде *lex specialis* закон во областа на транспарентноста и обелоденувањето на податоци и извештаи на акционерските друштва чии акции се нудат на јавноста или веќе котираат на берза или се со посебни обврски за известување.Одредбите од овој закон, според неа треба да бидат усогласени соодредбите од Директивата 2004/109/ЕУ за хармонизација на барањата за транспарентност во врска со информациите за издавачите на хартии од вредност со чии хартии од вредност се тргува на регулирани пазари („Директива за транспарентност на Европската Унија") и сите нејзини измени/дополнувања. Исто така, таа укажува дека одредбите од Законот за трговски друштва и Законот за општата управна постапка би се применувале дополнително и супсидиарно на овој закон во однос на оние прашања кои не се регулирани со овој закон.

Во трудот, кандидатката оригинално, номотехнички правилно структурино и содржински формално правно успешно презентирано,дава предлог - структура и содржина наодредбите од новиот Закон за обврски за транспарентност на издавачите.

Покрај нов закон во правната рамка на Република Македонија, кандидатката предлага акционерските друштва да применуваат интегриран пристап кон финансиското известување (анг. Integrated reporting) за покривање на повеќе области отколку едноставно сметководствени и ревизорски стандарди.Како што европските друштва сѐ повеќе го прифаќаат новиот *интегриран модел за известување*, така и македонските акционерски друштва треба да го прифатат интегрираното известување кое со тек на време ќе стане норма на корпоративното известување. Интегрираното известување има за цел зголемување на отчетноста и грижата за широката база на фактори на капитал (финансиски, произведни, интелектуални, човечки, општествени, и природни), како и да се промовира разбирањето на нивните меѓузависности. Според неа, значајно е македонските акционерски друштва да го прифатат интегрираното известување бидејќи овој модел е од корист за сите заинтересирани страни, загрижени за способноста на друштвото да создаде вредност со текот на времето, вклучувајќи ги акционерите, извршните директори, раководните лица, вработените, клиентите, добавувачите, деловните партнери, локалната заедница, законодавците, регулаторите и креаторите на политика.Тоа нуди подобар увид во предностите и слабостите на друштвото и обезбедува подобрување на дијалогот со сите заинтересирани страни. Други предности кои ги наведува се дека интегрираното известување, од аспект напостојните и потенцијалните инвеститори има за цел подобрување на квалитетот на информации кои им се достапни за да направат поефикасна и продуктивна распределбата на капиталот. Од аспект на друштвото, интегрираното размислување води кон донесување на интегрирани одлуки и акции, во кои се разгледува создавање на вредност во тек, на среден и на долг рок, што овозможува континуирано одржување на растот и стабилност на друштвото. Доколу ова се

постигне, ќе се зголеми транспарентноста на друштвото, а со тоа ќе се создаде и промовира стабилно и успешно корпоративно управување.

Транспарентноста не може да доведе до итен успех, но недостатокот на транспарентност сигурно може да доведе до брз неуспех. Затоа, на крајот се истакнува дека зголемувањето на транспарентноста ќе биде од клучно значење за идниот успех на корпоративното управување.

**Оцена на трудот**

Докторскиот труд на кандидатката м-р Милена Најдова, со наслов ,,Правни аспекти на екстерното известување на акционерските друштва", претставува самостојно истражување во научното подрачје на општествените науки, научно поле: правни науки, научна област: трговско право, научна дисциплина: корпоративно управување. Изработката на темата на оваа докторска дисертација дава голем научен и апликативен придонес кон истражувањето на еден значен и актуелен аспект на корпоративното управување за којшто досега во современата правна наука не е направена доволна сеопфатна анализа. Истражувањето, истовремено може да послужи и за понатамошно подобрување на слабостите и недостатоците кои постојат и се појавуваат во трансапрентноста и обелоденувањето на податоци на акционерските друштва како круцијален сегмент од системот на корпоративно управување на акционерските друштва. Трудот несомнено дава значаен научен придонес во домашната деловно правна литература, има прагматична вредност и ќе претставува солидна основа за натамошни истражувања во областа на копоративното управување, не само на кандидатката, туку и на сите други кои во иднина ќе се посветат на оваа област.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Милена Најдова, со наслов ,,Правни аспекти на екстерното известување на акционерските друштва", според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основнитеуслови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила(како прв автор,во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор)следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. „Транспарентноста и обелоденувањето на податоци на акционерските друштва во Република Македонија" („Transparency and disclosure of joint stock companies in the Republic of Macedonia"), Меѓународно списание за општествени науки „Визионе" бр.27,2017 (International magazine for social sciences „VIZIONE", No. 27/2017), The Association of Intelectuals „Democratic Club" Skopje (достапно на англиски, албански и македонски јазик), (Print ISSN: 1409-8962, Electronic ISSN: 1857-9221);
2.„Новите измени на Законот за банките - предизвик за поефикасно корпоративно управување", Списание за научни трудови „Меѓународен дијалог: Исток-Запад" (ПРАВО И ПОЛИТИКОЛОГИЈА), година IV, број 2, април 2017, (зборник на трудови од 8та меѓународна научна конференција за право), Меѓународен центар за славјанска просвета - Свети Николе (ISSN (принт) 1857-9299, ISSN (онлајн) 1857-9302);
3.„Принципите на Организацијата за економска соработка и развој - основа за подобро корпоративно управување", Списание за научни трудови „Меѓународен

дијалог: Исток-Запад“ (ПРАВО И ПОЛИТИКОЛОГИЈА), година V, број 2, април 2018, (зборник на трудови од 9та меѓународна научна конференција за право), Меѓународен центар за славјанска просвета - Свети Николе;(ISSN (принт) 1857-9299, ISSN (онлајн) 1857-9302).

**Заклучок и предлог**

Главни научни придонеси на кандидатката се: придонес во изучувањето на значењето и улогата на транспарентноста и обелоденувањето на податоци на акционерските друштва, преку теоретска и применета анализа. Покрај предлог-структура и содржина на нов *lex specialis* закон во областа на транспарентноста и обелоденувањето на податоци и извештаи на акционерските друштва чии акции се нудат на јавноста или веќе котираат на берза или се со посебни обврски за известување, кандидатката укажува и на потребата од преземање разновидни мерки за: актуализација на проблемите поврзани со транспарентноста и обелоденувањето на податоци;едукација на акционерските друштва и сите заинтерсеирани страни, особено во делот на користење на еден нов и меѓународно прифатен модел на известување – интегрираното известување; водење на отворени, независни и јавни процеси за креирање на стандарди за финасиско известување и ревизија на известувањето. Воедно, од големо значење е и тоа што се даваат насоки и заклучоци за правилна примена на постојната и идната регулатива од страна на акционерските друштва, со што може да се влијае и на подобрување на правниот амбиент и економската состојба, како и остварување на бројни придобивки за акционерските друштва и сите заинтересирани страни (stakeholders).

Подрачјето на примена е: научно подрачје - општествени науки (пред се, правни науки и економски науки), како и апликативна примена од страна на акционерските друштва, регулатори, берза, инвеститори, акционери и други заинтересирани страни.Потребни се интервенции во делот на позитивно- правната домашна и меѓународна легеслатива, а ограничувањата можат да произлезат од непостоење на политичка волја на законодавецот или, воопшто, на јавните власти за вакви интервенции.

Можните понатамошни истражувања се: вршење продлабочена анализа на компаративните законски решенија по одделна земја во Европската Унија; следење и анализа на сите идни промени на регулативата и практиката релевантните меѓународни институции, во овој дел. Доколку во Република Македонија се донесе нов закон во областа на транспарентноста и обелоденувањето на податоци и извештаи на акционерските друштва, истражувањето може понатаму да се прошири на анализа на спроведување на одредбите на овој закон и подзаконските акти донесени врз негова основа,во пракса; испитување на степенот на транспарентност на акционерските друштва по донесувањето на законот, нивните нови и/или променети интерни актиза екстерно известување, оценка на нивното корпоративното управување, како и нивна едукација;зајакнување на улогата на регулаторите, берзата, инвеститорите, акционерите и други заинтересирани страни.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „ЈустинијанПрви“да ја прифати позитивната оценка и да

закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Милена Најдова со наслов ,,Правни аспекти на екстерното известување на акционерските друштва“.

**КОМИСИЈА:**

**1. Проф. д-р Димитар Гелев, претседател, с.р.**

**--------------------------------------------------------------**

**2. Проф. д-р Горан Коевски, ментор, с.р.**

**--------------------------------------------------------------**

**3. Проф. д-р Александар Стојков, член, с.р**

**--------------------------------------------------------------**

**4. Проф. д-р Дарко Спасевски, член, с.р**

**--------------------------------------------------------------**

**5. Проф. д-р Борка Тушевска–Гавриловиќ, член, с.р.**

**--------------------------------------------------------------**

# РЕЦЕНЗИЈА
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ХОКИНГОВО ЗРАЧЕЊЕ ОД ЦРНИТЕ ДУПКИ КАКО КВАНТНО ТУНЕЛИРАЊЕ“ ОД М-Р КИМЕТ ЈУСУФИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 29.11.2018 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Кимет Јусуфи со наслов „Хокингово зрачење од црните дупки како квантно тунелирање“, во состав: д-р Олга Галбова, редовен професор на ПМФ (претседател), д-р Гордана Апостоловска, редовен професор на ПМФ (ментор), д-р Наим Махмуди редовен професор на ПМФ на Универзитетот во Тетово (член), д-р Ирина Петреска вонреден професор на ПМФ (член) и д-р Александар Ѓурчиновски вонреден професор на ПМФ (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Кимет Јусуфи, со наслов „Хокингово зрачење од црните дупки како квантно тунелирање“, содржи 123 страници компјутерски обработен текст во фонт Calibri, со 1,0 проред и големина на букви 12, со 91 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии и книги.

Трудот е структуриран во 9 глави. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. На крајот од докторската дисертација има авторезиме на македонски и на англиски јазик.

Во **воведот** на трудот, кој истовремено ја претставува и **првата глава,** изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето.

Темата на трудот го третира едно од најважните откритија на познатиот теориски физичар и космолог Стивен Хокинг, дека црните дупки, како резултат на квантните ефекти блиску хоризонтот на настани, би требало да емитуваат квантувано зрачење. Црните дупки се едни од најфасцинантните објекти во вселената кои биле предвидени од Ајнштајновата теорија на релативност, а денес за нивното постоење постојат бројни индиректни астрономски докази. Во рамките на класичната теорија на релативноста, присуството на црните дупки се манифестира со низа ефекти, како што се: дефлексија на светлината/честичките, дилатација на времето во силни гравитациони полиња, генерирање на гравитациони бранови и многу други ефекти. Сепак, како основна карактеристика на хоризонтот на настани е дека од внатрешноста на црните дупки ништо не може да излезе.

Во 1974 година, Стивен Хокинг откри дека црните дупки емитуваат квантувано зрачење, кое подоцна во негова чест е наречено Хокингово зрачење. Според квантната теорија на поле, во простор-времето исполнет со различни физички полиња, поради Хајзенберговиот принцип на неопределеност, постојат квантни флуктуации. Овие флуктуации може да се интерпретираат како креација и анихилација на честички кои, поради многу краткото време на постоење, се нарекуваат виртуелни честички. Ако се претпостави дека еден таков процес се случува во близина на црната дупка, тогаш, поради присуството на хоризонтот на настани, постои одредена веројатност да се

избегне анхилацијата, т.е. една од честичките да биде „заробена“ од гравитационото поле на црната дупка, а другата честичка да тунелира и да избега од хоризонтот на настани, при што ќе биде детектирана како реална честичка на некое големо растојание од црната дупка. Далечен набљудувач би констатирал намалување на масата на црната дупка поради негативната енергија на честичката која е заробена од црната дупка.

**Втората глава** од докторската дисертација е насловена **Општа теорија на релативноста**. Во Општата теорија на релативноста (ОТР) важи принципот на коваријантност, според кој кога нема гравитација, законите на ОТР преминуваат во закони на Специјалната теорија на релативноста во просторот на Минковски. Во оваа глава се претставени основните концепти во Ајнштајновата теорија на релативноста, како што се принципот на еквиваленција и равенките на гравитационо поле. Овие концепти ќе бидат користени во текот на целата докторска дисертација. Дополнително, за полесно следење на понатамошните изведувања дадени се математички формулации за варијација на: метричкиот тензор, Ричиевиот тензор и Кристофеловиот симбол.

**Третата глава** има наслов **Црни дупки** и во неа се изложени основните концепти во врска со црните дупки. При тоа, накратко се дадени најпознатите решенија за црните дупки, како, на пример, статична и неутрална црна дупка, наелектризирана црна дупка и ротирачка (и налектризирана) црна дупка. Објаснети се и некои од поинтересните физички процеси, како што се: суперадијација, ефект на Ленс-Тиринг и термодинамика на црни дупки.

Во оваа глава се опишани и неколку поважни експериментални докази во врска со црните дупки. Меѓу нив, еден од најинтересните несомнено е неодамнешната детекција на гравитационите бранови од страна на LIGO (Laser Interferometer Gravitational-Wave Observatory). По аналогија со наелектризирана честичка која забрзано се движи и генерира електромагнетни бранови, би требало и тело со голема маса, или систем од два дела, кои забрзано се движат, да генерираат гравитациони бранови кои се движат со брзина на светлината. Според астрофизичарите гравитационите бранови можат да се генерираат при судир на две црни дупки, неутронски ѕвезди, или пак црна дупка со неутронска ѕвезда. Детекцијата на гравитационите бранови би можела да овозможи пресметување на масата на црни дупки како и на големината на потрошената енергија. За откритието на гравитационите бранови, тројца физичари, Кип Торн, Рајнер Вајс и Бери Бериш, добија Нобелова награда за физика во 2017 година. Се смета дека гравитационите бранови во иднина би овозможиле тестирање на многу физички теории.

**Четвртата глава** има наслов **Тополошки дефекти** и во неа се анализирани тополошките дефекти, како што се глобалниот монопол и космичката струна. Меѓу другото, истакнати се некои познати метрики со кои се опишува систем од црна дупка и глобален монопол и црна дупка и космичка струна. За глобалниот монопол, теоретичарите сметаат дека е создаден во раните мигови по Големата експлозија и дека е можно да содржи „магнетен полнеж“, но поради периодот на инфлација на вселената, ваквите објекти ни се недостапни. Космичките струни се хипотетички еднодимензионални објекти (тополошки дефекти) кои се формирале во раните мигови по настанокот на вселената при фазата на „разрушување на симетријата“. Разгледани се случаи на неутрална црна дупка со космичка струна, ротирачка црна дупка со космичка струна и забрзана црна дупка. Присуството на тополошките дефекти доведува до промена на глобалната топологија на простор-времето, кое доведува до интересни ефекти, како, на пример, дефлексија на светлината и промена на енергијата на квантните системи.

**Петтата глава** е насловена **Хокингово зрачење** и во неа се дадени основните познавања во врска со процесот на евапорација на црната дупка кое опфаќа подетална анализа на квантна теорија на поле во закривен простор-време, ефектот на Унрух, и на крај проблемот на квантната

информација. Во 1975 година, Унрух (Unruh, W. G.) и Дејвис (Davies, P. C. W.) покажаа дека набљудувач кој забрзано се движи во простор-времето на Минковски во средина на вакуум ќе детектира флукс на честички и ќе измери температура која е правопропорционална со рамномерното забрзување на самиот набљудувач. Проблемот на квантно тунелирање на векторски масивни честички (векторски бозони) е разгледан во простор-временска метрика од забрзана црна дупка. Решавањето за движење во забрзана црна дупка е сведен на проблем на движење на забрзан набљудувач во Риндлеров простор. Хокинговата радијација за случај на забрзан референтен систем претставува радијација на Унрух, што следува од еквивалентноста на забрзувањето и гравитацијата. Според квантната теорија на поле во закривен простор, набљудувач, којшто забрзано се движи во просторот на Минковски треба да детектира честички. Локално простор-времето во близината на црната дупка е рамен и набљудувачот блиску црната дупка ќе детектира флукс на Хокингово зрачење. кое е покажано дека е поврзано со температурата на Унрух. Всушност, со тоа се покажува дека температурата на црната дупка, освен од стандардните физички величини, како што се масата и полнежот, зависи и од забрзувањето на системот во кој таа се мери.

Ефектот на Унрух има големо влијание врз разбирањето на вистинската релација помеѓу математичкиот формализам и можните мерливи физички појави во присуство на гравитациски полиња, од кои специјален случај се оние во близина на црните дупки.

**Шестата глава** со наслов **Хокингово зрачење како квантно тунелирање** е посветена на процесот познат како квантно тунелирање и неговата примена во контекст на Хокинговото зрачење од црните дупки. Според квантната теорија на поле, вакуумот е активен со квантни флуктуаци кои се интерпретираат и како честички и античестички кои се анхилираат за многу кратко време. Но, во близина на црната дупка, можен е процес при кој една од честичките може да биде заробена од црната дупка, а другата да тунелира надвор од хоризонтот на настани и да се интерпретира како Хокингово зрачење. Во оваа глава е испитано тунелирање на честички од неутрална и статична црна дупка со помош на методот на Парик-Вилчек (Parikh-Wilczek), како и со методот на Хамилтон-Јакоби. Од посебен интерес за докторската дисертација е ефектот на тополошките дефекти врз Хокинговата температура за скаларни и Диракови честички.

**Седмата глава** со наслов **Тунелирање на бозони од црни дупки** го разгледува проблемот на тунелирање на честички со спин 1 и спин 0, познати како векторски бозони, односно скаларни честички. Во оваа глава е разгледано тунелирање во присуство на тополошки дефекти и тунелирање од 5 - димензионални црни дупки. За таа цел се користи WKB - апроксимација и се користи методот на Хамилтон-Јакоби за решавање на равенката на Прока. Освен во статични и стационарни метрики, Хокинговото зрачење се покажува дека е присутно и во динамички метрики, т.е. метрики каде радијалната координата зависи од времето. Еден таков проблем е испитан во контекст на космолошките модели, при што е разгледано тунелирање во метрика на Фридман-Робертсон-Волкер (Friedman-Robertson-Walker) или FRW метрика.

**Осмата глава** е насловена **Тунелирање на скаларни честички, фермиони и векторски бозони, со ефекти на GUP**. На почетокот во оваа глава е разгледано тунелирање на скаларни честички од акустична црна дупка, при што е искористен фактот дека, гледано математички, движењето на честичките во геометрија на простор-времето е речиси аналогно со проблемот на движењето на звукот во аналог системите каде се користи флуид. Карактеристично за акустичните или оптичките црни дупки е присуството на соничниот хоризонт. Понатаму во оваа глава се разгледува тунелирањето на скаларни честички, Диракови честички, како и векторски бозони, со ефекти на генерализиран принцип на неопределеност или накратко GUP. При тоа е испитано Хокинговото зрачење од акустични системи, тунелирање од наелектризирана црна дупка, како и црна дупка во теорија на 5 димензионални мембрани. Ефектот на GUP доведува до модификација на равенките на поле, како, на пример, равенката на Клајн-Гордон, равенката на

Дирак, како и равенката на Прока. За решавање на равенките на поле е користен методот на Хамилтон-Јакоби.

**Деветтата глава** има наслов **Хокингово зрачење од црно/бела дупка** и разгледува тунелирање на бозони од црна дупка/бела дупка. Изложени се основните мотиви за разгледување на оваа проблематика, како и проблемот на квантен премин од црна во бела дупка, како можно решение на проблемот на сингуларитетот во Ајнштајновата теорија. Истражен е процес при кој гравитациониот колапс не формира сингуларитет, туку поради квантната природа на простор-времето доаѓа до квантно отскокнување во даден момент на времето, како резултат на што настанува тунелирање од една црна дупка во бела дупка. Белата дупка е решение на Ајнштајновите равенки на поле и таа се карактеризира со инверзија на временската координата, од белата дупка се излегува, но во неа ништо не може да влезе однадвор, па дури ни светлината. Додека кај црната дупка ентропијата се зголемува со текот на времето, при формирањето на белата дупка доаѓа до исфрлување на внатрешната материјата, а тоа доведува до намалување на ентропијата на системот. Според некои автори, силниот интензитет на γ-зрачење од суперновите може да биде резултат на постоење на бели дупки.

Во заклучните согледувања, претставени се најважните резултати на дисертацијата, при што се изложени и некои отворени проблематики интересни за истражувања во иднина.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Докторската дисертација претставува истражување од областите на Општата теорија на релативноста и на квантната космологија, а поврзано со најфасцинантните објекти во вселената – црните дупки. Предмет на истражување е Хокинговото зрачење како квантно тунелиње од црни дупки, и тоа за скаларни честички, Диракови честички и векторски бозони. Во почетокот се испитува ефектот на тополошките дефекти врз Хокинговата температура. Понатаму, за прв пат се испитува тунелирање на векторски бозони од 5 -димензионални метрики, како и ефектот на GUP врз Хокинговата температура. На крај, се испитува квантно тунелирање од црна/бела дупка.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Постоењето на објекти чии гравитациски полиња се толку јаки што дури ниту светлината не може да ги напушти првпат се разгледувани уште во 18 век од страна на Џон Мичел и Пјер Симон Лаплас. Во 1915 година, Алберт Ајнштајн во неговата Општа теорија на релативност покажа дека гравитацијата дејствува врз движењето на светлината и дека масата може да го деформира простор-времето формирајќи сингуларитет. Неколку месеци подоцна, Карл Шварцшилд пронајде решение на Ајнштајновите равенки на поле кое опишува гравитационо поле на точкаста маса и сферна маса. Во 1958 година од страна на Дејвид Финкелштајн црната дупка беше интерпретирана како област во просторот, којшто се наоѓа под т.н. Шварцшилдов радиус од која ништо не може да побегне. Роџер Пенроуз и Џон Арчибалд Вилер докажаа постоење на хориозонтот на настани кај црните дупки. Наједноставната статичка црна дупка има маса, нема електричен полнеж и аголен момент и беше наречена Шварцшилдова црна дупка. Во 1963 година, Рој Кер најде точно решение за ротирачка црна дупка, а во 1965 година Езра Њуман најде решение за оскино симетрична ротирачка црна дупка која поседува електричен полнеж.

Во 1931 година, С. Чандрасекар врз основа на Специјалната теорија на релативност определи дека неротирачки објект од електронски дегенериран гас со маса над 1,4 соларни маси (т.н. Чандрасекарова граница) нема стабилно решение. Во случај ако масата на ѕвездениот остаток надминува 3 до 4 соларни маси (т.н. Толман-Опенхајмер-Волков граница), дури ни притисокот на дегенерираниот неутронски гас нема да биде во состојба да го спречи гравитацискиот колапс. Црните

дупки, како и неутронските ѕвезди, долго време беа само теориски куриозитет се до откривањето на пулсарите во 1967 година за кои наскоро се покажа дека претставуваат ротирачки неутронски ѕвезди.

Денес за постоењето на црните дупки постојат повеќе индиректни астрономски набљудувачки докази. Прв објект за кое е прифатено дека претставува црна дупка, како еволутивен остаток на масивна ѕвезда, е силниот извор на рендгенско зрачење Cygnus X-1, откриен во 1964 година. Неговата маса е проценета на 14,8 соларни маси, а радиусот на 44 km. Денес во нашата галаксија се познати околу 20 ѕвездени црни дупки, иако се проценува дека нивниот број би можел да биде неколку стотици милиони.

Покрај овој тип на црни дупки, се смета со сигурност дека во центрите на најголемиот број на галаксии постојат и така наречените супермасивни црни дупки. На оддалеченост од 26000 светлински години од нашиот Сончев систем, во центарот на нашата галаксија - Млечниот пат, во областа означена како Стрелец A* (Sagittarius A*) се наоѓа светол компактен објект кој претставува моќен извор на радио зрачење. Врз основа на движењето на ѕвездата S2, оддалечена 120 AU од централниот објект, проценето е дека масата на објектот е околу 4,1 милион соларни маси и дека има дијаметар од 44 милиони km, што би одговарало само на објект кој е познат како супермасивна црна дупка.

Во февруари 2016 година, LIGO (Laser Interferometer Gravitational-Wave Observatory) објави прво детектирање на гравитациони бранови настанати како судир на две црни дупки, едната со големина од околу 36 соларни маси, а другата со големина од 29 соларни маси. Гравитационите бранови беа првпат предложени од Анри Поанкаре во 1905 година, а потоа во рамки на ОТР Ајнштајн прв најде физичка интерпретација со решавање на равенките на поле. Гравитационите бранови се осцилации на самиот простор-време, се карактеризираат со многу мала амплитуда и се движат со брзина на светлината. Пристигнатиот сигнал доведе до пресметување на оддалеченост на двете црни дупки пред судирот на само 350 километри или околу 4 пати повеќе од Шварцшилдовиот радиус кој кореспондираше на соодветните маси на црните дупки. До декември 2018 година, регистрирани се гравитациони бранови од десет судири на црни дупки и еден од судир на неутронски ѕвезди. Во наредниот период се очекува гравитационите бранови да се користат за детектиција на други егзотични објекти, како на пример космичките струни. Се шпекулира дека гравитационите бранови треба се ослободени во раните мигови при Големата Експлозија при процесот на инфлација.

Интернационалното поврзување на телескопи и креирање на виртуелен телескоп EHT (Event Horizon Telescope) со големина на нашата планета има за цел директно набљудување на околината на црната дупка со аголна резолуција споредлива со хоризонтот на настани. Со тоа би се отворил нов прозорец за изучување на ОТР при јаки гравитациски полиња, процесите на акреција и исфрлување на материја и зрачење близу границите на црната дупка, да се потврди постоењето на хоризонтот на настани и да се изучи егзотичната физика на црните дупки.

Почетоците на потесното подрачје на истражување на кандидатот датираат од 1975 година кога Стивен Хокинг докажува со помош на квантна теорија на поле дека црните дупки емитуваат честички. Честиките се интерпретираат како дисторзија на физичките полиња со помош на квантување на полињата. Во таа смисла, физичките полиња на некој начин се пофундаментални од честичките. Според методот на тунелирање, откриен од Парик и Вилчак во 2000 година, процесот на Хокингово зрачење има честичен карактер. Меѓутоа, во 2001 година, Падманабхан и соработниците (Padmanabhan, Srinivasan and и Shankaranarayanan), докажаа дека Хокинговата температура може да се пресмета со помош на методот на Хамилтон-Јакоби со решавање на равенката на Клајн-Гордон. Во овој метод, физичките полиња се пофундаментални, имајќи го предвид фактот дека се решаваат равенките на поле. Во 2008 година, од Кернер и Ман, за прв пат

беше анализирано тунелирање на фермиони од црна дупка. Имено, тие користеа метод на Хамилтон-Јакоби, и равенка на Дирак во закривен простор-време. Во 2014 година, Круглов (Kruglov), за прв пат докажа дека методот на Хамилтон-Јакоби може да се прошири за анализирање на тунелирање на векторски бозони со решавање на равенката на поле. Овие откритија играа важна улога за испитување на Хокинговото зрачење од многу други видови на црни дупки, како ротирачки црни дупки, динамични метрики и така натаму. Интересно е дека Круглов користел специјален случај т.е. 1+1 и 1+2 димензионални метрики, од причина што решавањето на равенката на Прока во 4 димензии е доста комплицирано.

**Краток опис на применетите методи**

За своето истражување, кандидатот се користи со двете најфундаментални теории во физиката: Општата теорија на релативноста (ОТР) на Алберт Ајнштајн и квантната механика. ОТР ја опишува гравитацијата со помош на геометријата на простор-времето која зависи од присуството на материјата. Оваа теорија ги опишува речиси сите астрофизички процеси, од процесот на формирање и еволуција на ѕвездите, дефлексија на светлината или честичките во гравитационо поле, гравитациониот колапс и формирањето на црните дупки, како и еволуцијата на Вселената и многу други процеси. Од друга страна, квантната механика ги опишува процесите на ниво на елементарни честички, атоми, молекули.

Во контекст на методот на тунелирање, освен методот на Парик–Вилчак–Краус, Хокинговото зрачење ќе се испитува и преку методот на Хамилтон-Јакоби. За разлика од стандардниот метод во квантна теорија на поле каде што обично се испитува зрачење на честички без маса, т.е. фотони, со методот на квантно тунелирање може да се испита тунелирање на честички со маса и на честички со различен спин. Во методот на Хамилтон-Јакоби, се користи изразот за дејството на честичката и равенката на Хамилтон-Јакоби. За решавање на соодветните равенки на поле, односно за скаларно поле, спинорско поле и векторско поле, се користи методот на WKB - апроксимација. Според овој метод, дејството се претпоставува во облик на степенски ред по Планкова константа, така што од равенките на поле во дадена геометрија околу црната дупка добиваме систем од диференцијални равенки. Со нивно решавање се добива радијалното решение на брановата функција, коешто се користи во определување на веројатноста на тунелирање, од кадешто се пресметува Хокинговата температура.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Со решавање на равенката на Клајн-Гордон, равенката на Дирак, како и равенката на Прока во присуство на црна дупка со глобален монопол и космичка струна, покажано е дека Хокинговата температура не зависи од масата на честичката. Понатаму, покажано е дека Хокинговата температура не зависи од присуството на глобалниот монопол како и присуството на космичката струна, иако површината и ентропијата на црната дупка се модифицираат. Покажано е дека методот на Хамилтон-Јакоби може да се генерализира и за тунелирање на векторски бозони од 5 димензионални црни дупки и тоа: од 5 димензионална ротирачка Маерс-Пери црна дупка со два аголни моменти, и 5 димензионална црна дупка во теоријата на Јанг-Милс-Гаус-Бонет. Притоа, со решавање на равенката на Прока е покажано дека се добиваат 5x матрици, од кадешто со решавање на детерминантата се добиваат радијалните решенија за тунелираните честички. Во овој контекст, демонстрирано е дека Хокинговата температура е инваријантна во однос на координатниот систем кој се користи (сингуларна и несингуларна метрика) и не зависи од масата на честичката која што тунелира, но вредноста на температурата зависи од масата на црната дупка, како и од аголниот момент на ротација на црната дупка.

За ротирачка Маерс-Пери црна дупка, Хокинговата температура е добиена за координатен систем поврзан со набљудувачот, кој мирува на големо растојание од црната дупка, како и за коротирачки систем каде набљудувачот коротира со црната дупка. При тоа се анализира проблемот на Фактор два, кој се јавува при испитувањето на тунелирање од регуларни метрики. Резултатите укажуваат дека Хокинговата температура за векторски бозони има иста вредност како и Хокинговата температура за скаларни и Диракови честички.

Во оваа дисертација е анализиран проблемот на тунелирање на векторски бозони од динамична метрика како што е случајот со метриката на FRW (Фридман-Робертсон-Волкер). Со користење на дефиницијата за векторот на Кодама, покажано е дека набљудувачот во метриката на FRW треба да детектира честички, што е резултат на присуството на привидниот хоризонт на настани. Од друга страна, при испитување на Хокинговата температура, имајќи ги предвид генерализираните релации на неопределеност, или накратко GUP-ефектите, и со решавање на модифицираните равенки на поле, покажано е дека масата на честичката ја модифицира Хокинговата температура. Разгледувајќи тунелирање на скаларни честички (фонони) од ротирачка акустичка црна дупка со ефекти на GUP, и решавајќи ја модифицираната равенка на Клајн-Гордон е пресметана Хокинговата температура.

Понатаму, е анализирано тунелирање на наелектризирана честичка (електричен и магнетен полнеж) со спин 1/2 и со ефекти на GUP. Со решавање на модифицираната равенка на Дирак во простор-времето на наелектризирана црна дупка со глобален монопол покажано е дека Хокинговата температура зависи од масата на Дираковата честичка, како и од GUP параметарот.

Во трудот кандидатот разгледува и тунелирање на векторски бозони од црна дупка со ефекти на GUP и за таа цел ја користи модифицирана равенка на Прока во гравитациона теорија на мембрани каде важна улога игра и космолошката константа. Добиентите резултати укажуваат дека Хокинговата температура зависи од масата на векторскиот бозон, како и од аголниот момент на честичката.

Интересно е што, при специфични услови, во крајната фаза, можно е да дојде до формирање на ремнант структура, т.е. црната дупка да престане да емитува честички. Овој резултат е спротивен на резултатот добиен од Хокинг, каде црната дупка завршува со експлозија и тотално исчезнува. Интересно е што ремнант структурата може да игра важна улога во проблемот на квантната информација. Проблемот е што, таа состојба се карактеризира со енормна ентропија, која е проблематична за таква мала црна дупка. Проблемот на формирање на сингуларитетот не е решен во класичната теорија на релативност, но се верува дека, во теоријата на квантна гравитација, сингуларитетот не треба да биде присутен. Според некои автори, ако простор-времето се третира кантно-механички, тоа доведува до квантен премин од црна во бела дупка, и со тоа може да се избегне формирање на сингуларитетот. Во оваа дисертација, користени се две класични метрики со цел да се испита тунелирањето на честички од црна дупка и бела дупка. Покажано е дека белата дупка треба да емитува честички со Хокингова температура, која нумерички е еднаква со температурата на црната дупка.

## Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Кимет Јусуфи, со наслов „Хокингово зрачење од црните дупки како квантно тунелирање", претставува оригинално научно истражување во областите на Општата теорија на релативноста и на квантната космологија, и тоа во делот на физиката на најфасцинантните и најмистериозни објекти во универзумот – црните дупки. Со оглед на актуелноста на полето на истражување и квалитетот и обемот на презентираните резултати, оваа

докторска дисертација дава значаен научен придонес во теоријата на квантната космологија. Комисијата цени дека кандидатот, со своите резултати и заклучоци, успеал целосно да одговори на предизвиците што ги поставил при дефинирањето на предметот на истражување.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Кимет Јусуфи, со наслов „Хокингово зрачење од црните дупки како квантно тунелирање“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор во 7 списанија и како коавтор во 3 списанија) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. **Jusufi K.**, "Dirac Particles Tunneling from Black Holes with Topological Defects", General Relativity and Gravitation 48, no. 8, 105 (2016) IF (1,618).

[2]. **Jusufi K.**, and Apostolovska G., "Hawking radiation of Dirac monopoles from the global monopole black hole with quantum gravity effects", Astrophysics and Space Science 361, no. 12, 374 (2016) IF (1,622).

[3]. **Jusufi K.** , "Quantum Tunneling of Spin-1 Particles from a 5D Einstein-Yang-Mills-Gauss-Bonnet Black Hole Beyond Semiclassical Approximation", Europhysics Letters 116, no. 6, 60013 (2016) IF (1,957)

[4]. Sakalli I., Ovgun A. and **Jusufi K.**, "GUP Assisted Hawking Radiation of Rotating Acoustic Black Holes", Astrophysics and Space Science 361, no. 10, 330 (2016) IF (1,622)

[5]. Ovgun A. and **Jusuf K.**, "Massive vector particles tunneling from noncommutative charged black holes and their GUP-corrected thermodynamics", European Physics Journal Plus 131, no. 5, 177 (2016) IF (1,753)

[6]. **Jusufi K.**, Ovgun A. and Apostolovska G., "Tunnelling of Massive/Massless Bosons from the Apparent Horizon of FRW Universe", Advances in High Energy Physics 8798657 (2017) IF (2,05)

[7]. **Jusufi K.** and Ovgun A., "Hawking radiation of scalar and vector particles from 5D Myers-Perry black holes", International Journal of Theoretical Physics 56, no. 6, 1725 (2017) IF (0,968)

[8]. Ovgun A. and **Jusuf K.**, "The effect of the GUP on massive vector and scalar particles tunneling from a warped DGP gravity black hole", European Physics Journal Plus, 132, no. 7, 298 (2017) IF (2,24)

[9]. **Jusufi K.**, "Hawking Radiation in the Spacetime of White Holes", General Relativity and Gravitation 50, no. 7, 84 (2018) IF (1,721)

[10]. **Jusufi K.** and Övgün A., "Tunneling of Massive Vector Particles From Rotating Charged Black Strings", Astrophysics and Space Science, 361, 207 (2016) IF (1,622)

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

М-р Кимет Јусуфи со овој докторски труд дава голем научен придонес во научноистражувачката работа од областа на Општата теорија на релативноста и квантната космологија. Трудот ги содржи сите елементи на научен труд со јасно дефинирани цели, методи, резултати, дискусија и заклучоци кои даваат прецизни одговори на поставените цели.

Главните научни придонеси на кандидатот се резултатите од истражувањето на Хокинговото зрачење како квантно тунелирање од црни дупки. Кандидатот покажува дека при квантно тунелирање на скаларни честички, Диракови честички и на векторски бозони од црни дупки, температурата на Хокинговото зрачење не зависи од присуството на тополошките дефекти, ниту од природата на честичките. Во докторскиот труд, кандидатот за прв пат го испитува тунелирањето на векторски бозони од 5 – димензионални метрики и доаѓа до заклучок дека Хокинговата температура е инваријантна во однос на користениот координатен систем и не зависи од масата на честичката, којашто тунелира. Понатаму, покажано е дека вредноста на Хокинговата температура зависи од масата на црната дупка, полнежот на црната дупка, како и од аголниот момент на ротација на црната дупка. Од добиените резултати може да се заклучи дека ефектите на квантната гравитација може да играат важна улога во крајната состојба на една црна дупка или со други зборови, црната дупка може да заврши со таканаречена остаточна структура каде Хокинговата температура е еднаква на нула. Во докторскиот труд м-р Кимет Јусуфи разгледува и квантно тунелирање од црна/бела дупка, проблематика која е важна во контекст на квантната теорија на гравитација, каде е можен процесот на квантен премин од црна во бела дупка. Покажано е дека белата дупка треба да емитува честички со Хокингова температура која нумерички е еднаква со температурата на црната дупка.

Резултатите од оваа докторска дисертација се теориски и може да најдат примена во разрешувањето на низа отворени прашања во квантната космологија. Истражувањата на кандидатот поврзани со добивањето на т.н. ремнант структура во која црната дупка не емитува честички, може да бидат применети во разрешување на проблеми поврзани со квантни информации. Некои од резултатите добиени за белата дупка се интересни од аспект на акустични или аналог системи на гравитација кои би овозможиле испитување и детекција на Хокинговото зрачење во лабораториски услови.

Идните понатамошни истражувања во оваа област што ги планира кандидатот се: 1) добивање врска помеѓу квантната теорија на информации и простор-времето преку проблемот на црната дупка, со цел да се испита дали самото простор-време може да тунелира во друга конфигурација на простор-време пред да биде формирана крајната состојба позната како сингуларитет на црната дупка; 2) теориско истражување на стабилноста на моделите на гравитациските вакуумски ѕвезди или т.н. гравастари. Овие неодамна воведени хипотетички објекти до кои би можеле да колапсираат масивните ѕвезди (до радиуси како на тие на црните дупки), поради тоа што немаат хоризонт на настани и сингуларитет претставуваат алтернатива на црните дупки со кои би се одбегнале низа теориски проблеми; 3) испитување на тунелирање на честички со спин 2 („гравитони“) и честички со спин 3/2 („гравитино“); 4) истражувања поврзани со црвоточините или уште познати како црвји дупки кои се добиваат како решенија на Ајнштајновите равенки на поле. Тие претставуваат хипотетички топологии на простор-времето кои поврзуваат две просторно-временски геометрии од различни делови на универзумот или пак дури и од различни универзуми. Планирано е добивање на решение за црвоточината која би се карактеризирала со дефицит на аголот на дефлексија, со којшто би можело да се објасни ефектот на слабо гравитациско ленсирање, присутен во снимките добиени од вселенските телескопи.

Резултатите од научните истражувања во овој докторски труд се објавени во десет научни списанија со фактор на влијание.

Врз основа на анализата, Рецензентската комисија оценува дека докторската дисертација на кандидатот м-р Кимет Јусуфи, со наслов **Хокингово зрачење од црните дупки како квантно тунелирање,** ги исполнува бараните критериуми и претставува придонес во научноистражувачката работа од областа на квантната космологија.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Кимет Јусуфи** со наслов **Хокингово зрачење од црните дупки како квантно тунелирање.**

КОМИСИЈА

**Д-р Олга Галбова, редовен професор на ПМФ-Скопје (претседател), с.р.**

**Д-р Гордана Апостоловска, редовен професор на ПМФ-Скопје (ментор), с.р.**

**Д-р Наим Махмуди, редовен професор на ПМФ при Универзитетот во Тетово (член), с.р.**

**Д-р Ирина Петреска, вонреден професор на ПМФ - Скопје (член), с.р.**

**Д-р Александар Ѓурчиновски, вонреден професор на ПМФ -Скопје (член), с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПАТОЛОШКА МОРФОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот објавен од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 29.11.2018 година за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област патолошка морфологија и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 0202-2140/2, донесена на 26.12.2018 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Дарко Маринковиќ, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Белград, Р Србија, д-р Владимир Кукољ, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Белград, Р Србија и д-р Игор Улчар, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледување на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област патолошка морфологија, во предвидениот рок се пријави само кандидатот д-р Трпе Ристоски, доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Д-р Трпе Ристоски е роден на 2.4.1971 година во Скопје. Средно образование завршил во Средното ветеринарно училиште „Браќа Миладиновци“ во Скопје, со континуиран одличен успех. Дипломирал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Факултет за ветеринарна медицина во Скопје, на 27.10.1995 година, со просечен успех на студирање 8,40. Магистерските студии ги завршил на Универзитетот во Белград, Факултет за ветеринарна медицина во Белград, на 27.7.1999 година, со одбрана на магистерскиот труд под наслов *Хистохемијска и имунохистохемијска испитивања слузнице желуца свиња са лезијама на езофагеалном делу*. Испитите предвидени според планот и програмата на магистерските студии ги положил со просечен успех 9,33.

Докторирал, исто така, на Универзитетот во Белград, Факултет за ветеринарна медицина, со одбрана на докторската дисертација под наслов *Фенотипске особености лимфоцитно-моноцитног инфилтрата мукозе колона свиња инфицираних вирусом класичне свињске куге* на 19.1.2006 година.

На Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје е вработен како помлад асистент на Катедрата за патолошка морфологија од 3.12.1996 година, а за асистент е избран на 23.5.2000 година.

На 20.7.2006 година е избран во знаењето доцент на Катедрата за патолошка морфологија. Последниот реферат за избор во знаењето доцент е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 899 од 15.6.2006 година.

Во периодот од 1.11.2007 до 18.6.2018 година, д-р Трпе Ристоски бил директор на Институтот за акредитација на Република Македонија. Во истиот период, кандидатот имал склучено договор со Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и редовно ја вршел наставно-образовната, истажувачката и апликативната дејност на Факултетот.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор за доцент до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за ветеринарна медицина во Скопје, кандидатот д-р Трпе Ристоски изведува настава по задолжителниот предмет од прв циклус студии - Патолошка морфологија (Општа патологија и Специјална патологија) и по предметот Онкологија, како изборен предмет. Од учебната 2007/2008 година, д-р Трпе Ристоски изведува теоретска и практична настава по предметот Судско ветеринарство и ветеринарна етика, како доделен предмет. Исто така, почнувајќи од учебната 2018/2019 година во наставната програма на Факултетот за ветеринарна медицина, кандидатот има воведено и нов изборен предмет - Дерматопатологија.

Покрај изведувањето на наставата, д-р Трпе Ристоски активно учествувал и во лабораториските активности на споменатите предмети.

По изборот за доцент, д-р Трпе Ристоски бил член во комисија за оцена или одбрана на седум докторски труда и еден магистерски труд.

Особено се истакнува неговата соработка со домашни и меѓународна институции од областа на ветеринарната медицина, како и учеството на бројни работилници преку кои го усовршувал своето знаење.

Другите активности на кандидатот кои припаѓаат на наставно-образовната дејност, релевантни за изборот, се наведени во Образецот кон Извештајот (Анекс бр. 2 од Правилникот за избор), со датуми и други релевантни податоци.

### Научноистражувачка дејност

Од вработувањето па до денес, д-р Трпе Ристоски има објавено вкупно 73 научни труда, 6 брошури и учествувал во изработка на 2 книги. Исто така, како раководител или член бил вклучен во 12 национални или меѓународни проекти.

Во извештајниот период, д-р Трпе Ристоски има публикувано 50 научни труда. Од нив, 14 труда со оригинални научни резултати објавени се во списание без

импакт-фактор, 5 труда со оригинални научни резултати објавени се во списание со импакт-фактор и има презентирано 31 труд на меѓународни академски собири. Кандидатот има одржано 1 предавање по покана на странски универзитет, 4 секциски предавања на научно-стручни собири и бил рецензент на 14 научно-стручни труда.

По изборот за доцент, д-р Трпе Ристоски бил раководител на еден меѓународен проект, а во 5 меѓународни и 1 национален проект бил член.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Во извештајниот период, д-р Трпе Ристоски особено се истакнува со неговата стручно-апликативна активност, како на национално, а особено на меѓународно поле. Имено, кандидатот е член во повеќе европски организации кои ја поддржуваат научноистражувачката дејност, како што се: FP7 и HORIZON 2020, и има остварено 8 студиски престои во странство.

Исто така, бил претседател или член на повеќе значајни меѓународни собири кои се одржале во земјата или во странство, член е во уредувачки одбор на 4 меѓународни списанија и бил член во повеке комисии од нациналeн интерес.

Д-р Трпе Ристоски секојдневно учествува во алпикативната (лабораториската) дејност на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, преку обдукција на животните, патохистолошка и цитолошка дијагностика, а придонесува и во развивањето и воведувањето на нови хистохемиски и имунохистохемиски методи за дијагностика.

Кандидатот, како лиценциран вештак за областа ветеринарство, има изработено 55 вешти наоди и мислења, а особено е забележителна неговата експертска активност во рамките на инфраструктурата за квалитет, односно акредитација на лабораториите по меѓународниот стандард ИСО 17025.

**Оценка од самоевалуација**

Врз основа на добиените резултати од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, кандидатот д-р Трпе Ристоски добил позитивна оценка од самоевалуацијата (просек 9,65) за наставата по предметите кои ги реализира.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Трпе Ристоски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Трпе Ристоски поседува научни и стручни квалитети. Според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот

„Св. Кирил и Методиј” во Скопје, кандидатот ги исполнува критериумите за избор во звањето вонреден професор во научната област патолошка морфологија.

Според гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Трпе Ристоски да биде избран во звањето вонреден професор во научната област патолошка морфологија.

**Рецензентска комисија**

1. Д-р Дарко Маринковиќ, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Белград, Р Србија с.р.

2. Д-р Владимир Кукољ, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Белград, Р Србија с.р.

3. Д-р Игор Улчар, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје с.р.

# ОБРАЗЕЦ

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Трпе Љубомир Ристоски**

(име, татково име и презиме)

**Институција: Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: патолошка морфологија**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста:<br><br>ОДРЖУВАЊЕ НА НАСТАВА ОД ПРВ ЦИКЛУС | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Патолошка морфологија (2+2), единаесет семестри:<br>2018, 2017/18, 2016/17, 2015/16, 2013/14, 2012/13, 2011/12, 2010/11, 2009/10, 2008/09, 2007/08 | 13,2 |
| 2. | Патолошка морфологија (3+4), осум семестри:<br>2017/18, 2016/17, 2015/16, 2013/14, 2012/13, 2011/12, 2010/11, 2009/10 | 14,4 |
| 3. | Специјална патолошка морфологија (4+3), два семестри:<br>2008/09, 2007/08 | 4,8 |
| 4. | Судско ветеринарство и ветеринарна етика (2+1), девет семестри:<br>2018, 2017/18, 2016/17, 2015/16, 2013/14, 2012/13, 2011/12, 2010/11, 2009/10 | 10,8 |
| 5. | Судско ветеринарство и ветеринарна етика (4+1), два семестри: 2008/09, 2007/08 | 4,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Онкологија (1+1), единаесет семестри:<br>2018, 2017/18, 2016/17, 2015/16, 2013/14, 2012/13, 2011/12, 2010/11, 2009/10, 2008/09, 2007/08 | 6,6 |
| | **НАСТАВА ВО РАБОТИЛНИЦИ (учесник)** | **Поени** |
| 7. | HORIZON 2020, Training course: “The EIC instruments for innovation, Technicalities and success cases for a better assistance in the Bioeconomy sector”, Brussels, 22.11.2018 | 1 |
| 8. | “Neurologic Examination – Let’s Localize the Problem”<br>Ohrid, R. Macedonia, 25.09.2018 | 1 |
| 9. | “Basic Course of Dentistry – Periodontal Disease and Dental Prophylaxis”<br>Ohrid, R. Macedonia, 24.09.2018 | 1 |
| 10. | “Poultry Workshop” Faculty of Veterinary Medicine<br>Univerity of Belgrade, Serbia, 23.05.2018 | 1 |
| 11. | European Commission, Directorate-General for Agriculture and Rural Development, 11th Proggramme Committee “SCAR Workshop”, Brussels, 31.01.2018 | 1 |
| 12. | European Commission, DG RTD, Workshop: "Exploring possibilities for the deployment of Bioeconomy in Central and Eastern European Countries (CEE) – lessons learned from existing initiatives”<br>Bratislava, Slovakia, 28.03.2017 | 1 |
| 13. | BioHorizon, Training course:<br>“Innovation aspects in Horizon 2020”<br>Bratislava, Slovakia, 18-19.10.2016 | 1 |
| 14. | BioHorizon, Training course:<br>“Bioeconomy Stakeholder Workshop”<br>Brussels, Belgium, 26.01.2016 | 1 |
| 15. | TAIEX Workshop on "Certification Bodies for management Systems (ISO/IEC 17021-1 : 2015)", Skopje, Macedonia, 23-24.10.2015 | 1 |
| 16. | BioHorizon, Treining course: “Proposal Preparation for Bioeconomy-related calls in Horizon 2020 (including JTI BBI)”, Rome, Italy, 07-08.10.2015 | 1 |
| 17. | Project IPA-2008, Training on: Training seminar on ISO 15189:2007 Medical laboratories pericular requirements | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | for quality and competence. Skopje, R. Macedonia, 3-4.04.2012 | |
| 18. | “Vets against poisons” workshop on “Toxicological an pathological analysis of presumably poisoned animals”, Faculty of Veterinary Medicine<br><br>Skopje, Macedonia, 24-25.02.2012 | 1 |
| 19. | FP7 Training courses: "Financial management of FP7 projects-rules and best practices", Prague, Czech Republic, 7-8.12.2011 | 1 |
| 20. | Project IPA-2008, Training on: "General requirements for accreditation bodies accrediting conformity assessment bodies, including IAF/ILAC-A5:03/2011 and relevant EA documents: EA-2/15, EA-3/01, EA-3/04, EA-3/09", Skopje, Macedonia, 14-16.09.2011 | 1 |
| 21. | FP7 Training courses: "Dissemination, exploitation and IPR issues", Paris, France, 19.05.2011 | 1 |
| 22. | TAIEX Workshop on "Performance criteria and validation procedures of analytical methods used in controls of foodstuffs", Skopje, Macedonia, 11.05.2011 | 1 |
| 23. | Project IPA-2008, Training on: Conduct of internal audits and management reviews according to ISO/IEC 17011 and ISO/IEC 19011, Skopje, R. Macedonia, 28-30.03.2011 | 1 |
| 24. | Project IPA-2008, Training on: "Interpretation of EU Directives related to notification procedures and interpretation of EA-2/17", Skopje, R. Macedonia, 18.04.2011 | 1 |
| 25. | TAIEX Workshop ”*Roule of accreditation in implementation of Regulation (EC) 765/2008 and communication with national regulators*”, Skopje, Macedonia, 21.06.2010 | 1 |
| 26. | IPA 2008, Quality Infrastructure in the Western Balcans and Turkey, “*Support to the Western Balcans “internal market” and aligning it with that of the EU/EFTA*”<br><br>Brussels, 17-18.06.2010 | 1 |
| 27. | FP7 Workshop: Training “*Train the trainer*”<br><br>Wien, Austria, 16-18.09.2009 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 28. | Training in Metrology in Chemistry (TrainMiC): ***"Principles and applications of Methrology in Chemistry"***, Skopje, Macedonia, October, 2008 | 1 |
| 29. | IARM & GTZ "Training for implementation of critériums and standards for accreditation (EN ISO/EIC 17025, EN 45011, ISO/EIC 17021, ISO/IEC 17020, ISO/IEC 17025)", Skopje, Macedonia, 13-16.05.2008 | 1 |
| 30. | Workshop No3<br><br>"Porcine CircoVirus Diseases: Towards improved food quality and safety within new member states and associated candidate countries"<br>Budapest, Hungary, 11-13.05.2008 | 1 |
| 31. | Royal Society for the Prevention of Cruelty to Animals, Faculty of veterinary medicine - Skopje, R.Macedonia "*The 3Rs Concept - the legal framework on the protection of laboratory animals*", Ohrid. R. Macedonia, 27-29.03.2008 | 1 |
| 32. | TAIEX Workshop on "Training on Metrology in Chemistry (TrainMiC) Principles and applications of Methrology in Chemistry ", Skopje, Macedonia, October, 2008 | 1 |
| 33. | Workshop No2, "Porcine CircoVirus Diseases: Towards improved food quality and safety within new member states and associated candidate countries"<br>Solaris, Croatia, 1516.05.2007 | 1 |
| 34. | 4th Annual Workshop of COST Action 855<br><br>"Animal Chlamydioses and Zoonotic Implications"<br><br>Moredun Research Institute, Edinburgh, UK, 03-5.09.2006 | 1 |
| | **ОДРЖУВАЊЕ НА ВЕЖБИ** | **Поени** |
| 35. | Судско ветеринарство и ветеринарна етика (2+1), единаесет семестри: 2018, 2017/18, 2016/17, 2015/16, 2013/14, 2012/13, 2011/12, 2010/11, 2009/10, 2008/09, 2007/08 | 6,6 |
| 36. | Онкологија (1+1), единаесет семестри: 2018, 2017/18, 2016/17, 2015/16, 2013/14, 2012/13, 2011/12, 2010/11, 2009/10, 2008/09, 2007/08 | 6,6 |

| | **ПОДГОТОВКА НА НОВ ПРЕДМЕТ (предавања - вежби)** | **Поени** |
|---|---|---|
| 37. | Дерматопатологија (предавања + вежби) | 1,5 |
| | **КОНСУЛТАЦИИ СО СТУДЕНТИ** | **Поени** |
| 38. | Патолошка морфологија (деветнаесет семестри) | 0,554 |
| 39. | Судско ветеринарство и ветеринарна етика (седум семестри) | 0,182 |
| 40. | Онкологија (три семестри) | 0,014 |
| 41. | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторски труд**<br><br>**Одбрана на докторски труд**: Проценка на криостатскиот потенцијал и биокомпатибилноста на материјали кои се користат во реставративната стоматологија, изработена од д-р Василка Ренцова, декември 2010 година | **Поени**<br><br>0,7 |
| 42. | **Одбрана на докторски труд**: Оксидативен стрес индуциран in vivo по третман со атерогена диета и канцерогена супстанца - 7,12 диметилбенз()антрацен (7,12 DMBA), можен импакт врз атеросклерозата, изработено од Јасмина Димитрова-Шумковска, април 2010 година. | 0,7 |
| 43. | Member of the **Defence committee for PhD thesis** entitled: “Changes in Lymphoid organs and presence of $PrP^{d}$ in murine models of Transmissible Spongiform Encephalopathies”, done by María del Mar Fernández de Marco, Department of Pathology, University of Córdoba, Spain, June, 2008 | 0,7 |

| | | |
|---|---|---|
| 44. | **Одбрана на докторски труд**: "Анализа и проценка на влијанието на коронарната и апикалната микропропустливост врз неуспехот на ендодонтската терапија", изработена од д-р Ивона Ковачевска, Катедра за болести на забите и ендодонтот, Стоматолошки факултет, Скопје, Ноември, 2007 година | 0,7 |
| 45. | Member of the **Evaluation committee for PhD thesis** entitled: "Pathogenesis of the respiratory form of Porcine Reproductive and Respiratory Syndrome modulatory role of cytokines in the immune response", done by Jaime Gomez - Laguna, Department of Pathology, University of Córdoba, Spain, September, 2008 | 0,7 |
| 46. | Комисика за оценка на **докторска дисертација** и оспособеност на кандидатот м-р Слободен Чокревски: Организационо – правни и институционални активности и проблеми на ветеринарната служба во Република Македонија во претпристапниот период за членство во Европската унија, декември 2009 година | 0,7 |
| 47. | Member of the **Evaluation committee for PhD thesis** entitled: "Papel de las células inmunocompetentes de bazo y timo en lapatogenia de la diarrea vírica bovina" done by Ana Isabel Raya Bermúdez, Department of Pathology, University of Córdoba, Spain, September, 2008 | 0,7 |
| | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд** | **Поени** |
| 48. | **Одбарана на магистерски труд**: "Анимален модел на индуциран оксидативен стрес предизвикан од канцерогенот 7,12 Dimetilbenz antracen (DMBA): ефект на различна доза и време на експозиција", изработена од Весна Смиљевска, Декември, 2009 година | 0,3 |
| | **Пакет материјали за одреден предмет** | **Поени** |
| 49. | Патолошка морфологија | 1 |
| 50. | Судско ветеринарство и ветеринарна етика | 1 |
| 51. | Онкологија | 1 |
| 52. | Дерматопатологија | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно** | **107,25** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:**<br>**Раководител на меѓународен научен проект** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Macedonian-Slovenian Joint Research project: "*Diagnostics of animal transmissible spongiform encephalopathies (TSE) with immunohistochemical methods*", Project Manager (2007-2008) | 9 |
| | **Учесник во национален научен проект** | |
| 2 | "*Микроинкапсулирани синбиотици – од формулација до терапевска примена*" Национален проект, Министерство за обазование и наука, Скопје, република Македонија, (2010-2012) | 3 |
| | **Учесник во меѓународен научен проект** | |
| 3 | *"Mir-17-3p Contributes to Exercise-Induced Physiological Hypertrophy",* Bilateral project between Ministry for education and science of R. Macedonia and Ministry for education and science of PR China (2015-2017) | 5 |
| 4 | *"Understanding and combating porcine reproductive and respiratory syndrome in Europe"* COST Action FA0902 (2009-2013) | 5 |
| 5 | *"Immunohistochemical analysis of the mammary tumors in dogs",* Macedonian-Croatian Joint Research project, Deputy Project Manager (2007-2008) | 5 |
| 6 | *"BioHorizon: a network of BIO NCP's"* - project funded by the European Commission under the Horizon 2020 programme ("Food security, sustainable agriculture and forestry, marine and maritime and inland water research and the bioeconomy" - Societal Challenge 2), 2016 – 2020 (http://www.ncp-biohorizon.net/). | 5 |
| 7 | *"A Network of National Contact Points providing cutting-edge NCP services of the Knowledge-Based-Bio-Economy* | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | *research community"* (BIO-NET), 7th Framework Program, 2008-2010. | |
| | **Трудови со оригинални научни резултати без импакт-фактор** | **Поени** |
| 8 | Kristina Mladenovska, Renata S. Raicki, E. I. Janevik, **T. Ristoski**, Maja J. Pavlova, M. G. Dodov and K. Goracinova (2007): *Colon-specificdelivery of 5-aminosalicylic acidfromchitosan-Ca-alginate micro particles*. International Journal of Pharmaceutics, Vol. 342/1-2. pp 124-136. | 5 |
| 9 | JasminaDimitrova-Shumkovska, L. Veenman, Dosic-Markovska B.,**T. Ristoski**(2009): *Impact of colesterol diet on mitochondrial 18 kda translocator protein (TSPO) in the aorta of apo E knockout mice*. Balkan Journal of clinical labolatory, Vol. XVII, September, 1. | 5 |
| 10 | **T. Ristoski**, Iskra Cvetkovik, Joaqim Segales (2009): *Circovirus diseases in swine*. Macedonian Veterinary Review, Vol. 32, No.1, 5-11. | 5 |
| 11 | Rendjova V, Gjorgoski I, **Ristoski T**, Apostolska S (2011): *In vivo study of pulp reaction to glassionomer cements and dentin adhesives*. Official Journal of the Macedonian Academy of Sciences and Arts, Section of biological and medical sciences, XXXIII/1,p.265-277, Skopje , Macedonia | 5 |
| 12 | I. Gjurovski, **T. Ristoski**(2014): "*The advatages of the immunochistochemical method in the diagnosis of the circovirus diseases in pigs*". Macedonian Veterinary Review, Volumen 37. | 5 |
| 13 | I. Ulcar, I. Celeska, P. Trojacanec, K. Ilievska, I. Gjurovski, **T. Ristoski** (2014): "Fibrosarcoma of themandible in Sharplanina mountaind og – Case report". Macedonian Veterinary Review, Volumen 37. | 5 |
| 14 | I. Gjurovski, T. Ristoski (2015): "*Distribution of the PCV2 antigen in different tissues and the histopathological changes in the same tissues from pig with PMWS*". Macedonian Veterinary Review, Volumen 38. | 5 |
| 15 | G. Nikolovski, T. Novakov, I. Celeska, I. Gjurovski, **T. Ristoski**, K. Ilievska (2015): "*Chronic ehrlichiosis in Miniature Pinscher – clinical case*". Macedonian Veterinary Review, Volumen 38. | 5 |
| 16 | I.Gjurovski,B. Angelovski, T. Dovenski, D. Mitrov, **T. Ristoski**(2015): "*Diagnostic caracteristics of circovirus infection in pigs*". Macedonian Veterinary Review, Volumen 38 (1): 73-78. | 5 |
| 17 | E. Atanaskova Petrov, I. Gjurovski, **T. Ristoski**, G. Nikolovski, P. Trenkoska, P. Trojacanec, K. Ilievska, T. Dovenski, G. | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Petrushevska (2016): "*Immunohistochemical Detection of Estrogen Receptors in Canine Mammary Tumors*". Macedonian Veterinary Review, Volumen 39 (1): 117-121. | |
| 18 | T. Petreska-Ivanovska, Z. Zhivikj, L. Bogdanovska, M. Jurhar-Pavlova, I. Gjurovski, **T. Ristoski**, K. Mladenovska, L. Petrushevska-Tozi (2016): Probiotic/*synbiotic enriched ayran as functional food product – quality and therapeutic benefits*. Macedonian pharmaceutical bulletin, 62 (suppl) 253-254. | 5 |
| 19 | Piret Hussar, Tõnu Järveots, Lazo Pendovski, Katerina Blagoevska, **TrpeRistoski**, Florina Popovska-Percinic (2018): *„T-2 mycotoxin induced apoptosis in broiler's liver tissue"*. - Papers on Anthropology XXVII/1, 2018, pp. 9–16. | 5 |
| 20 | I.Gjurovski, M. Dovenska, A. Janevski, **T. Ristoski** (2018): "*Poisoning of dog in the Republic of Macedonia – patomorphological changes and the impact on the animal welfare*". Macedonian Veterinary Review, Volumen 41 (2): 203-207. | 5 |
| 21 | **T. Ristoski**, V. Vasilevska, K. Mladenovska, A. Grozdanov (2013): *Estimate of toxically influence of silicon carbide nanoparticles according histopathologycal changes*. Macedonian Veterinary Review, Vol. 36, No.1, 25-31 | 5 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати со импакт-фактор** | **Поени** |
| 22 | Dimitrova-Shumkovska J, Veenman L, **Ristoski T**, Leschiner S, Gavish M. (2010): *Chronic high fat, high cholesterol supplementation decreases 18 kDa Translocator Protein binding capacity in association with increase doxidative stress in rat liver and aorta*. Food and Chemical Toxicology, Mar;48 (3):910-921. | 10,602 |
| 23 | Dimitrova-Shumkovska J, Veenman L, **Ristoski T**, Leschiner S, Gavish M. (2010): Dimethylbenz [α] antracene induced hepatotoxicity and reduces the binding capacity of the of themitochondrial 18 kDatranslocatorprotein in rataorts. Drug and Chemical Toxicology, Oct;33(4):337-347v. | 8,957 |
| 24 | Dimitrova-Shumkovska J, Veenman L, **Ristoski T**, Leschiner S, Gavish M. (2010): *Decreases in binding capacity of the of the mitochondrial 18 kDa translocator protein accompany oxidative stress and pathological signs in rat liver after DMBA exposure*. Toxicologic Pathology, Oct;38(6); 957-968. | 10,168 |
| 25 | **T. Ristoski**, V. Vasilevska, K. Mladenovska, A. Grozdanov (2013): *Pathological effects of application of silicium carbide engineered* | 9,1 |

| | | |
|---|---|---|
| | *nanoparticles*. Journal of Comparative Pathology 150:1, 2014. $31^{th}$ ESVP Meeting, 4-7. September, London, United Kingdom. | |
| 26 | T. Petreska-Ivanovska, K. Mladenovska, Z. Zhivikj, M. Jurhar-Pavlova, I. Gjurovski, **T. Ristoski**, L. Petrushevska-Tozi (2017): *Synbiotic loaded chitosan-Ca-alginate microparticles reduces inflammation in the TNBS model of rat colitis*. International Journal of Pharmaceutics,Volume 527, Issues 1–2, Pages 126-134. | 11,862 |
| | **Меѓународни академски собири** | **Поени** |
| 27 | V. Ilieski, L. Pendovski, **T. Ristoski** (2006): *O-11 Microscopic morphological investigation of deplastinated pig kidney section*. 13th International Conference on Plastination, 2-7th July, Vienna, Austria. | 5 |
| 28 | **T. Ristoski**, Milijana Knezevic, L. Carrasco, F.J. Salguero, A. Nunez, J. Tosevski (2006): *Immunohistochemical detection and distribution of the viral gp55 antigen in pigs naturally infected with classical swine fever virus*. $24^{th}$ ESVP Meeting, 29.August-2September,Edinburgh, Scotland. | 5 |
| 29 | V.Ilieski, **T. Ristoski**, L.Pendovski,A. Dodovski, D. Mitevski(2006): *Detection of Chlamydophila psittaci in free-living birdsusing ELISA and Immunohistochemical methods*. 4th Annual Workshop of COST Action 855, 3-5 September, Edinburgh, Scotland. | 5 |
| 30 | L. Popovska, E. Mirceva, K. Mladenovska, **T. Ristoski**, E. Radeva, B. Indjov (2006):*The effect of depo-medrolon experimentally exposed pulps in rats*. IV International congress of Macedonian Stomatology Society, 22-25 Maj, Ohrid. | 5 |
| 31 | I.Kovacevska, Z. Georgiev, C. Dimova, **T. Ristoski** (2006): *Directpulp-capping with calciumhydroxide and dental adhesives histological examination*. .IV International congress of Macedonian Stomatology Society, 22-25 Maj, Ohrid. | 5 |
| 32 | Kristina Mladenovska, Renata S. Raicki, E. I. Janevik, **T. Ristoski**, Maja J. Pavlova, M. D. Glavas,S. Banev, K. Goracinova (2006):*Biodistribution of [$^{131}$I]-5-Aminosalicylic acidloaded chitosan-Ca-alginatemicro particles after peroral application to Wistar rats with TNBS colitis*. XIV International Workshop on Bioencapsulation & COST 865 meeting, Lausanne, Switzerland, 5-7 Oct, pg. 183 - 186. | 5 |
| 33 | **T. Ristoski**, S. Mrenoski, I.Cvetkovic (2007): *First report of Circoviral infection in pigs in Republic of Macedonia*. $25^{th}$ ESVP Meeting, 29.August-1.September, Munich, Germany. | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| 34 | **T. Ristoski**, S. Mrenoski, I. Cvetkovic (2008): *Immunohistochemical diagnosis of porcine circovirus from pigs with postweaning multisistemic wasting syndrome*. 26th ESVP Meeting, 17-21. September, Dubrovnik, Croatia. | 5 |
| 35 | **T. Ristoski**, Jasmina Dimitrova-Shumkovska, L. Veenman (2009): *Dimethyl benz[a]antracene induced hepatotoxicity and expression of the mitochondrial 18 kDa translocator protein in rat liver*. 27th ESVP Meeting, 9-11. September, Olsztyn - Krakow, Poland. | 5 |
| 36 | **T. Ristoski**, Teodora Tsevska, Anita Talaja (2009): *Accreditation as a benefit and challenge of microbiological testing*. Microbiologia Balkanica, 6th Balcan Congress of Microbiology, 28-31 October, Ohrid, Macedonia | 5 |
| 37 | **T. Ristoski**, J. Dimitrova-Shumkovska, L. Veenman, S. Leschiner, M. Gavish (2010): Cholesterol diet effects on atherosclerotic plaque composition and binding capacity of the mitochondrial 18 kDa translocator protein in aorta of Apo E ko mice. 28th ESVP Meeting, 8-11. September, Belgrade, Serbia. | 5 |
| 38 | **T. Ristoski**, T. Tripunoski, J. Dimitrova-Shumkovska, (2012): *Morphometric characteristics of thyroid gland in ApoE knockout mice*. 30th ESVP Meeting, 5-08. September, Leon, Spain. | 5 |
| 39 | D. Spasova, V. Vasilevska, K. Mladenovska, **T. Ristoski**, A. Grozdanov (2012): *SiC/PMMA nanocomposites: properties and risk-health assessment*. International Conference on Processing, characterization and application of nanostructured materials and nanotechnology – Nano Belgrade 2012, 26-28. September, Belgrade, Serbia. | 5 |
| 40 | A. Grozdanov, V. Vasilevska, K. Mladenovska, **T. Ristoski**, (2013): *Silicium carbide engineered nanoparticles: risk and health effects*. International conference "Safety engineering in function of improvement of the working conditions"10-12. May, Ohrid, Macedonia | 5 |
| 41 | F. Popcevska-Percinic, K. Blagoevska, A. Dodovski, A. Blagoevski, V. Stojkovski, V. Ilievski, L. Pendovski, **T. Ristoski** (2013): *Histopathological changes of the liver in T-2 mycotoxicosis in broilers*. 4th International Scientific Meeting, 6-8. September, Struga, Macedonia. | 5 |
| 42 | A.Talaja Borota, S.Kosteska, **T.Ristoski** (2013): "The advantages of implementing quality management systems and effortsen closed". International Conference: Quality and Competence 2013, IARM and MAKLAB, 13-15 June 2013, Ohrid, Macedonia. | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| 43 | K. Smilkov, M.G. Dodov, J. Hadzieva, M.J. Pavlova, T.P. Ivanoska, **T. Ristoski**, I. Gjurovski, L.P. Tozi, K. Mladenovska (2014): "*Anti-inflammatory properties of L. casei loaded whey protein-alginate micro particles in animal model of colitis*". 9$^{th}$World Meeting on Pharmaceutics, Biopharmaceutics and Pharmaceutical Technology, 31 March-3 April 2014, Lisabon, Porugal. | 5 |
| 44 | F. Popcevska-Percinic, K. Blagoevska, A. Dodovski, A. Blagoevski, V. Stojkovski, V. Ilievski, L. Pendovski, M. Dovenska, **T. Ristoski** (2014): "*Histopathological changes of the kidneys in T-2 mycotoxicosis in broilers*". International VETistanbul Group Congress, 28-30. April, Istanbul, Turkey. | 5 |
| 45 | K. Blagoevska, **T. Ristoski**, A. Dodovski, A. Blagoevski, V. Stojkovski, V. Ilievski, L. Pendovski, V. Petkov, M. Dovenska, F. Popcevska-Percinic (2014): *Probiotic effecton Broilers liver morphology in T-2 mycotoxicosis*. Anatomia, Histologia, Embryologia, Volumen 43, July 2014, (Suppl 1.) pp. 24, Proceedings of the XXX$^{th}$ Congress of EAVA, 23-26.07.2014 Cluj-Napoca, Romania | 5 |
| 46 | T. P. Ivanovska, I. Gjurovski, M. J. Pavlova, L. P. Tozi, **T. Ristoski**, K. Mladenovska (2014): "*Pathological changes of colon in the TNBS model of colitis in rats treated by functional food containing probiotic/synbiotic formulation*". 32$^{nd}$ ESVP Meeting, 27-30. August 2014, Berlin, Germany.5 | 5 |
| 47 | F. Popcevska-Percinic, K. Blagoevska, A. Dodovski, L. Pendovski, V. Petkov, A. Blagoevski, V. Stojkovski, M. Dovenska, **T. Ristoski** (2015): "*Efect of T-2 mycotoxicosis and probiotic administration on broilers duodenal morphology*". International VETistanbul Group Congress, 7-9. April, St. Petersburg, Russia. | 5 |
| 48 | T. Petreska Ivanovska, Z. Zhivikj, M. Jurhar Pavlova, M. Glavas Dodov, **T. Ristoski**, I. Gjurovski, L. Petrushevska-Tozi, K. Mladenovska (2015): "*Anti-inflammatory properties of symbiotic loaded chitosan-Ca-alginate micro particles in animal model of colitis*". 1st European Conference of Pharmaceutics: DrugDelivery, 13-14 April, Reims, France. | 5 |
| 49 | S.Kosteska, A.Talaja Borota, **T.Ristoski** (2015): "*Accreditation as a proof of quality in laboratory diagnosis*". International Conference: Quality and Competence 2015, IARM and MAKLAB, 17-19September 2015, Ohrid, Macedonia. | 5 |
| 50 | N. Nestorovska - Spasovska, **T.Ristoski,** S.Kosteska, A. Talaja Borota (2015): "Project - Quality management systems in industrial enterprises of the Republic of Macedonia". International | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Conference: Quality and Competence 2015, IARM and MAKLAB, 17-19September 2015, Ohrid, Macedonia. | |
| 51 | Florina Popovska-Percinic, Aleksandar Dodovski, Lazo Pendovski, **Trpe Ristoski**, Verica Milošević, Monika Dovenska,Vladimir Ajdžanović and Katerina Blagoevska (2016). The effect of a probiotic on broilers' kidney morphology in T-2 mycotoxicosis. XXXI EAVA, 27-30 July 2016, Vienna, Anatomia Histologia Embriologia 45 (Suppl.1), p. 60. | 5 |
| 52 | **T. Ristoski,** A. T. Borota, S. Kosteska (2016): "*European Quality Assurance Shceme for Brest Cancer Services*". 2nd Macedonia Congress of Pathology with Intrnational Participation, 1-4 September 2016, Ohrid, Macedonia. | 5 |
| 53 | I. Gjurovski, T. Petreska-Ivanovska, **T. Ristoski**, L. Petrushevska-Tozi, K. Mladenovska, S. Kostadinova-Kunovska (2016): *Histopathological and immunohistochemical examibation on the colon of rats with TNBS-induced colitis after administration of functional food containing microencapsulated synbiotic.* 2nd Macedonia Congress of Pathology with Intrnational Participation, 1- 4 September 2016, Ohrid, Macedonia. | 5 |
| 54 | I.Gjurovski, T.Petreska-Ivanovska, L.Petrushevska-Tozi, K.Mladenovska, S. K. Kunovska, **T.Ristoski** (2017): Distribution of T and B lymphocytes and macrophages in colon from rats with tnbs-induced colitis previously fed with functional food. 3rdJount European Congres of the ESVP, ESTP and ECVP, 30 August-2September, Lyon, France. | 5 |
| 55 | **T. Ristoski,** A. Talaja Borota, S. Kosteska (2017): "Accreditation as a tool for theregulators for provision of quality air and a healthy environment". International Conference: Quality and Competence 2017, IARM and MAKLAB, 14-16September 2017, Ohrid, Macedonia. | 5 |
| 56 | **T. Ristoski** and I. Gjurovski (2018): *Histopathology Examination in Relation to Poison Typing in Poisoned Dog*. Joint ESVP and ECVP Congress, 05-08 September, Cluj-Napoca, Romania | 5 |
| 57 | A. Ivanoska-Dacikj, G. Bogoeva-Gaceva, A. Krumme3 , C. Scalera, V. Stojkoski, I. Gjorgoski, **T. Ristoski**, I. Gjurovski, V. Mirčeski. (2018). Polyurethane/graphene oxide grafts for tissue engineering. 25th Congress of Chemists and Technologists of Macedonia. 19.09.2018, Ohrid, Macedonia | 5 |
| | **Рецензија на научен стручен труд** | **Поени** |
| 58 | Рецензија на 14 научно-стручни труда | 2,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Секциско предавање на научен/стручен собир** | **Поени** |
| 59 | Ветеринарна комора и Меѓународен Славјански Универзитет "Гаврило Романович Државин": "*Имплементација на меѓународните ИСО стандарди во ветеринарната медицина*", Свети Николе, Македонија (18.11.2016) | 1 |
| | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | |
| 60 | Federal Accreditation Service of the Russian Federation (Russaccreditation): "*Implementation of the traceability policy of the measurement results ILAC-P 10:01/2013 in the testing laboratories in accordance with the requirements of the ISO/IEC 17025: 2006 standard*", Moskow, Russia, 13.06.2017 | 2 |
| 61 | Swedish International Development Co-operation Agency (SIDA)<br>"*The Status of the Accrediated Laboratories in the Republic of Macedonia",* Skopje Macedonia, 17.12.2012 | 2 |
| 62 | International symposium for agriculture and food "*Accreditation in the Republic of Macedonia in the field of agricultural sciences and food*", 12-14. December 2012, Skopje Macedonia | 2 |
| | **Одржано предавање по покана на универзитет** | **Поени** |
| 63 | University of Veterinary and Pharmaceutical Science, Department of pathology "*Basic pathology*", Brno, Czech Republic (11-20.03.2008) | 1 |
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат**<br>**(усна презентација)** | **Поени** |
| 64 | **T.Ristoski,** A.Talaja Borota, S.Kosteska (2017): "Accreditation as a tool for theregulators for provision of quality air and a healthy environment". International Conference: Quality and Competence 2017, IARM and MAKLAB, 14-16September 2017, Ohrid, Macedonia. | 1 |
| 65 | **T. Ristoski**(2016): "*European Quality Assurance Shceme for Brest Cancer Services".* 2nd Macedonia Congress of Pathology with Intrnational Participation, 1-4 September 2016, Ohrid, Macedonia. | 1 |
| 27 | National contact point (NCP) for EU Programme "*Horizon 2020*" on the field *Food security, sustainable agriculture and forestry, marine and maritime and inland water research and the bioeconomy (Societal Challenge 2*), (2014 – 2020). | 2 |
| 28 | Memeber of the *Programme Commette on Horizon 2020 Food security, sustainable agriculture and forestry, marine and maritime and inland water research and the bioeconomy (Societal Challenge 2),* (2016 – 2017). | 2 |
| | **PARTICIPATION IN COMMISSIONS OF STATE BODIES** | **Points** |
| 29 | University "St. Cyril and Methodius", member of Bioethics commission (11.12.2007) | 1 |

| | Member of the Board of the Association related to the profession | Points |
|---|---|---|
| 30 | Member of the Board of MAKLAB – Association of the laboratory and inspection body | 0,3 |
| | **Total** | **114,3** |

| PROFESSIONAL REFERENCES OF THE CANDIDATE FOR THE ELECTION TO THE TITLE | Points |
|---|---|
| **TEACHING AND EDUCATIONAL ACTIVITIES** | **107,228** |
| **SCIENTIFIC AND RESEARCH ACTIVITIES** | **327,489** |
| **PROFESSIONAL AND APPLICATIVE ACTIVITIES** | **114,3** |
| **TOTAL:** | **549,017** |

## Review Committee

1. Dr. Darko Marinkovic, associate professor at the Faculty of Veterinary Medicine in Belgrade, R Serbia.

2. Dr Vladimir Kukolj, associate professor at the Faculty of Veterinary Medicine in Belgrade, . Serbia.

3. Dr. Igor Ulchar, full professor at the Faculty of Veterinary Medicine in Skopje.

**РЕЦЕНЗИЈА**

ЗА ОЦЕНКА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
„**ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА БЕЗЖИЧНИ СЕНЗОРСКИ МРЕЖИ ВО МЕДИЦИНАТА И ПРЕДЛОЗИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА НИВНИОТ ЖИВОТЕН ВЕК**“,

ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ИРФАН ШАКИРИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на седницата одржана на 21.12.2016 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Ирфан Шаќири, со наслов **Имплементација на безжични сензорски мрежи во медицината и предлози за зголемување на нивниот животнен век**. Наставно-научниот совет на барање на Комисијата, а потоа и на барање на кандидатот, одобри дополнителни рокови за доработка на докторската дисертација, по што кандидатот во рокот определен за нејзина доработка го предаде коригираниот труд до Комисијата. Комисијата, по извршениот преглед на доставената докторска дисертација, до Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии го поднесуваме следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

## 1. Општи податоци

Докторската дисертација со наслов **Имплементација на безжични сензорски мрежи во медицината и предлози за зголемување на нивниот животен век**, изработена од м-р Ирфан Шаќири, е изложена на 111 страници организирани во 7 поглавја. Докторската дисертација содржи 37 слики, 7 табели и 108 математички изрази. Приложен е преглед на користената литература од областа на истражувањето со 99 референци, а дополнително кандидатот е автор на 7 референци објавени во меѓународни списанија.

## 2. Предмет и цели на докторската дисертација

Во оваа докторска дисертација, преку соодветен научноистражувачки пристап, базиран на резултати од експериментални мерења и симулации, се истражувани безжичните сензорски мрежи и нивната примена во медицината.

Безжичните сензорски мрежи (БСМ) се состојат од дистрибуирани, независни јазли кои функционираат заеднички за да набљудуваат некои појави од интерес со сензорско отчитување, како што се: температура, влажност, радијација, параметри на загадување итн. Во основа, зачувувањето на енергијата, а со тоа и зголемувањето на животниот век на безжичниот сензорски јазол е еден од најзначајните проблеми кои истражувачите се обидуваат да го решат. Следствено, зачувувањето и балансирањето на енергијата се од голема важност во мрежните апликации.

Дизајнирањето на алгоритми кои ја минимизираат потрошувачката на енергија е една од најзначајните области во кои се работи кај безжичните сензорски мрежи. Постојат

повеќе кластеринг/рутирачки протоколи за двослојни сензорски мрежи кои ја минимизираат потрошувачката на енергија. Врз база на постојните протоколи, во оваа теза се предложени нови методи за кои се покажува дека имаат позитивно влијание во балансирањето на потрошувачката на енергија, а со тоа и во самото пролонгирање на животниот век на сензорскиот јазол во дистрибуираните безжични сензорски мрежи.

Во тој правец, во оваа теза е направена и анализа на проблемот на поставувањето на базните станици во дадена БСМ, со цел негово оптимизирање, кое влијае директно во процесот на потрошувачка на енергија кај сензорските јазли. Позиционирањето на базната станица е геометриски оптимизирано за да се зголеми животниот век на сензорската мрежа. Исто така, намалувањето на потрошувачката на енергија зависи и од патните загуби заедно со позицијата на распределените сензорски јазли.

Безжичните сензорски мрежи овозможуваат далечинско следење на параметрите распоредени во блиско опкружување. Како резултат, техниката за кластерирање на сензорските јазли е многу важна во зачувувањето на енергијата кај БСМ. Следствено, во оваа докторска теза ќе бидат предложени и истражувани две различни кластеринг техники чија цел ќе биде да ја минимизираат, односно да ја балансираат потрошувачката на енергија помеѓу мрежните јазли.

Истражувачкиот процес во дадената дисертација е насочен во две насоки. Првата е имплементација на БСМ во медицината, каде што како пример е наведен процесот на детекција на паѓање кај стари лица, со можност во иднина БСМ да се имплеметира и во други гранки од медицината, како што се мерење на физиолошки параметри на пациенти, потоа 24-часовно наблудување на одредени параметри на пациенти итн со што се гледа дека БСМ во иднина ќе игра голема улога во современите медицински текови за детектирање и наблудување на разни проблеми.

Предложениот систем за откривање на паѓање е имплементиран со помош на сензор за забрзување со три оски за да се измерат и соберат податоци во врска со активностите при забрзување кај стари лица, при што собраните податоци се пренесуваат преку ZigBee-3G мрежа до платформа за медицински систем за мониторирање на растојание.

Втората насока е како БСМ во нивната секојдневна активност за процесирање на различни настани да имаат што подолг век на функционирање, односно нивната потрошувачка на енергија да се минимизира. За таа намена се предложени два алгоритма со кои ќе се овозможи сензорските јазли во нивната активност да имаат ниска потрошувачка на енергија, што значи и подолго траење на сензорската мрежа.

Истражувањата ќе ги покријат следиве испитувања:

- анализа на акцелерометарот ADXL345 и неговото имплементирање во креирање на систем за детекција на паѓање;
- анализа на постојните кластерски алгоритми за хетерогени сензорски мрежи, како што е LEACH;
- анализа на процесот за формирање и селектирање на кластер глави и влијанието на балансирањето на потрошувачката на енергија врз пролонгирањето на животниот век;
- анализа на ефектот на работниот циклус кај безжичните сензорски мрежи за очекуваната потрошувачка на енергија.

Врз основа на горенаведените испитувања кои се предмет на истражување, предложени се нови алгоритми и методи за дадена БСМ, кои со прикажаните резултати во симулационите постапки прикажуваат дека нивниот животен век и пролонгирањето на активноста ќе бидат значително подобрени.

Исто така, и презентираниот систем за детекција на паѓање кај стари лица ни кажува дека и практичната примена на БСМ е од голема важност.

Крајна цел на истражувањето во приложената дисертација е подобрување на перформансите на дадена сензорска мрежа во смисла на нејзино што подолго функционирање и минимизирање на потрошувачката на енергија.

Истовремено се настојува и да се прикаже дека БСМ ќе бидат многу практични и употребливи, при што се дава и практичен пример за едноставна и функционална примена на БСМ во медицина со системот за детекција на паѓање, со можност таквата имплементација да се прошири и во други области од медицината.

## 3. Анализа на докторската дисертација

Целокупниот процес на истражување кој беше предмет на оваа докторска дисертација е прикажан во текстот и е организиран во седум поглавја на следниов начин:

Во **воведното** поглавје од оваа докторска дисертација, даден е осврт на карактеристиките на безжичните сензорки мрежи

**Втората** глава ги разгледува сите аспекти на безжичните сензорски мрежи (БСМ ) кои се многу битни и релевантни за дефинирање на проблемите со ограничувањата при користење на енергијата во процесот на пренесување податоци.

Исто така изложени се и временските перспективи во развојот на сензорските мрежи, со посебен акцент на втората генерација кога и ќе станат безжични.

Даден е и краток преглед на современите комуникациски технологии кои се користат во БСМ за полесно согледување на можностите на примена на адаптивинте техники во процесот на пренос кај некои специфични мрежни јазли во БСМ.

Понатаму, важен дел од поглавјето е посветено и на областите каде што наоѓа примена оваа технологија, како што се: здравството, одредувањето на загадувачките параметри во дадена животна средина, интелигентните транспортни системи, примената на сензорите во воената индустрија и стратегија, градежништвото, земјоделството, енергетиката итн.

**Третата** глава се однесува на даден систем за откривање на паѓање кај стари лица, користејќи сензори за забрзување и соодветен алгоритам со чие посредство се анализираат сите чекори и состојби за дадено набљудување на објект во движење.

Во овој дел, предложен е и нов креативен метод кој се заснова на разлика во потрошувачката на енергија при различни акции на корисниците за донесување на крајна одлука и одредување кога би се случил пад кај старите лица.

Добиените резултати од реализираните експериментални мерења се претставени графички, при што на сликовит начин се воочуваат сите типови на активности преземени од страна на учесниците.

**Четвртата** глава е посветена во поставувањето на базните станици, односно како да се изнајде оптимална локација за дадена безжична сензорска мрежа со крајна цел зачувување на енергијата и истовремено подобрување на енергетската ефикасност на самата безжична мрежа.

Во оваа глава е предложен евристички алгоритам за да се лоцираат таквите места на базните станици.

Добиените резултати од предложениот алгоритам покажуваат подобри резултати од претходните алгоритми, во насока на одредување на локацијата на базните станици. Треба да се напомене, исто така, дека и вкупната потрошувачка на енергија на мрежните јазли е блиска до оптималната.

**Петтата** глава го разгледува процесот на балансирање на енергијата во секојдневното користење на безжичните сензорски мрежи, што претставува еден многу важен елемент во тоа што се нарекува пролонгирање на животниот век на мрежните јазли. Потрошувачката на енергија во даден јазол зависи од многу фактори, како што се: растојанието од базната станица, бројот на мрежни јазли кои се поддржани од еден јазол кога тој е глава на кластерот и циклусот на работа при пренесување на податоци од страна на мрежните јазли.

Во ова поглавје е предложен и презентиран практичен алгоритам, кој ќе овозможи балансирање на потрошувачката на енергија во безжичните сензорски мрежи. Предложениот алгоритам се состои од две фази на работа со цел да се постигне подобар животен век на безжичната сензорска мрежа.

Во процесот се изведени експериментални симулации со предложениот алгоритам, при што седобиени резултати врз основа на различни влезни параметри. Фазата на селекција на главата на кластерот вклучува избор на кластер глави кои можат да ја стабилизираат потрошувачката на енергија во сензорските мрежи, земајќи ги предвид и тековната енергија и растојанието на јазолот во однос на базната станица.

Изборот на кластер глави е оптимизиран во секој круг (round) со разгледување на остаточната енергија на јазлите. Јазлите кои се поставени блиску до базната станица трошат помалку енергија во споредба со далечните мрежни јазли.

**Шестата** глава е посветена на техниката со работниот циклус во врска со активностите на даден мрежен јазол. Тоа претставува една многу важна техника за управување со енергијата кај БСМ. Во спомената операција на работен циклус, мрежниот јазол го следи следниов циклус: спиење-будење-семплирање-пресметување и на крајот комуницирање, при што поголемиот дел од работниот циклус се троши во таканаречена „состојба на спиење" со ниска моќност.

Како што се зголемува работниот циклус, мрежните јазли ќе можат да "заспијат" подолго овозможувајќи притоа да се заштеди голема количина на енергија од целиот мрежен систем, додека неколку јазли ќе бидат достапни во процесот на рутирање на податоците, што фактички ќе предизвикува намалување на протокот и истовремено зголемување на доцнењето при процесот на трансмисија на податоците.

За да се намали работниот циклус, треба да се намали активното време на даден јазол колку што е можно повеќе, земајќи ги предвид ограничувањата кои можат да настанат при вакви операции. Работниот циклус не бара континуирано земање на примероци или комуникација, што го прави неговото функционирање возможно во БСМ-тенхологиите. Со користење на соодветна апликација за анализа на податоци и графички приказ, направени се симулациите и прикажани се во соодветен графички формат.

**Седмата** глава ги опфаќа сите заклучоци на докторската дисертација, истовремено споменувајќи го правецот на понатамошните истражувања за дадената проблематика со потрошувачката на енергија кај БСМ-технологиите.

Во прегледот на користената литература се опфатени вкупно 99 референци, од кои поголем дел се од понов датум и со голема цитираност.

## 4. Верификација на докторската дисертација

Резултатите од истражувањата на проблематиката на докторската дисертација, кандидатот м-р Ирфан Шаќири успешно ги презентирал и ги публикувал во меѓународни списанија. Кандидатот е автор на следниве трудови:

1. Irfan Shaqiri, "Understanding IEEE 802.11ad ", International Journal of Engineering Trends and Technology (IJETT) – Volume 4, Issue 6, June 2013.

2. Irfan Shaqiri, "Wireless Sensors for Healthcare", IJSER, June 2013.
3. Irfan Shaqiri, Aristotel Tentov, "Overview of Routing Protocols at Wireless Sensor Networks", IJETT, 2016.
4. Irfan Shaqiri, "Some Security Aspects at Wireless Sensor Networks", IJSER, October 2013.
5. Irfan Shaqiri, "Improving Energy Efficiency at Wireless Sensor Networks", IJSER June 2016.
6. Irfan Shaqiri, Aristotel Tentov, "Some aspects of Routing Protocols at Wireless Sensor Networks", IJCT, January 2016.
7. "Duty-Cycle Impact at Lifetime of Wireless Sensor Networks", Irfan Shaqiri, International Journal of Engineering Trends and Technology (IJETT), February 2018.

**5. Оригинални придонеси на докторската дисертација**

Главните придонеси на докторската дисертација, кои се потврдени во публикуваните трудови на кандидатот м-р Ирфан Шаќири, може да се групираат во следниве долунаведени сегменти:

1. практична примена на безжичните сензорски мрежи во медицината, со предложување на систем за откривање на паѓањето кај стари лица користејќи сензор за забрзување, микропроцесор и технологија базирана на безжична сензорска мрежа, при што е предложен и алгоритам базиран на SVM (Support Vector Machine) алгоритамот за класификација, кој служи за анализирање и испитување различни активности кои трошат енергија со различен опсежен праг за донесување на дадена пресуда, за активностите на лицата при нивното движење во даден затворен простор;

2. предлози за зачувување на енергијата и истовремено подобрување на енергетската ефикасност на самата безжична мрежа, користејќи нови алгоритми за идеална локација на базната станица;

3. анализа во процесот на балансирањето на потрошувачката на енергија и влијанието во пролонгирањето на животниот век кај безжичните сензорските јазли;

4. ефект на работниот циклус во функционирањето на сензорските мрежи и зависност на потрошувачката на енергија при различни циклуси.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата заклучи дека со дисертацијата **Имплементација на безжични сензорски мрежи во медицината и предлози за зголемување на нивниот животен век**, на кандидатот м-р Ирфан Шаќири, е даден оригинален научен придонес во смисла на практична примена на безжичните сензорски мрежи и предлози за зачувување на енергијата и пролонгирање на животниот век на дадена сензорска мрежа. Исто така изнесена е анализа на тековната состојба со постојните алгоритми наменети за ефикасна функционалност на сензорските мрежи и реализирани се анализи базирани на експериментални резултати што резултираат со ефективни предлози при функционирањето на безжичните сензорски мрежи.

Од претходно изложените резултати, може да се заклучи дека кандидатот м-р Ирфан Шаќири покажува длабоко познавање на темата и проблематиката која е третирана во докторската дисертација, што, несомнено, резултира со негов значителен научен придонес во областа на

примената на безжичните сензорски мрежи во медицината, со дизајнирање на практичен систем за детектирање на паѓање кај стари лица и со предложени алгоритми кои имаат значително влијание во животниот век кај безжичните сензорски мрежи со минимизирање на потрошувачката на енергија.

Како потврда на придонесите, дел од резултатите добиени од докторската дисертација се публикувани во научни трудови во меѓународни списанија.

Врз основа на изложената анализа, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје да го прифати извештајот и на кандидатот м-р Ирфан Шаќири и да му одобри јавна одбрана на докторската дисертација **Имплементација на безжични сензорски мрежи во медицината и предлози за зголемување на нивниот животен век**.

**Комисија за одбрана на докторската дисертација**

1. Вонр. проф. д-р Марија Календар, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Аристотел Тентов, ментор, с.р.
3. Проф. д-р Тони Јаневски, член, с.р.
4. Проф. д-р Катерина Ралева, член, с.р.
5. Вон. проф. д-р Билјана Начевска Настовска, член, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЦВЕЌЕ И ДЕКОРАТИВНИ РАСТЕНИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, објавен во весниците ,,Нова Македонија“ и „Коха“ од 22.11.2018 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област 40305-цвеќе и декоративни растенија и врз основа на Одлуката на Наставно - научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, бр. 02-888/2 од 24.12.2018 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Стефанка Хаџи Пецова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (во пензија), претседател, проф. д-р Гордана Попсимонова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, член и проф. д-р Јане Ацевски, редовен професор на Шумарски факултет во Скопје, член. По прегледот на доставената документација, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област 40305-цвеќе и декоративни растенија, се пријави доц. д-р Маргарита Давитковска, вработена како доцент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

**Биографски податоци**

Кандидатката доц. д-р Маргарита Давитковска е родена на 10.7.1977 година во Скопје, Р Македонија. Средно образование завршила во гимназијата ,,Раде Јовчевски-Корчагин” со континуиран одличен успех. Во учебната 1998/99 година се запишала на Земјоделскиот факултет во Скопје, на градинарско-цвеќарската насока, каде што дипломирала во 2003 година, со просечен успех 8,03, со што се стекнала со звањето дипломиран земјоделски инженер.

Во учебната 2004/2005 година се запишала на постдипломски студии на групата цвеќарство, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Предвидените испити ги положила со просечен успех 10,00. На 15.10.2008 година го одбранила магистерскиот труд со наслов „Влијание на видот на супстратот врз квалитетот на расадот од *Petunia hybrida grandiflora hort.*”, и се стекнала со звањето магистер на земјоделски науки. Научниот степен доктор на земјоделски науки го стекнала на 12.2.2014 година, кога ја одбранила докторската дисертација со наслов „Одредување на режим на исхрана за добивање на квалитетен расад од цветниот вид сардела (*Pelargonium x hortorum* L. H. Bail.) ”.

Во периодот од 2002 до 2004 година била ангажирана како стручен соработник на Катедрата за градинарство и цвеќарство на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, при што активно учествувала во одржувањето

на вежбите на група предмети по цвеќарство и градинарство. Во 2004 година е избрана за помлад асистент на група предмети по цвеќарство и градинарство на Катедрата за градинарство и цвеќарство, на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Со звањето асистент на група предмети по цвеќарство и градинарство се стекнала во 2009 година. На 20.6.2014 година е избрана во звањето доцент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, по предмети од наставно-научната област цвеќе и декоративни растенија. На таа работна позиција се наоѓа до денес.

Последниот реферат за избор во доцент и е објавен во Билтен бр. 1078 од 2.6.2014 година.

Во текот на изминатиот период, активно учествувала во наставно-научната и апликативната дејност од областа на цвеќарството и декоративните растенија. Активно се служи со англискиот јазик и компјутерските програми.

## Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од изборот во доцент до денот на пријавата

### Наставно-образовна дејност

По изборот во звањето доцент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Маргарита Давитковска била ангажирана во изведувањето на наставата и вежбите по повеќе предмети од прв циклус студии, на повеќе студиски програми: Цвеќарство на отворено (на студиските програми Градинарство и цвеќарство, Агроекономика, Заштита на растенијата, Поледелство), Одгледување на цвеќе во заштитен простор (на студиските програми Градинарство и цвеќарство, Заштита на растенијата), Општо градинарство и цвеќарство (на студиските програми Градинарство и цвеќарство, Овоштарство со лозарство) и Планирање и уредување на паркови (на студиските програми Градинарство и цвеќарство, Агроекономика, Заштита на растенијата, Квалитет и безбедност на храна, Овоштарство со лозарство, Еко земјоделство, Поледелство).

На втор циклус студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Маргарита Давитковска била вклучена во изведувањето настава на студиската програма Растителна биотехнологија, на модулот Градинарство и цвеќарство и модулот Генетика и селекција на растенијата. Изведувала настава по следниве предмети: Цвеќарство (студиска програма: Растителна биотехнологија, модули: Градинарство и цвеќарство, Генетика и селекција на растенијата) и Избрани технологии во цвеќарството (студиска програма: Растителна биотехнологија, модули: Градинарство и цвеќарство, Генетика и селекција на растенијата).

На трет циклус студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Маргарита Давитковска била вклучена во изведувањето настава на студиската програма Растителна биотехнологија, по предметите: Декоративни растенија, Современи технологии во градинарството и цвеќарството, Послебербени процеси кај градинарски и цветни растенија.

Кандидатката д-р Маргарита Давитковска е автор на интерната скрипта од предавања со наслов „Општо градинарство и цвеќарство". Коавтор е на интерните скрипти за предавања: „Доработка и контрола на зеленчук и цвеќе", „Стандардизација на зеленчук и цвеќе" и „ Познавање на зеленчук".

Од последниот избор до денес, д-р Маргарита Давитковска била ментор на 10 дипломски работи и член на комисија за оцена и одбрана на 7 дипломски работи.

Наставно-образовните дејности кандидатката ги извршува професионално, совесно и навремено. Организира и теренска настава по наведените предмети, соработува со студентите, одржува консултации, им помага во организирањето на проектни задачи и совладување на предметната проблематика.

Како потврда на ова е и позитивната просечна оценка од 9,49 што кандидатката ја добила на анонимната студентска анкета за квалитет на реализираната настава, организирана во рамките на процесот на самоевалуација на Факултетот.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Маргарита Давитковска има објавено вкупно 23 научни трудови од соодветната област, од кои 4 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 13 труда во меѓународни научни списанија и 6 труда во зборници од меѓународни научни собири. Исто така, кандидатката учествувала на научни собири во земјата и во странство, со три усни презентации и шеснаесет постерски презентации. Има објавено 8 апстракти во зборници на конференции и симпозиуми.

Д-р Маргарита Давитковска има учествувано во четири национални научни проекти.

**Стручно-применувачка дејност и дејности од поширок интерес**

Доц. д-р Маргарита Давитковска активно е вклучена во стручно-применувачката работа на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. По изборот во звањето доцент, кандидатката учествувала како автор и коавтор во изработка на неколку поглавја од универзитетскиот учебник „Цвеќарство, основи за производство и цветни култури”, од авторот Стефанка Хаџи Пецова, издаден во 2017 година.

Учествувала во стручен надзор при хортикултурно уредување на неколку локалитети во Општина Центар, Скопје, во рамките на неколку проекти, чиј инвеститор е Општина Центар, Скопје.

Во рамките на проектот „Училишна градина – училница на иднината”, 2018, финансиран од Град Скопје и Здружение за заштита, промоција и едукација за храна Слоу Фуд Водно – Скопје, Р Македонија, кандидатката учествувала како стручен соработник во изготвување на прирачниците „Подигнување и управување на училишни градини” и „Наставна програма во училишни градини”.

Доц. д-р Маргарита Давитковска учествувала во работата на комисии за државни натпревари. Учествувала како претседател на меѓународна комисија во Квиз на знаење од областа градинарство и поледелство, на меѓународниот натпревар „Агрономијада 2017”.

Активно учествувала во промотивни активности за афирмирање на Факултетот за земјоделски науки и храна, во периодот од 2014 до 2018 година.

Кандидатката е член на уредувачки одбор на меѓународното научно-стручно списание „Glasila Future” и член на уредувачки одбор на научно-стручното списание FRUCTUS – Časopis Naučnog voćarskog društva Republike Srpske - Voćarstvo, vinogradarstvo, povrtarstvo i cvječarstvo. Стручен соработник од областа на

земјоделството е во месечното членско списание за земјоделство и рурален развој „Моја земја”.

Кандидатката била член на Програмски одбор на меѓународна научно-стручна конференција (I. Medunarodna znanstveno – strucna konferencija, Knin, Hrvatska, 21-22 rujan 2018) и член на Секретаријат на меѓународен научен симпозиум (3rd International Symposium for Agriculture and Food, Ohrid, Republic of Macedonia, 18-20 October 2017).

Доц. д-р Маргарита Давитковска, во периодот од 13 до 17. 6. 2016 година, била на студиски престој на Универзитетот за применета наука „Марко Марулиќ” во Книн, Хрватска.

Кандидатката активно е вклучена во работата на повеќе комисии и колегиуми на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, при што по изборот во звањето доцент, член е на Комисија за спорт и студентски активности на ФЗНХ, член на Совет на втор циклус студии на ФЗНХ, член на Совет на трет циклус студии на студиската програма Растителна биотехнологија на ФЗНХ, а во мандатниот период 2017-2021 е избрана за раководител на Наставно-научен колегиум на втор циклус студии на студиската програма Растителна биотехнологија/модули: Поледелство, Градинарство и цвеќарство, Генетика и селекција, Преработка на поледелски производи.

Доц. д-р Маргарита Давитковска е член во Потсекторска постојана група за уредување на земјоделските пазари со цвеќе и украсни дрва при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија. Исто така, член е на Хортикултурното здружение на Македонија.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност и постигнатите резултати на пријавената кандидатка, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачка дејност на доц. д-р Маргарита Давитковска.

Врз основа на севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Рецензентската комисија заклучи дека доц. д-р Маргарита Давитковска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование на Република Македонија, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во наставно-научната област цвеќе и декоративни растенија.

Врз основа на горенаведеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кандидатката доц. д-р Маргарита Давитковска да биде избрана во звањето вонреден професор во наставно-научната област цвеќе и декоративни растенија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Стефанка Хаџи Пецова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (во пензија), претседател с.р.

Проф. д-р Гордана Попсимонова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, член с.р.

Проф. д-р Јане Ацевски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје, член с.р.

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: д-р Маргарита Јовица Давитковска**

**Институција: УКИМ – Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје**

**Научна област: цвеќе и декоративни растенија**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,03<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 | **да** |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: **цвеќе и декоративни растенија**, поле **растително производство**, подрачје **биотехнички науки**. | **да** |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | **да (види во Образец 2)** |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: **Билтен бр. 1078 од 2 јуни 2014 г.** | **да** |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | **да** |

* На лицата кои имаат засновван работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од прviот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Стефанка Хаџи Пецова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (во пензија), претседател с.р.

Проф. д-р Гордана Попсимонова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, член с.р.

Проф. д-р Јане Ацевски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје, член с.р.

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Маргарита Јовица Давитковска**

**Институција: УКИМ – Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје**

**Научна област: цвеќе и декоративни растенија**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| Одржување на предавања од прв циклус студии: | | |
| 1. | Општо градинарство и цвеќарство (3+2), студиска програма: Градинарство и цвеќарство, овоштарство со лозарство, зимски семестар (III), 2014/15, 2015/16, 2016/17, 2017/18 | 3,36 |
| 2. | Одгледување на цвеќе во заштитен простор (3+2), студиска програма: Градинарство и цвеќарство, зимски семестар (V), заштита на растенијата, зимски семестар (III), 2014/15, 2015/16, 2016/17, 2017/18 | 7,2 |
| 3. | Цвеќарство на отворено (3+2), студиска програма: Градинарство и цвеќарство, заштита на растенијата, поледелство, летен семестар (VI), 2014/15, 2015/16, 2016/17, 2017/18 | 7,2 |
| 4. | Цвеќарство на отворено (3+2), студиска програма: Агроекономика, зимски семестар (V), 2014/15, 2015/16, 2016/17, 2017/18 | 7,2 |
| 5. | Планирање и уредување на паркови (3+2), студиска програма: поледелство, зимски семестар (VII), 2014/15 | 1,8 |
| 6. | Планирање и уредување на паркови (3+2), студиска програма: Градинарство и цвеќарство, заштита на растенијата, овоштарство со лозарство, еко земјоделство, поледелство, летен семестар (VI), 2014/15, 2015/16, 2016/17, 2017/18 | 7,2 |
| 7. | Планирање и уредување на паркови (3+2), студиска програма: Агроекономика, квалитет и безбедност на храна, летен семестар (VI), 2014/15, 2015/16, 2016/17, 2017/18 | 7,2 |

| | | |
|---|---|---|
| Одржување на вежби од прв циклус студии: | | |
| 1. | Општо градинарство и цвеќарство (3+2), студиска програма: Градинарство и цвеќарство, овоштарство со лозарство, зимски семестар (III), 2014/15, 2015/16, 2016/17, 2017/18 | 1,68 |
| 2. | Одгледување на цвеќе во заштитен простор (3+2), студиска програма: Градинарство и цвеќарство, зимски семестар (V), заштита на растенијата, зимски семестар (III), 2014/15, 2015/16, 2016/17, 2017/18 | 3,6 |
| 3. | Цвеќарство на отворено (3+2), студиска програма: Градинарство и цвеќарство, заштита на растенијата, поледелство, летен семестар (VI), 2014/15, 2015/16, 2016/17, 2017/18 | 3,6 |
| 4. | Цвеќарство на отворено (3+2), студиска програма: Агроекономика, зимски семестар (V), 2014/15, 2015/16, 2016/17, 2017/18 | 3,6 |
| 5. | Планирање и уредување на паркови (3+2), студиска програма: Поледелство, зимски семестар (VII), 2014/15 | 0,9 |
| 6. | Планирање и уредување на паркови (3+2), студиска програма: Градинарство и цвеќарство, заштита на растенијата, овоштарство со лозарство, еко земјоделство, поледелство, летен семестар (VI), 2014/15, 2015/16, 2016/17, 2017/18 | 3,6 |
| 7. | Планирање и уредување на паркови (3+2), студиска програма: Агроекономика, квалитет и безбедност на храна, летен семестар (VI), 2014/15, 2015/16, 2016/17, 2017/18 | 3,6 |
| Одржување на предавања од втор циклус студии-едногодишни студии: | | |
| 1. | Избрани технологии во цвеќарството, студиска програма: РБ, модул: градинарство и цвеќарство, I семестар, 2014/15, 2015/16, 2016/17, 2017/18 | 9 |
| Одржување на предавања од втор циклус студии-двегодишни студии: | | |
| 1. | Цвеќарство, студиска програма: РБ, модул: градинарство и цвеќарство, I семестар, 2014/15, 2015/16, 2016/2017, 2017/2018 | 9 |
| 2. | Цвеќарство, студиска програма: РБ, модул: генетика и селекција на растенијата, II семестар, 2014/15, 2015/16, 2016/2017, 2017/2018 | 9 |
| 3. | Избрани технологии во цвеќарството, студиска програма: РБ, модул: градинарство и цвеќарство, генетика и селекција на растенијата, II семестар, 2014/15, 2015/16, 2016/2017, 2017/2018 | 9 |
| Одржување на настава од трет циклус студии: | | |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Декоративни растенија, студиска програма: Растителна биотехнологија, 2017/2018 | 1,26 |
| 2. | Современи технологии во градинарството и цвеќарството, студиска програма: Растителна биотехнологија, 2017/2018 | 0,42 |
| 3. | Послебербени процеси кај градинарски и цветни растенија, студиска програма: Растителна биотехнологија, 2017/2018 | 1,2 |
| Одржување на теренска настава: | | |
| 1. | Одржување на теренска настава по група предмети по цвеќарство: 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018 | 2,56 |
| Консултации со студенти: | | |
| 1. | Консултации со студенти: 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018 | 0,9 |
| Настава во школи и работилници: | | |
| 1. | Workshop - Water Footprint – Transfering Knowledge into Action (WF in ACT), University of Novi Sad, Faculty of Agriculture, Department of Water Management, 24.11.2017, Novi Sad, Serbia (учесник) | 1 |
| 2. | Workshop - “Metrofood-RI – infrastructure for promoting metrology in food and nutrition”, Faculty of Agricultural Sciences and Food in Skopje, Macedonia, 30.11.2017. (учесник) | 1 |
| Ментор на дипломска работа (x10) | | 2 |
| Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (x7) | | 0,7 |
| Интерна скрипта од предавања: | | |
| 1. | **Маргарита Давитковска,** Звезда Богевска, Рукие Агич, Гордана Попсимонова, Општо градинарство и цвеќарство, Скопје, 2015. | 4 |
| 2. | Рукие Агич, Звезда Богевска,**Маргарита Давитковска,** Доработка и контрола на зеленчук и цвеќе, Скопје, 2015. | 4 |
| 3. | Звезда Богевска,**Маргарита Давитковска,** Рукие Агич, Стандардизација на зеленчук и цвеќе, Скопје, 2015. | 4 |
| 4. | Звезда Богевска, Рукие Агич, **Маргарита Давитковска,** Познавање на зеленчук, Скопје, 2016. | 4 |
| Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание: | | |
| 1. | **Margarita Davitkovska**. Proizvodnja i uzgajanje petunije, Fructus - Časopis Naučnog voćarskog društva Republike Srpske - Voćarstvo, vinogradarstvo, povrtarstvo i cvječarstvo, januar/februar 2018. godine, 34-37. | 1 |
| 2. | Звезда Богевска, **Маргарита Давитковска**. Одгледување на кромид, Правилна берба и чување, | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | „Моја земја" - месечно специјализирано списание за земјоделство и рурален развој, број 105, јули 2014, 12-13. | |
| 3. | **Маргарита Давитковска,** Звезда Богевска. Одгледување на цунцуле, Цвеќе познато за македонските градини, „Моја земја" - месечно специјализирано списание за земјоделство и рурален развој, број 105, јули 2014, 33. | 1 |
| 4. | Звезда Богевска, **Маргарита Давитковска**. Сорти на грав со висок принос и квалитет, „Моја земја" - месечно специјализирано списание за земјоделство и рурален развој, број 108, октомври 2014, 20-21. | 1 |
| 5. | **Маргарита Давитковска,** Звезда Богевска. Нега на орхидеја Phalaenopsis, „Моја земја" - месечно специјализирано списание за земјоделство и рурален развој, број 109, ноември 2014, 26. | 1 |
| 6. | Звезда Богевска, **Маргарита Давитковска**. Одгледување на стевија - Природен засладувач без калории. „Моја земја" - месечно специјализирано списание за земјоделство и рурален развој, број 110, декември 2014/јануари 2015, 10-11. | 1 |
| 7. | **Маргарита Давитковска,** Звезда Богевска. Одгледување на ехинацеа - Природен лек за рани и убоди од инсекти, „Моја земја" - месечно специјализирано списание за земјоделство и рурален развој, број 112, март 2015, 23. | 1 |
| 8. | **Маргарита Давитковска,** Звезда Богевска. Правилно одгледување на кала – Бел цвет за декорација, „Моја земја" - месечно специјализирано списание за земјоделство и рурален развој, број 112, март 2015, 34. | 1 |
| 9. | Звезда Богевска, **Маргарита Давитковска**. Чување на коренови зеленчуци, „Моја земја" - месечно членско списание за земјоделство и рурален развој, број 122, ноември 2016, 12-13. | 1 |
| 10. | **Маргарита Давитковска,** Звезда Богевска. Примула – една од првите пролетни цвеќиња, „Моја земја" - месечно членско списание за земјоделство и рурален развој, број 123, декември 2016, 21. | 1 |
| 11. | Звезда Богевска, **Маргарита Давитковска**. Артичока зеленчук на боговите, „Моја земја" - месечно членско списание за земјоделство и рурален развој, број 124, март 2017, 12-13. | 1 |
| 12. | Звезда Богевска, **Маргарита Давитковска**. Одгледување на глуварче, „Моја земја" - месечно членско списание за земјоделство и рурален развој, број 125, јули 2017, 18-19. | 1 |
| 13. | Звезда Богевска, **Маргарита Давитковска**. Одгледување жолт кантарион, „Моја земја" - месечно | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | членско списание за земјоделство и рурален развој, број 126, ноември 2017, 14-15. | |
| 14. | Звезда Богевска, **Маргарита Давитковска**. Водена крес салата - поточарка, „Моја земја” - месечно членско списание за земјоделство и рурален развој, број 127, август 2018, 10. | 1 |
| 15. | Звезда Богевска, **Маргарита Давитковска**. Ендивија, „Моја земја” - месечно членско списание за земјоделство и рурален развој, број 128, октомври 2018, 9. | 1 |
| | **Вкупно** | **139,7** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| Учесник во национални научни проекти: | | |
| 1. | Водата како значаен фактор во одгледувањето на цвеќе и зеленчук, 2016, финансиран од невладина организација Rotary Club – Скопје, Р Македонија. | 3 |
| 2. | Научна, стручна и апликативна соработка во примена на течните минерални ѓубрива од палетата на АД Алкалоид, Скопје, 2016-2017, финансиран од Алкалоид АД Скопје, Р Македонија. | 3 |
| 3. | Биаква фарма, 2016-2018, финансиран од Фонд за иновации и технолошки развој, Скопје, Р Македонија. | 3 |
| 4. | Училишна градина – училница на иднината, 2018, финансиран од Град Скопје и Здружение за заштита, промоција и едукација за храна Слоу Фуд Водно – Скопје, Р Македонија. | 3 |
| Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет | | |
| 1. | Zvezda BOGEVSKA, Rukie AGIC, Gordana POPSIMONOVA, **Margarita DAVITKOVSKA**, Igor ILJOVSKI, 2014. Physiological Loss During Storage of Sweet Onion In Republic Of Macedonia. Agriculture & Forestry, Vol. 60 Issue 4, Podgorica, 149-154. | 6 |
| 2. | Vjekoslav Tanaskovik, Ordan Cukaliev, Milena Moteva, Mirjana Jankulovska, Mile Markoski, Velibor Spalevic, Rade Rusevski, Zvezda Bogevska, **Margarita Davitkovska**, 2015. The Influence Of Irrigation And Fertilization Regime On Some Phenological Stages And Earliness Of Pruned Pepper. Agriculture & Forestry, Vol. 61 Issue 2, Podgorica, 7-17. | 6 |
| 3. | Mile Markoski, Zvezda Bogevska, Petar Petrov, Vjekoslav Tanaskovik, **Margarita Davitkovska**, Velibor Spalevic, 2015. The Impact Of Foliar Nutrition On The Yield Of Beetroot Crop Grown In High | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | Fertility Soil. Agriculture & Forestry, Vol. 61 Issue 2, Podgorica, 235-242. | |
| 4. | **Davitkovska Margarita**, Bogevska Zvezda, Tanaskovic Vjekoslav, Dorbić Boris, Čorić Marko, Popsimonova Gordana, Agić Rukie, 2018. The effect of diverse fertilisers on the quality of *Petunia x hybrida* „Duvet Pink“ seedlings, Academia Journal of Agricultural Research, Volume 6, Issue 6, 153-158. | 5 |
| Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови: | | |
| 1. | **Margarita Davitkovska**, Zvezda Bogevska, Gordana Popsimonova, Rukie Agic, Igor Iljovski, 2014. Examination of substrates in the production of seedlings of *Petunia hybrida grandiflora* hort. Journal of Agricultural, Food And Environmental Sciences, vol. 63, Skopje, 79-85. | 3 |
| 2. | Звезда Богевска, Гордана Попсимонова, Рукие Агич, **Маргарита Давитковска**, Игор Иљовски, 2014. Технологија на производство на кромидот бучинска аршлама во минатото и денес. Journal of Agricultural, Food And Environmental Sciences, vol. 63, Skopje, 86-91. | 3 |
| 3. | Zvezda Bogevska, Rukie Agic, Gordana Popsimonova, **Margarita Davitkovska**, Igor Iljovski, 2016. Reducing and Total Sugar Content in Onion During Storage in the Republic of Macedonia. Agro-knowledge Journal, vol. 17, no. 1, Banja Luka, 37-46. | 3 |
| 4. | **Margarita Davitkovska**, Gordana Popsimonova, Rukie Agic, Zvezda Bogevska, Boris Dorbić, Igor Iljovski, 2016. Examination of Seedlings Quality of *Pelargonium x hortorum* L. H. Bail. Treated with Fertilizers with Different Concentration of Ca (NO3)2. Agro-knowledge Journal, vol. 17, no. 1, Banja Luka, 91-99. | 3 |
| 5. | M. Zdravkovska, R. Agic, G. Popsimonova, Z. Bogevska, **M. Davitkovska**, 2016. Morphological Characteristics And Yield Of Carrot (*Daucus carota* L.) Grown With Application Of Microbiological Fertilizers. Journal of Agricultural, Food And Environmental Sciences, vol. 68, Skopje, 63-68. | 3 |
| 6. | **Margarita Davitkovska**, Vjekoslav Tanaskovic, Zvezda Bogevska, Gordana Popsimonova, Rukie Agic, Boris Dorbic, 2017. The Effect Of Fertilisers On The Quality Of *Petunia x hybrida* „Double Pirouette Purple“. Journal of Agricultural, Food And Environmental Sciences, vol. 71, no. 2, Skopje, 1-7. | 3 |
| 7. | **Margarita Davitkovska**, Vjekoslav Tanaskovic, Zvezda Bogevska, Gordana Popsimonova, Rukie Agic, Boris Dorbic, 2017. The Effect Of Fertilisers On The Quality Of *Petunia x hybrida* „Duvet Pink“. Journal of Agricultural, Food And Environmental Sciences, vol. 71, no. 2, Skopje, 8-14. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Zvezda Bogevska, Gordana Popsimonova, Rukie Agic, **Margarita Davitkovska**, 2017. Comparative Trials On Kapija Type Pepper Cultivars. Journal of Agricultural, Food And Environmental Sciences, vol. 71, no. 2, Skopje, 15-22. | 3 |
| 9. | Zvezda Bogevska, Gordana Popsimonova, Rukie Agic, **Margarita Davitkovska**, 2017. Agronomic Evaluation Of Tomato Hybrids For Glass-House Production. Journal of Agricultural, Food And Environmental Sciences, vol. 71, no. 2, Skopje, 23-29. | 3 |
| 10. | Agic Rukie, Popsimonova Gordana, Bogevska Zvezda, **Davitkovska Margarita,** Zdravkovska Marija, 2017. Possible Developments Issues In Organic Vegetable Production In R. Of Macedonia. Journal of Agricultural, Food And Environmental Sciences, vol. 71, no. 2, Skopje, 36-41. | 3 |
| 11. | Agic Rukie, Popsimonova Gordana, Bogevska Zvezda, **Davitkovska Margarita**, Zendeli Besnik, 2017. The Effect Of Substrate Type On The Quality Of Watermelon Seedlings. Journal of Agricultural, Food And Environmental Sciences, vol. 71, no. 2, Skopje, 47-52. | 3 |
| 12. | Rukie Agic, Marija Zdravkovska, Gordana Popsimonova, Daniela Dimovska, Zvezda Bogevska, **Margarita Davitkovska**, 2018. Yield And Quality Of Beetroot (*Beta vulgaris* ssp. *esculenta* L.) As A Result Of Microbial Fertilizers. Contemporary Agriculture, The Serbian Journal of Agricultural Sciences, University of Novi Sad, Faculty of Agriculture, vol. 67, no. 1, 40 – 44. | 3 |
| 13. | Boris Dorbić, Glorija Filipović, Emilija Friganović, Elma Temim, Anita Pamuković, Alisa Hadžiabulić, **Margarita Davitkovska**, 2018. Percepcije i stavovi građana o primjeni i održavanju cvjetnih vrsta na terasama i balkonima Knina, Glasnik Zastite bilja, vol. 41, no. 3, Zagreb, 4-8. | 3 |
| Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји: | | |
| 1. | **Margarita DAVITKOVSKA,** Gordana POPSIMONOVA, Rukie AGIC, Zvezda BOGEVSKA, Igor ILJOVSKI, 2014. Examination of Seedlings Quality of *Pelargonium x hortorum L. H. Bail.* Treated With Different Fertilizers. Book of proceedings. 5th International Scientific Agricultural Symposium “Agrosym 2014”, Jahorina, Bosnia and Herzegovina, 145-150. | 3 |
| 2. | Zvezda BOGEVSKA, Rukie AGIC, Gordana POPSIMONOVA, **Margarita DAVITKOVSKA**, Igor ILJOVSKI, 2015. Marketable Bulbs Of Onion “Buchinska Arshlama” Stored Traditionally And In Cold Rooms. Book of proceedings. Scientific Conference “Challenges in Modern Agricultural Production”, University “Ss. Cyril and | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Methodius"-Skopje, Institute of Agriculture, Skopje, R. Macedonia, 26-30. | |
| 3. | Iljovski I., Stojkoska D., Bogevska Z., **Davitkovska M.**, Tanaskovic V., Dimov Z., Nikolov S., 2015. The Effects of Colored Shade Nets on Yield of Tomato Produced in Skopje Region. Symposium Proceedings. 2th International Symposium for Agriculture and Food, Ohrid, Republic of Macedonia, 413-418. | 3 |
| 4. | **Davitkovska M.,** Popsimonova G., Tanaskovic V., Agich R., Bogevska Z., Iljovski I., 2015. The Influence Of Fertilizer Type On The Seedlings Quality Of Pelargonium Hortorum L. H. Bail. Symposium Proceedings. 2th International Symposium for Agriculture and Food, Ohrid, Republic of Macedonia, 433-438. | 3 |
| 5. | Bogevska Z., Agich R., Popsimonova G., **Davitkovska M.,** Iljovski I., 2015. Dry Matter, Soluble Solids and Ash Content in Onion Buchinska Arshlama During Storage in R. Macedonia. Symposium Proceedings. 2th International Symposium for Agriculture and Food, Ohrid, Republic of Macedonia, 439-445. | 3 |
| 6. | Agich R., Popsimonova G., Crvenkovski M., Bogevska Z., **Davitkovska M**., Zdravkovska M., 2015. Spring Cabbage Traits in Relation to Different Seedling Growing Technologies. Symposium Proceedings. 2th International Symposium for Agriculture and Food, Ohrid, Republic of Macedonia, 447-452. | 3 |
| Учество на научен/стручен собир со реферат: | | |
| 1. | **Margarita DAVITKOVSKA,** Gordana POPSIMONOVA, Rukie AGIC, Zvezda BOGEVSKA, Igor ILJOVSKI. Examination of Seedlings Quality of *Pelargonium x hortorum L. H. Bail.* Treated With Different Fertilizers. 5th International Scientific Agricultural Symposium "Agrosym 2014", Jahorina, Bosnia and Herzegovina, 23-26 October 2014. (постер презентација) | 0,5 |
| 2. | Zvezda BOGEVSKA, Rukie AGIC, Gordana POPSIMONOVA, **Margarita DAVITKOVSKA,** Igor ILJOVSKI. Physiological Loss During Storage of Sweet Onion In Republic Of Macedonia. 5th International Agricultural Symposium "Agrosym 2014", Jahorina, Bosnia and Herzegovina, 23-26 October 2014. (усна презентација) | 1 |
| 3. | Zvezda BOGEVSKA, Rukie AGIC, Gordana POPSIMONOVA, **Margarita DAVITKOVSKA**, Igor ILJOVSKI. Marketable Bulbs Of Onion "Buchinska Arshlama" Stored Traditionally And In Cold Rooms. Scientific Conference "Challenges in Modern Agricultural Production", Skopje, R. Macedonia, 11.12.2014. (постер презентација) | 0,5 |
| 4. | Iljovski I., Stojkoska D., Bogevska Z., **Davitkovska M.**, Tanaskovic V., Dimov Z., Nikolov S.. Effects of Colored Shade Nets on Yield of Tomato Produced in Skopje Region. 2th International Symposium for Agriculture and Food, Ohrid, Republic of Macedonia, 7-9 October 2015. (постер презентација) | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | **Davitkovska M.,** Popsimonova G., Tanaskovic V., Agich R., Bogevska Z., Iljovski I.. Influence of the Type of Fertilizer on *Pelargonium hortorum L. H. Bail.* Seedlings Quality. 2$^{th}$ International Symposium for Agriculture and Food, Ohrid, Republic of Macedonia, 7-9 October 2015. (постер презентација) | 0,5 |
| 6. | Bogevska Z., Agich R., Popsimonova G., **Davitkovska M.,** Iljovski I.. Dry Matter, Soluble Solids and Ash Content in Onion Buchinska Arshlama During Storage in R. Macedonia. 2$^{th}$ International Symposium for Agriculture and Food, Ohrid, Republic of Macedonia, 7-9 October 2015. (постер презентација) | 0,5 |
| 7. | Agich R., Popsimonova G., Crvenkovski M., Bogevska Z., **Davitkovska M**., Zdravkovska M.. Spring Cabbage Traits in Relation to Different Seedling Growing Technologies. 2$^{th}$ International Symposium for Agriculture and Food, Ohrid, Republic of Macedonia, 7-9 October 2015. (постер презентација) | 0,5 |
| 8. | **Margarita Davitkovska**, Gordana Popsimonova, Rukie Agic, Zvezda Bogevska, Boris Dorbic, Igor Iljovski. Examination of Seedlings Quality of *Pelargonium hortorum L. H. Bail.* Treated With Fertilizers With Different Concentration of $Ca(NO_3)_2$. 5$^{th}$ International Symposium on Agriculture Sciences, AgroReS, Banja Luka, Bosnia and Herzegovina, February 29 – March 3, 2016. (постер презентација) | 0,5 |
| 9. | Zvezda Bogevska, Rukie Agic, Gordana Popsimonova, **Margarita Davitkovska**, Igor Iljovski. Reducing and Total Sugar Content in Onion During Storage in R. Macedonia. 5$^{th}$ International Symposium on Agriculture Sciences, AgroReS, Banja Luka, Bosnia and Herzegovina, February 29 – March 3, 2016. (постер презентација) | 0,5 |
| 10. | **Margarita Davitkovska**, Vjekoslav Tanaskovic, Zvezda Bogevska, Gordana Popsimonova, Rukie Agic, Boris Dorbic. The Effect Of Fertilisers On The Quality Of *Petunia x hybrida* „Duvet Pink“. 3$^{rd}$ International Symposium For Agriculture And Food – ISAF 2017, Ohrid, Republic of Macedonia, 18 – 20 October, 2017. (постер презентација) | 0,5 |
| 11. | **Margarita Davitkovska**, Vjekoslav Tanaskovic, Zvezda Bogevska, Gordana Popsimonova, Rukie Agic, Boris Dorbic. The Effect Of Fertilisers On The Quality Of *Petunia x hybrida* „Double Pirouette Purple“. 3$^{rd}$ International Symposium For Agriculture And Food – ISAF 2017, Ohrid, Republic of Macedonia, 18 – 20 October, 2017. (постер презентација) | 0,5 |
| 12. | Zvezda Bogevska, Gordana Popsimonova, Rukie Agic, **Margarita Davitkovska**. Comparative Trials On Kapija Type Pepper Cultivars. 3$^{rd}$ International Symposium For Agriculture And Food – ISAF 2017, Ohrid, Republic of Macedonia, 18 – 20 October, 2017. (постер презентација) | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 13. | Zvezda Bogevska, Gordana Popsimonova, Rukie Agic, **Margarita Davitkovska**. Agronomic Evaluation Of Tomato Hybrids For Glass-House Production. 3rd International Symposium For Agriculture And Food – ISAF 2017, Ohrid, Republic of Macedonia, 18 – 20 October, 2017. (постер презентација) | 0,5 |
| 14. | Dorbic Boris, Crnica Kristijan, Simic Romanela, **Davitkovska Margarita**, Friganovic Emilija, Nanjar Ljiljana, Bogevska Zvezda. Research On Findings About Cultivation And Use Of Annual And Biennial Flowering Plant Species In The Region Of Sibenik And Knin – The Republic Of Croatia. 3rd International Symposium For Agriculture And Food – ISAF 2017, Ohrid, Republic of Macedonia, 18 – 20 October, 2017. (постер презентација) | 0,5 |
| 15. | Agic Rukie, Popsimonova Gordana, Bogevska Zvezda, **Davitkovska Margarita,** Zdravkovska Marija. Possible Developments Issues In Organic Vegetable Production In R. Of Macedonia. 3rd International Symposium For Agriculture And Food – ISAF 2017, Ohrid, Republic of Macedonia, 18 – 20 October, 2017. (усна презентација) | 1 |
| 16. | Popsimonova Gordana, Agic Rukie, Bogevska Zvezda, **Davitkovska Margarita**. Challenges For The Vegetable Sub-Sector Development In The Republic Of Macedonia. 3rd International Symposium For Agriculture And Food – ISAF 2017, Ohrid, Republic of Macedonia, 18 – 20 October, 2017. (усна презентација) | 1 |
| 17. | Agic Rukie, Popsimonova Gordana, Bogevska Zvezda, **Davitkovska Margarita,** Zendeli Besnik. The Effect Of Substrate Type On The Quality Of Watermelon Seedlings. 3rd International Symposium For Agriculture And Food – ISAF 2017, Ohrid, Republic of Macedonia, 18 – 20 October, 2017. (постер презентација) | 0,5 |
| 18. | Popsimonova Gordana, Agic Rukie, Bogevska Zvezda, **Davitkovska Margarita,** Dimitrova Radeska Biljana, Patceva Suzana. Agricultural Practices Contribution To The Pollution Of Lake Ohrid. 3rd International Symposium For Agriculture And Food – ISAF 2017, Ohrid, Republic of Macedonia, 18 – 20 October, 2017. (постер презентација) | 0,5 |
| 19. | Boris Dorbic, Sandra Dukic, Emilija Friganovic, **Margarita Davitkovska,** Zvezda Bogevska, Ana Vujosevic, Sandra Popovic. Perceptions and attitudes about ornamental characteristics of sub-mediterranean deciduous trees during the winter season. 53rd Croatian and 13th International Symposium on Agriculture, Vodice, Croatia, 18-23 February, 2018. (постер презентација) | 0,5 |
| Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција: | | |
| 1. | Popsimonova G., Agich R., Bogevska Z., **Davitkovska M.,** 2015. Productive Characteristics of Glasshouse Tomato Hybrids Cultivated in Sveti Nikole. Book of Abstracts. 2th International Symposium for Agriculture and Food, Ohrid, Republic of Macedonia, 168. | 1 |
| 2. | Agich R., Popsimonova G., Bogevska Z., **Davitkovska M.,** Zdravkovska M., 2017. Development Contains For Organic Vegetable | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Production In Macedonia. Book of Abstracts. Organic Agriculture For Agrobiodiversity Preservation, 3rd International Conference Agrobiodiversity, Novi Sad, Serbia, 21. | |
| 3. | Agich R., Zdravkovska M., Popsimonova G., Dimovska D., Bogevska Z., **Davitkovska M.,** 2017. Yield And Chemical Composition Of Beet (*Beta vulgaris* ssp. *esculenta* L.). Book of Abstracts. Organic Agriculture For Agrobiodiversity Preservation, 3rd International Conference Agrobiodiversity, Novi Sad, Serbia, 80. | 1 |
| 4. | Popsimonova Gordana, Agic Rukie, Bogevska Zvezda, **Davitkovska Margarita,** Dimitrova Radeska Biljana, Patceva Suzana, 2017. Agricultural Practices Contribution To The Pollution Of Lake Ohrid. Book of Abstracts. 3rd International Symposium For Agriculture And Food – ISAF 2017, Ohrid, Republic of Macedonia, 281. | 1 |
| 5. | Popsimonova Gordana, Agic Rukie, Bogevska Zvezda, **Davitkovska Margarita,** 2017. Challenges For The Vegetable Sub-Sector Development In The Republic Of Macedonia. Book of Abstracts. 3rd International Symposium For Agriculture And Food – ISAF 2017, Ohrid, Republic of Macedonia, 398. | 1 |
| 6. | Dorbic Boris, Crnica Kristijan, Simic Romanela, Davitkovska Margarita, Friganovic Emilija, Nanjar Ljiljana, Bogevska Zvezda, 2017. Research On Findings About Cultivation And Use Of Annual And Biennial Flowering Plant Species In The Region Of Sibenik And Knin – The Republic Of Croatia. Book of Proceedings. 3rd International Symposium For Agriculture And Food – ISAF 2017, Ohrid, Republic of Macedonia, 405. | 1 |
| 7. | Boris Dorbic, Sandra Dukic, Emilija Friganovic, **Margarita Davitkovska,** Zvezda Bogevska, Ana Vujosevic, Sandra Popovic, 2018. Perceptions and attitudes about ornamental characteristics of sub-mediterranean deciduous trees during the winter season. Book of Abstracts. 53rd Croatian and 13th International Symposium on Agriculture, Vodice, Croatia, 131 | 1 |
| 8. | M. Banić, M. Kokić, B. Dorbić, E. Friganović, E. Delić, **M. Davitkovska**, 2018. Istraživanje općih saznanja o nekim vrstama sukulenti i kaktusa za vrtove na Mediteranu. Zbornik sazetaka. I. Medunarodna znanstveno – strucna konferencija, Knin, Hrvatska, 4. | 1 |
| | **Вкупно** | **111** |

## СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. Број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| Поглавје во книга: | | |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Хаџи Пецова С., 2017. Цвеќарство: Давитковска М., поглавје - Објекти за производство на цветни и украсни култури (автор), Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје | 3 |
| 2. | Хаџи Пецова С., 2017. Цвеќарство: Давитковска М., поглавје - Почви и супстрати (автор), Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје | 3 |
| 3. | Хаџи Пецова С., 2017. Цвеќарство: Давитковска М., поглавје - Исхрана (автор), Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје | 3 |
| 4. | Хаџи Пецова С., 2017. Цвеќарство: Давитковска М., поглавје - Производство на расад (автор), Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје | 3 |
| 5. | Хаџи Пецова С., 2017. Цвеќарство: Давитковска М., поглавје - Морфолошки особини (коавтор), Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје | 2 |
| 6. | Хаџи Пецова С., 2017. Цвеќарство: Давитковска М., поглавје - Сезонски култури (коавтор), Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје | 2 |
| 7. | Хаџи Пецова С., 2017. Цвеќарство: Давитковска М., поглавје - Повеќегодишни цветни и украсни култури - перени (коавтор), Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје | 2 |
| Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија | | |
| 1. | Стручен надзор за хортикултурно уредување на проект: Хортикултурно уредување на Градски ѕид - Блок 9 на Бул. Кочо Рацин, Општина Центар, Скопје, мај 2015 – август 2015. | 1 |
| 2. | Стручен надзор за хортикултурно уредување на проект: Хортикултурно уредување на агол на ул. Радњанска и ул. Дане Крапчев во Дебар Маало, Општина Центар, Скопје, октомври 2015 – декември 2015. | 1 |
| 3. | Стручен надзор за хортикултурно уредување на проект: Хортикултурно уредување и систем за наводнување за Градски ѕид, Голем Ринг Запад - Индијанско Маало, Општина Центар, Скопје, октомври 2015 – мај 2016. | 1 |
| 4. | Стручен надзор за хортикултурно уредување на проект: Хортикултурно уредување на зелени површини со системи за наводнување на локација Голем ринг, Градски ѕид од бул. Димитрије Чупоски до бул. Св. Кирил и Методиј, Општина Центар, Скопје, јуни 2016 – октомври 2016. | 1 |
| 5. | Стручен соработник во изготвување на прирачникот “Подигнување и управување на училишни градини”, 2018. | 1 |
| 6. | Стручен соработник во изготвување на прирачникот “Наставна програма во училишни градини”, 2018. | 1 |
| Учество во работата на комисии за државни натпревари | | |
| 1. | Член од областа на хортикултурата во Државната централна комисија, за натпреварот “Лидер во струката” на учениците од | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | завршната година на средно образование за 2014-2015 година, Скопје, 26.11.2014. | |
| 2. | Член во централната комисија за оценување и рангирање на учениците учесници на 46-ти државен натпревар на училишта од земјоделско-ветеринарна и шумарска струка во Република Македонија во дисциплина аранжирање на цвеќе, Тетово, 4.5.2016. | 1 |
| 3. | Член во централна комисија на 48-ми државен натпревар на ученици од училишта со земјоделско ветеринарна и шумарска струка во Република Македонија, Битола, 4.4.2018. | 1 |
| Учество во промотивни активности на ФЗНХ-Скопје во периодот 2014-2018 | | 2,5 |
| | | |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | |
| Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание | | |
| 1. | FRUCTUS – Časopis Naučnog voćarskog društva Republike Srpske - Voćarstvo, vinogradarstvo, povrtarstvo i cvjećarstvo | 0,5 |
| Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание | | |
| 1. | Međunarodno uredništvo Glasila Future | 1 |
| Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир | | |
| 1. | Член на Секретаријат на меѓународен научен симпозиум (3rd International Symposium for Agriculture and Food, Ohrid, Republic of Macedonia, 18-20 October 2017) | 1 |
| 2. | Член на Програмски одбор на меѓународна научно/стручна конференција (I. Medunarodna znanstveno – strucna konferencija, Knin, Hrvatska, 21-22 rujan 2018) | 1 |
| Студиски престој во странство: | | |
| 1. | University of Applied Sciences Marko Marulic in Knin, Croatia, 13-17. 06. 2016 | 0,5 |
| Член на факултетска комисија | | |
| 1. | Член на Комисија за спорт и студентски активности на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје (2014-2017) | 0,5 |
| 2. | Член на Комисија за спорт и студентски активности на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје (2017-2021) | 0,5 |
| 3. | Член на Совет на втор циклус студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје (2017-2021) | 0,5 |
| 6. | Член на Совет на трет циклус студии на студиската програма Растителна биотехнологија на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на УКИМ во Скопје (2017-2021) | 0,5 |
| Учество во комисии и тела на државни и други органи | | |

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Член во Потсекторска постојана група за уредување на земјоделските пазари со цвеќе и украсни дрва при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија | 1 |
| | **Вкупно** | **36,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 139,7 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 111 |
| СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 36,5 |
| **Вкупно** | **287,2** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Стефанка Хаџи Пецова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (во пензија), претседател с.р.

Проф. д-р Гордана Попсимонова, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, член с.р.

Проф. д-р Јане Ацевски, редовен професор на Шумарскиот факултет во Скопје, член с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „НАУЧЕН ПРИСТАП ПРИ ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БАЛАНС НА МАСА ВО СТУДИИТЕ НА ФОРСИРАНА ДЕГРАДАЦИЈА НА МОЛЕКУЛИ ОД ГРУПАТА НА СТАТИНИ“ ОД М-Р МАЈА ХАЏИЕВА ГИГОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 26.9.2018 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Маја Хаџиева Гиговска со наслов „Научен пристап при определување на баланс на маса во студиите на форсирана деградација на молекули од групата на статини“, во состав: проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска (претседател), проф. д-р Анета Димитровска (ментор), проф. д-р Катерина Брезовска (член), проф. д-р Марија Главаш Додов (член) и проф. д-р Биљана Ѓорѓеска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Маја Хаџиева Гиговска, со наслов „Научен пристап при определување на баланс на маса во студиите на форсирана деградација на молекули од групата на статини“, претставува оригинален самостоен научноистражувачки труд.

Трудот е структуриран во 8 глави и тоа: Вовед, Цели, Експериментален дел, Резултати, Дискусија, Заклучок, Литература и Прилози. На крајот е даден преглед на објавени оригинални научни трудови, кратки соопштенија и апстракти поврзани со проблематиката опфатена во дисертацијата. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата што е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, кандидатката дава објаснување што претставува поимот баланс на маса, начин на пресметка и негова применливост, со што се потенцира важноста на проблематиката и воедно се образложуваат целите на истражувањето. На почетокот на воведот, кандидатката ја дава дефиницијата за баланс на маса (англ. *mass balance*) како *Процес на собирање на вредноста добиена за содржината на активната супстанција и нивото на деградациони продукти, што има тенденција да биде блиску до 100% од почетната вредност, имајќи ја предвид можноста за аналитичка грешка*. Кандидатката истакнува дека определувањето на балансот на маса овозможува подобро разбирање на алтернативните патишта на деградација на активната супстанција и лесно откривање на можни интеракции со ексципиенсите, исто така се користи за определување на потенцијата на референтни стандарди, а при нови реакции на синтеза за докажување на ефикасноста на хемиската трансформација, како индикатор на потенцијални загуби при повеќекратни процеси на производство. Во продолжение, кандидатката истакнува дека иако навидум станува збор за едноставен пристап, не е можно да се постигне во сите околности, посочувајќи дека постојат бројни проблеми при воспоставувањето на балансот на маса, како на пример: формирање на повеќе деградациони продукти преку комплексни реакциони патишта и нецелосна детекција на истите заради губење на UV-хромофор, губење на активната компонента/деградационите продукти преку испарување или дифузна загуба преку контејнерот, хроматографски проблеми како несоодветно елуирање/резолуција, несоодветни или непознати фактори на одговор, неможност да се интегрираат сите пикови заради лошата хроматографија, коелуирање со активната компонента, недостаток на стандарди од сите онечистувања, грешки и варијабилност на резултатите од анализа на содржината итн. Во воведниот дел од овој труд е наведен вообичаениот пристап за определување на балансот на

маса, како и недостатоците што овој пристап ги има. Кандидатката го презентира пристапот базиран на ризик како нов пристап што ги надминува недостатоците од емпириското определување на балансот на маса. Опишани се основните принципи, како и влијанието на клучните параметри во евалуацијата на балансот на маса.

Балансот на маса е едноставен концепт, но неговото определување може да биде вистински предизвик, па примената на пристап базиран на процена на ризик е оправдана, бидејќи постојат многу фактори што значително можат да имаат влијание врз резултатите од определувањето. Кандидатката укажува дека аналитичарот мора да земе предвид широк спектар на аспекти при определувањето на балансот на маса, вклучувајќи параметри поврзани со инструментите, карактеристиките на примерокот, параметрите зададени во методот, стехиометрија на реакцијата на деградација итн.

Тргнувајќи од фактот дека во литературата нема податоци што се однесуваат на проценка на критичните фактори што влијаат на определувањето на балансот на маса, не е тешко да се согледа дека е огромен аналитички предизвик да се опфатат што е можно повеќе сценарија со цел да се потенцира применливоста на пристапот базиран на ризик и бенефитите што би следеле. За да може да се добијат репрезентативни примероци за евалуација на балансот на маса, во рамките на овој труд се користени студии на форсирана деградација. Во воведот аргументирано е прикажана актуелноста и важноста на студиите на форсирана деградација при определувањето на балансот на маса. Кандидатката во посебен дел од воведот ја истакнува и примената на екперименталениот дизајн и мерната неодреденост при определувањето на балансот на маса во студиите на форсирана деградација**.**

Тргнувајќи од современите теориско-концепциски пристапи што ја втемелуваат и ја детерминираат рамката на согледувањето, разбирањето и определувањето на балансот на маса, кандидатката мошне умешно, стручно и научно, со голема иновативност ја анализира потребата од примена на пристап базиран на проценка на ризик како пристап што обезбедува квалитетни и веродостојни резултати.

Во поглавјето **Цели**, кандидатката ги наведува основните цели на оваа докторска дисертација, и тоа воспоставување на научен пристап базиран на проценка на ризик за надминување на предизвиците при определувањето на балансот на маса во студиите на форсирана деградација на молекули од групата на статини.

Во поглавјето **Експериментален дел** се наведени сите супстанции, реагенси и растворувачи, стандардни супстанции и примероци, како и софтвери користени при изработката на оваа докторска дисертација.

Во експерименталниот дел, детално се објаснети сите аналитички методи потребни за определување на балансот на маса кај форсирани студии на деградација на симвастатин, аторвастатин и росувастатин. Сите методи и пристапи во оваа дисертација се дизајнирани во согласност со модерните аналитички принципи и сознанија и се во согласност со сите препораки на релевантните научни и регулаторни водичи што се актуелни во моментот на пишување на дисертацијата.

Најобемен дел на докторската дисертација е поглавјето **Резултати.** Во ова поглавје се прикажани резултатите од целокупните испитувања реализирани во рамките на докторската дисертација. Во ова поглавје, како посебни целини, кандидатката ги прикажува и ги анализира резултатите добиени од: развојот, оптимизацијата и валидацијата на методите на течна хроматографија со високи перформанси и масена спектрометрија за определување на содржината и деградационите продукти за секој молекул поединечно; методите на гасна хроматографија употребени за определување на резидуални растворувачи и други лесно испарливи соединенија; определувањето на содржината на вода (со гравиметриски метод со сушење или семи-микро потенциометриска титрација); определувањето на неоргански онечистувања (со лимит тестови и

индуктивно спрегната плазма/атомска емисиона спектрометарија). Кандидатката посветува посебен дел на резултатите и дискусијата за примената на експериментален дизајн во оптимизација на постапката за изведба на студиите на форсирана деградација за секој молекул поединечно.

Во делот **Резултати**, посебно се прикажани резултатите од валидацијата на методите и нивната евалуација. Резултатите од определувањето на мерната неодреденост се прикажани во три посебни целини. Добиените податоци од спроведените испитувања се прикажани во слики, табели како и прегледни дијаграми, од каде што лесно може да се согледаат клучните информации што овозможуваат веродостојно толкување на добиените резултати од реализираното истражување.

Добиените резултати од спроведените истражувања имплицираат дека успешно е направено инкорпорирање на предложениот пристап базиран на ризик преку статистичкиот дизајн на експериментите во евалуацијата на билансот на маса, како аналитички проблем.

**Дискусијата** за добиените резултати е аргументирана, со соодветно толкување и споредба на добиените резултати од истражувањето со теоретските сознанија и литературните податоци од областа.

Во **Заклучокот** се сумирани согледувањата што произлегуваат од поставените цели, извршените експерименти и добиените резултати. Изнесени се заклучоците за секој дел од испитувањата. Во овој дел, кандидатката сумира дека со докторската дисертација се опфатени сите аспекти за воспоставување соодветен добро окарактеризиран, сеопфатен, научен пристап за определување на билансот на маса во студиите на форсирана деградација.

На крајот, кандидатката дава генерален заклучок дека, како концепт, дисертацијата е фокусирана на развој и комбинирање на различни техники и алатки што како целина, од една страна, овозможуваат темелна евалуација на различните проблеми што се јавуваат при определувањето на билансот на маса, а од друга страна се доволно едноставни, ефикасни и робусни за рутинска примена и обезбедување на точен, сигурен и веродостоен резултат.

Принципите на предложената аналитичко-статистичката методологија употребена на модел-супстанциите (симвастатин, аторвастатин и росувастатин) е применлива и за кој било друг молекул.

Прегледот на користената **Литература** е според редоследот на цитирање на литературата во текстот на дисертацијата. Бројот на цитирани референци претставува солидна теоретска основа за изнесените сознанија.

Во прилог, кандидатката приложува список на рецензирани оригинални научни трудови, кратки соопштенија и конференциски апстракти поврзани со проблематиката на докторската дисертација.

## **Предмет на истражување**

Предмет на истражување во докторскиот труд е воспоставување на добро окарактеризирана методологија, соодветена за определување на билансот на маса, со посебен акцент на примероци од форсирана деградација. Како модел-молекули за определување на билансот на маса се одбрани три молекули од групата на статини (инхибитори на 3-хидрокси-3-метилглутарил-коензим А (HMG-CoA) редуктаза – ензимот, и тоа: симвастатин, аторвастатин, росувастатин. Изборот е направен врз основа на нивните карактеристични аналитички обележја и докажаната својствена нестабилност.

За успешно остварување на целта, извршено е определување на сите елементи потребни за пресметка на билансот на маса (определување содржина на активна супстанција со високо-специфична техника соодветна на намената, определување содржина на вода, определување содржина на органски и неоргански онечистувања, резидуални растворувачи и други лесно испарливи соединенија, енантиомерни онечистувања, како и карактеризација на непознати онечистувања со примена на LC/MS).

За развој и оптимизација на применетите методи, како и за оптимизација на условите на форсирана деградација (фотолитичка, термална, оксидативна деградација и кисело/базна хидролиза) применет е експериментален дизајн.

Кандидатката со изборот на предметот на истражувањето се определила да анализира актуелен и комплексен проблем, додека теориската и практичната операционализација покажува дека успешно ја владее теориската рамка, како и концепциските релации и терминологијата што произлегува од интердисциплинарниот пристап.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Кандидатката констатира дека и покрај тоа што проблемот поврзан со определувањето на балансот на маса е познат за научната јавност, нивото на научноистражувачка работа од оваа област е ограничен на мал број студии каде што евалуирањето на балансот на маса најчесто се спомнува како дел од развојот на “*stability indicating*” методите, а уште помал е бројот на студии што се однесуваат на определување на балансот на маса кај примероци од форсирана деградација.

Кандидатката, исто така, констатира дека во литературата нема податоци што се однесуваат на проценка на критичните фактори што влијаат врз определувањето на балансот на маса, користејќи системски пристап на проценка, базиран на цврсти научни сознанија и докази, како што е случај во оваа докторска дисертација.

Соогласно со најновите трендови во фармацевтската индустрија се издвојува пристапот на квалитет според дизајн (англ. *Quality by design*) како систематски пристап што обезбедува квалитет во текот на животниот циклус на лекот, но главно, фокусот е ставен на развој на самиот фармацевтски производ, а мал акцент се става на аналитичкиот развој. Принципите на овој пристап се добро воспоставени и опишани во водичите на Американската агенција за лекови и храна и на Интернационалната конференција за хармонизација, но сè уште недостасуваат информации за детално објаснување на начинот на изведување и на неговата применливост. Во литературата постојат голем број на примери и дискусии за развој на аналитички методи според принципите на квалитет според дизајн, но нема достапни информации за примена на овој пристап за определување на балансот на маса. Од друга страна, регулаторните тела, како Американската агенција за лекови и храна и Меѓународната конференција за хармонизација, ја охрабруваат и ја промовираат примената на QbD-пристапот во фармацевтската индустрија, во сите сегменти каде што е возможна и оправдана неговата применливост.

Кандидатката истакнува дека широката и потврдена применливост на QbD-пристапот, особено сегментот што се однесува на проценка на ризик, дава можност за негова примена во градењето на соодветна стратегија при определувањето на балансот на маса.

Кандидатката укажува дека со одделни алатки на QbD-пристапот, како на пример, идентификација и дефинирање на критичните параметри, воспоставување на критериуми за квалитет и управувањето со ризик, може да се искористат за да се проценат факторите што имаат значително влијание врз определувањето на балансот на маса, а со тоа се овозможува цврста основа за изградба на соодветен научен пристап за евалуација на балансот на маса.

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

Кандидатката ги има детално наведено сите методи потребни за определување на елементите што се користат во пресметката на балансот на маса, и тоа:

- определување содржина на симвастатин, аторвастатин и росувастатин со примена на HPLC/DAD метод во соогласност со постапка пропишана во Европската фармакопеја за секој молекул поединечно;

- UPLC/UV метод за определување содржина на симвастатин за чија оптимизација е применет Box-Behnken дизајн, како и Plackett–Burman дизајн применет за утврдување на робусноста на методот;
- UPLC/UV метод за определување содржина на росувастатин за чија оптимизација е применет експериментален дизајн;
- определување на органски онечистувања (сродни и деградациони продукти) на симвастатин, аторвастатин и росувастатин со примена на HPLC/DAD метод во согласност со постапка пропишана во Европската фармакопеја за секој молекул поединечно;
- нов, развиен, оптимизиран (користејќи експериментален дизајн) и валидиран UPLC/DAD/MS метод за определување и карактеризација на деградациони продукти на симвастатин;
- LC/DAD/MS метод за определување и карактеризација на сродни и деградациони продукти на аторвастатин;
- нов, развиен, оптимизиран и валидиран метод UPLC/DAD/MS метод за определување и карактеризација на сродни и деградациони продукти на росувастатин;
- HS-GC/FID методи за определување на резидуални растворувачи и други лесно испарливи соединенија на симвастатин, аторвастатин и росувастатин;
- LC/DAD енантиоселективни методи во согласност со постапка пропишана во монографиите во Европската фармакопеја за определување на енантиомерни онечистувања на аторвастатин и росувастатин;
- определување содржина на вода (гравиметриски метод со сушење кај симвастатинот и семи-микро потенциометриска титрација кај аторвастатин и росувастатин)
- лимит тестови во согласност со постапка пропишана во Европската фармакопеја, применети за определување на неоргански онечистувања кај симвастатин, аторвастатин и росувастатин;
- метод на индуктивна спрегната плазма/атомска емисиона спектрометарија пременет за определување на содржина на неоргански онечистувања на росувастатин.

Согласно со зададените цели за утврдување на оптималните услови и правилна изведба на студиите на форсирана деградација, проценето е влијанието на одделни фактори (јачина на стресор, температура и време на експозиција) користејќи потполн факторски $2^3$ (англ. *Full factorial* $2^3$ *design*) експериментален дизајн за секоја молекул поединечно.

**<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>**

Трудот на кандидатката м-р Маја Хаџиева Гиговска, под наслов „Научен пристап при определување на баланс на маса во студиите на форсирана деградација на молекули од групата на статини“, претставува сеопфатна, комплексна и научно издржана дисертација, што третира една современа и мошне актуелна материја, што не е многу обработувана и елаборирана од страна на научната и стручната јавност. Дисертацијата овозможува длабока теориска разработка на еден сложен концепт како што е балансот на маса, со сите негови предности и слабости. Овој уникатен карактер на трудот посебно е нагласен со добиените резултати и сознанија од самото истражување во трудот.

Кандидатката м-р Маја Хаџиева Гиговска преку спроведеното истражување детално го согледува проблемот на непостигнување на балансот на маса и факторите што имаат значително влијание врз неговото определување и предлага соодветна и добро разработена аналитичко-статистичка методологија за таа цел.

Резултатите приложени во оваа докторска дисертација даваат огромен број на податоци потребни за определување на балансот на маса (определување на содржината на секој молекул со два независни методи, определување на органски онечистувања - сродни и деградациони продукти, определување на неоргански и енантиомерни онечистувања, резидуални растворувачи и останати лесно испарливи компонетни, како и определување на содржина на вода). За да се преточат сите овие

податоци во сеопфатен научен пристап што ќе придонесе за рационална, но пред сѐ точна проценка на балансот на маса во студиите на форсирана деградација, предложен е модел за евалуација на сите аналитички аспекти што би можеле да имаат влијание при определување на балансот на маса.

Извршено е определување на содржината на секој од молекулите (пред и по студија на форсирана деградација) со високоспецифични техники соодветни на намената. Во насока на потврда на резултатите добиени со предложените нови методи е извршена споредба со резултатите добиени со методите пропишани во Европската фармакопеја и е потврдено дека не постои статистички значајна разлика помеѓу нив. Извршено е определување на содржината на вода и, соогласно со добиените резултати, содржината на вода кај сите три молекули покажа дека има значителен удел и не може да се изостави, па неопходно е да биде вклучена при пресметка на иницијалната содржина на секоја од активните компоненти. Извршено е определување на неоргански онечистувања, енантиомерни онечистувања, резидуални растворувачи и други испарливи онечистувања кај сите три молекули користејќи ги соодветните фармакопејски методи и, соогласно со добиените резултати, утврдено е дека имаат незначително влијание на финалната пресметка.

Во рамките на ова истражување при определувањето на органските онечистувања е направена споредба на резултатите добиени користејќи метод на надворешен стандард и метод на нормализација и е евалуирано влијанието на релативниот фактор на одговор и односот на молекуларните маси. Определено е нивното влијание врз пресметката на балансот на маса и е утврдено дека тие треба да бидат земени в предвид во финалната пресметка.

Придобивката од примената на експериментален дизајн (DoE) при оптимизација на експерименталните услови за изведба на студиите на форсирана деградација е брз и сеопфатен скрининг на критичните параметри и едновремено евалуирање на влијанието на најзначајните фактори при ваков тип на анализа (јачина на стерсор, време на експозиција, температура). Употребата на DoE за идентификување на теоретските вредности на варијаблите за оптимална деградација е успешна, бидејќи кога предложените параметри се експериментално проверени, добиените резултати соодветствуваат со степенот на предвидената деградација. Употребата на DoE овозможува од добиените резултати да се донесат заклучоци за однесувањето на молекулите во рамките на целиот опсег на истражување, и овозможува подобар квалитет на податоците со помалку лабораториска работа, а сето тоа води кон намалување на трошоците за анализа.

Генерално, со примената на дизајн на експерименти како концепт во рамките на целата студија се добива поголема сигурност при изведба на експериментите, а со тоа поголема сигурност на добиените резултати и секако се постигнува минимизирање на варијабилноста на добиените резултати и помала грешка при пресметката на балансот на маса.

Евалуирани се сите аналитички аспекти при определувањето на балансот на маса со примена на пристап базиран на ризик што опфаќа: идентификација, класификација и проценка на ризик-факторите. Идентификувањето на потенцијалните фактори што влијаат на процесот на определување на балансот на маса е направено со помош на дијаграм на причина и последица, каде што причините се групирани во шест главни категории на фактори: опрема, метод, мерења и пресметки, материјали, околина и луѓе, за да се идентификуваат изворите на варијабилност. Со користење на анализата на причини за неуспех и ефекти (англ. *Failure Mode Effects Analysis*) е претставена и развиена методологијата за проценка на ризиците. Евалуацијата на ризикот е извршена според нумеричките вредности добиени за бројот на приоритет на ризик (англ. *Risk Priority Number*, RPN) и ризиците се категоризирани во 3 групи според таканаречениот семафор тип за категоризација (низок, среден и висок ризик). Приоритетот на ризиците е направен користејќи Парето дијаграм од каде што се издвоени најкритичните параметри, што понатаму експериментално се определени и евалуирани. За сите критични параметри е пресметана мерната неодреденост и повторно е направена ризик-анализа што покажа дека е минимизиран нивниот ефект на крајната пресметка при определувањето на балансот на маса.

Добиените резултати од ова истражување укажуваат на нужноста и огромното значење на примената на пристапот базиран на ризик при определувањето на балансот на маса кај студии на форсирана деградација што е насочен кон добивање на валидни резултати и научно верификувани сознанија. Предложената аналитичко-статистичката методологија претставува рационално и прифатливо решение во оваа сфера. Принципите на оваа методологија употребена на модел-супстанциите (симвастатин, аторвастатин и росувастатин) се применливи и за кој било друг молекул.

## Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Маја Хаџиева Гиговска, со наслов „Научен пристап при определување на баланс на маса во студии на форсирана деградација на молекули од групата на статини“, претставува истражување во научното подрачје фармација, потесна област: аналитика на лекови. Изработката на темата на оваа докторска дисертација е фокусирана на воспоставување на добро окарактеризирана методологија, соодветена за определувањето на балансот на маса, со посебен акцент на примероци од форсирана деградација.  Оваа докторска дисертација претставува значаен научен придонес во ова поле, а воедно претставува одговор на сѐ поактуелните и погласните регулаторни барања за евалуација на балансот на маса. На овој начин е задоволен критериумот резултатите од научните истражувања да даваат можност за практична примена.

Добиените резултати ќе помогнат во одредување на правецот на понатамошните испитувања во насока на подобрување на квалитетот, а и вооедно степенот на  сигурност на добиени резултати од ваков тип на студии.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Маја Хаџиева Гиговска со наслов **„**Научен пристап при определување на баланс на маса во студии на форсирана деградација на молекули од групата на статини“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

## Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатката пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

**Hadzieva Gigovska, M.**, Petkovska, A., Acevska, J. et al., 2018. Comprehensive Assessment of Degradation Behavior of Simvastatin by UHPLC/MS Method, Employing Experimental Design Methodology. *International Journal of Analytical Chemistry*, 1(1), pp 1-17. Импакт фактор: 1.479.

**Hadzieva Gigovska, M.**, Petkovska, A., Acevska, J., Nakov, N., Manchevska, B., Antovska, P., Ugarkovic, S., Dimitrovska, A. 2018. Optimization of forced degradation study of atorvastatin encountering experimental design approach. *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering*, 37 (2). Импакт фактор: 0.612.

**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир**:

**Hadzieva**, **M**., Ugrinova, L., Nakov, N., Brezovska, K., Petrusevska, J., Dimitrovska, A., 2011. Advantages of core-shell technology compared with traditional fully porous column. *Book of Abstracts of the 2th Congress on Pharmacists of Bosna and Herzegovina with International Participation*, Banja Luka, Bosna and Herzegovina.

**Hadzieva Gigovska, M.**, Grozdanoska, M., Petkovska, A., Acevska, J., Sapkarova, B., Brašnarska, I., Ugarkovic, S., Dimitrovska, A. 2016. Implementation of design of experiments for optimization of forced degradation of simvastatin. *Macedonian pharmaceutical bulletin*, 62(1), pp. 147 – 148.

**Hadzieva Gigovska, M.**, Grozdanoska, M., Petkovska, A., Acevska, J., Sapkarova, B., Brašnarska, I., Ugarkovic, S., Dimitrovska, A. 2016. LC-MS method development strategy within a quality by design framework on simvastatin. *Book of Abstracts of the 18th International Symposium on Advances in Extraction Technologies—ExTech'2016 and the 22nd International Symposium on Separation Science—ISSS'2016*, Toruń, Poland.

**Hadzieva Gigovska, M.**, Petkovska, A., Brašnarska, I., Acevska, J., Ugarkovic, S., Dimitrovska, A. 2017. Experimental design approach used for optimization of forced degradation study of atorvastatin followed by LC-MS characterization of the degradation products, method development strategy within a quality by design framework on simvastatin. *Book of Abstracts of the 45th International Symposium on High Performance liquid phase separations and related techniques*, Prague, Czech Republic.

**Hadzieva Gigovska, M**., Petkovska, A., Acevska, J., Nakov, N., Antovska, P., Ugarkovic, S., Dimitrovska, A. 2018. Science–Based Quality by Design Concept for Mass Balance Study of Forced Degradation of Rosuvastatin. *Book of abstracts of the* 32$^{nd}$ International Symposium on Chromatography ISC 2018, Cannes-Mandelieu, France.

**Hadzieva Gigovska, M**., Petkovska, A., Acevska, J., Nakov, N., Manchevska, B., Antovska, P., Ugarkovic, S., Dimitrovska, A. 2018. A desirability-based multi objective approach for modeling, predicting and optimization of experimental condition for forced degradation of rosuvastatin. *Book of abstarcts of the VIIth Serbian Congress of Pharmacy with international participation*, Belgrade, Serbia.

**Усна презентација на научен собир**

**Hadzieva Gigovska, M**., Petkovska, A., Acevska, J., Nakov, N., Manchevska, B., Antovska, P., Ugarkovic, S., Dimitrovska, A. 2018. Multiple experimental designs in optimization of experimental variables in forced degradation study of rosuvastatin. Oral presentation at the 25th Congress of SCTM, Ohrid, R. Macedonia.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По деталната анализа на докторската дисертација со наслов „Научен пристап при определување на баланс на маса во студии на форсирана деградација на молекули од групата на статини", поднесена од кандидатката м-р Маја Хаџиева Гиговска, Комисијата заклучува дека студијата претставува самостоен научноистражувачки труд од областа на фармацијата. Резултатите од испитувањата опфатени во оваа дисертација се оригинални и даваат придонес во аналитиката на лековите преку вклучување на нов сегмент - добро окарактеризиран научен пристап, базиран на процена на ризик и научни факти, соодветен за определување на балансот на маса, со посебен акцент на примероци од форсирана деградација. При изработката на трудот, обработени се голем број литературни податоци, користен е рационален пристап и современа методологија, резултатите се јасно презентирани и толкувани, дискусијата е аргументирана, а заклучоците се конкретно изведени. Добиените резултати и изведените заклучоци потврдуваат дека во текот на развојот и оптимизацијата се воспоставени методи што ќе можат да се користат во секојдневната рутинска анализа. На тој начин, фармацевтската индустрија се здобива со моќна алатка со која може да го гарантира квалитетот и сигурноста на добиените резултати при ваков тип на студии. Добиените резултати од овој труд се

очекува да имаат значаен научен придонес во ова поле, а можноста за искористување на резултатите во апликативни цели го задоволува критериумот на научни истражувања со можност за практична примена.

За квалитетот на докторската дисертација укажуваат и објавените научни трудови во меѓународни научни списанија, кратките соопштенија и конференциските апстракти.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Маја Хаџиева Гиговска со наслов „Научен пристап при определување на баланс на маса во студии на форсирана деградација на молекули од групата на статини “.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Сузана Трајковиќ Јолевска, с.р., претседател
УКИМ, Фармацевтски факултет, Скопје

Проф. д-р Анета Димитровска, с.р., ментор
УКИМ, Фармацевтски факултет, Скопје

Проф. д-р Катерина Брезовска, с.р., член
УКИМ, Фармацевтски факултет, Скопје

Проф. д-р Марија Главаш Додов, с.р., член
УКИМ, Фармацевтски факултет, Скопје

Проф. д-р Биљана Ѓорѓеска , с.р., член
УГД, Фармацевтски факултет, Штип

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „**ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА МЕТОДОТ ’ИНТЕГРИРАНО УЧЕЊЕ‘ ВО ИЗУЧУВАЊЕТО НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК КАКО СТРАНСКИ ЈАЗИК ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ“ ОД М-Р НЕДА РАДОСАВЛЕВИЌ,** ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата дваесет и четврта редовна седница одржана на 19.9.2018 година избра Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Неда Радосавлевиќ со наслов ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА МЕТОДОТ „ИНТЕГРИРАНО УЧЕЊЕ“ ВО ИЗУЧУВАЊЕТО НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК КАКО СТРАНСКИ ЈАЗИК ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ, во состав:

проф. д-р Екатерина Бабамова, (претседател)

проф. д-р Анжела Николовска, (ментор)

проф. д-р Марија Јанева Михајловска (член)

проф. д-р Зозе Мургоски (член)

доц. д-р Мира Беќар (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Неда Радосавлевиќ, со наслов ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА МЕТОДОТ „ИНТЕГРИРАНО УЧЕЊЕ” ВО ИЗУЧУВАЊЕТО НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК КАКО СТРАНСКИ ЈАЗИК ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**,** содржи 249 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman со проред 1,5 и големина на букви 12.

Трудот е структуриран во шест глави, библиографија и прилози. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, мотивацијата и структурата на трудот.

**Првата глава** е насловена „Основни теориски прашања". Во неа се дефинирани основните поими кои се предмет на интерес во трудот и поставена е теоретската рамка. Поимот „комбинирано учење" (blended learning), кој во трудот се користи наизменично со поимот „интегрирано учење", се однесува на комбинирање на традиционалниот модел на фронтална настава со современа настава со примена на технологија. Поимот *интегрирана настава* упатува на нејзина потполност и целовитост, односно укажува на интегрираноста на компонентите во компактна целина. Овде се резимираат карактеристиките на интегрираното учење и неговите предности кои вклучуваат: адаптирање на индивидуалните интереси и потреби на студентите, развивање на когнитивни, емоционални и социјални вештини, поттикнување на интеракцијата и комуникацијата меѓу студентите, флексибилност во поглед на местото и времето на реализирање на наставата, поттикнување на мотивацијата преку формативно оценување итн. Потоа се дискутираат теориите на учење врз кои се темели идејата за комбинирано учење, како што се: моделот на андрагогија на Ноулз, социокултурната теорија на Виготски, конструктивизмот и експерименталното учење на Колб. Следува приказ на релевантните истражувања на комбинираното учење во високото образование во светот кои покажуваат дека комбинираното учење доведува до редефинирање на целите за учење, зголемување на успехот и мотивацијата кај студентите, подобрување на динамичноста и интеракцијата и сл. Истражувањата на примената на комбинираното учење во Македонија покажуваат дека дигиталниот систем се користи само во 50 % од високообразовните наставни контексти.

Во **втората глава,** насловена „Примена на комбинираното учење", се разгледуваат основните критериуми за реализирање на комбинираната настава кои вклучуваат: дефинирање на целите на учење, препознавање на различните стилови за учење, создавање услови за имплементирање на комбинираното учење, итн. Се анализираат основните цели и карактеристики на интегрираното учење, неговата улога во трансформирање на наставата, условите неопходни за креирање комбинирана настава, потоа предизвиците при имплементирање на комбинираното учење во наставата, можните недостатоци и тешкотии во однос на организацијата и адаптирањето на наставниците на новиот метод на работа. Се дискутира теоретската рамка на заедницата за истражување (community of inquiry) која се темели на социјална, когнитивна активност и комуникација со наставникот.

Во **третата глава,** насловена „Креирање на настава со комбиниран модел", се разгледуваат можностите за поврзување на синхроната и асихроната дигитална комуникација и карактеристиките на дискурсот. Се истакнува потенцијалот на комбинираното учење што се состои во одржувањето на комуникација надвор од временските ограничувања на традиционалната фронтална настава. Се анализираат фазите на имплементирање на комбинираниот модел: истражувачката фаза, фазата на интеграција и фазата на апликација и резолуција. Се нагласува улогата на наставникот во создавање стимулативна средина за учење и насочување на студентите. Се укажува на можните форми на професионален развој на наставниците за примена на комбинираното учење и креирање наставни програми според комбинираниот модел.

**Четвртата глава,** насловена „Мотивираност на студентите од употребата на технологијата при изучувањето на англискиот јазик како странски", се фокусира на мотивираноста на студентите за комбинираното учење како и адаптирањето на наставните активности во дигиталната средина. Кандидатката истакнува дека дигиталните активности треба да бидат добро осмислени, интересни и да ги поттикнуваат критичко мислење и интерактивноста кај студентите. При креирање и имплементирање дигитални активности

треба да се земат предвид наставните цели, нивоата на когнитивна активност според Блум, различните стилови на учење и нивото на јазична компетенција. Образложени се конкретни предлози за дигитални активности како што се: активности за загревање, квизови, проектни задачи, структурирани дискусии, игри и симулации и сл. Дадени се и насоки за евалуирање на групната и индивидуалната работа на студентите преку меѓусебно оценување и самооценување.

**Петтата глава** е насловена „Истражување поврзано со методот интегрирано учење при изучувањето на англискиот како странски јазик во високото образование“. Во неа е образложена методологијата на истражувањето, односно инструментите на истражувањето, истражувачкиот примерок, постапката и анализата на податоците. Трудот има за цел да даде одговор на следниве истражувачки прашања:

1. Дали комбинираното учење може да влијае позитивно врз мотивацијата за учење?
2. Дали комбинираното учење може да придонесе за зголемување на нивото на јазична компетенција кај студентите?
3. Кои се ефектите на комбинираното учење врз развивање на јазичните вештини читање и пишување кај студентите?
4. До кој степен комбинираното учење може да придонесе за развој на автономно учење?

Врз основа на сознанијата од досегашните истражувања, кандидатката претпоставува дека ќе се констатира позитивно влијание на комбинираното учење врз мотивираноста за учење, зголемување на нивото на јазична компетенција кај студентите, развивање на вештините за читање и пишување и развивање на способноста за автономно учење. Испитаниците во ова истражување се 45 студенти од Универзитетот на Југоисточна Европа, кои го изучуваат англискиот јазик како странски на Б1-ниво дефинирано со Европската референтна рамка за изучување на странски јазици со неделен фонд од два часа. Тие во експериментот се вклучени во три групи: една контролна група (КГ) од 15 испитаници и две експериментални (ЕГ) од по 15 испитаници.Во периодот на истражувањето студентите биле во втора година од студиите, од различни студиски групи – 15 од Јавна администрација, 15 од Бизнис и економија и 15 од Факултетот за комуникации.

Во истражувањето се користени следниве инструменти за прибирање податоци: преттест креиран според крајниот полугодишен тест на студентите при завршување на првата година на студирање и посттест кој е извршен на крајот на семестарот, прашалници за студентите пред и по наставата изведена со комбиниран модел и прашалник за наставниците.

Податоците во врска со првото истражувачко прашање за тоа дали комбинираното учење влијае врз мотивацијата за учење се собрани со прашалникот за мотивацијата на студентите за вклученост во комбинираната настава.

Податоците во врска со второто и третото истражувачко прашање се собрани со прашалникот за комбинираната настава по истражувањето, пред-тестот и пост-тестот.

Преттестот се состои од следниве четири дела: вокабулар и граматика со повеќечлен избор, читање со разбирање, диктат и краток писмен состав, а пост-тестот се состои од: клоз-тест, читање со разбирање, диктат и краток писмен состав.

Истражувачката постапка се состои од неколку фази. Во текот на истражувањето контролната група посетувала фронтална настава по традиционален модел, додека двете експериментални групи од 15 студенти посетувале настава со комбиниран наставен модел. Во текот на еден семестар, двете експериментални групи имале настава по Современ англиски јазик со идентичен број часови – 22, односно 11 изведени со традиционален метод, фронтално, додека останатите 11 часа во компјутерска лабораторија. Контролната група посетувала настава од 22 часа, само со традиционален метод, односно фронтално.

Експерименталните групи посетувале комбинирана настава. Првиот час бил фронтална настава, а вториот - во компјутерска лабораторија каде што наставникот ги обучувал студентите како да ја применат технологијата при изучувањето на англискиот како странски јазик. Наставникот подготвил задачи со примена на софтверот Google Classroom, кои студентите ги решавале индивидуално или пак, во групи, при што им била дадена можност да му дадат повратна информација на друг студент (peer feedback).

Во втората фаза од истражувањето бил спроведен посттест за да се утврдат ефектите од обуката за зголемување на нивото на јазичната компетенција особено врз развивањето на јазичните вештини читање и пишување кај студентите.

Следува анализа и дискусија на резултатите во врска со првото истражувачко прашање (Дали комбинираното учење може да влијае позитивно врз мотивацијата за учење?). Од анкетата може да се заклучи дека студентите се мотивирани да посетуваат настава со комбиниран модел и сметаат дека процесот на учење може да се подобри доколку часовите се одвиваат комбинирано. Тие би сакале да имаат повеќе часови во компјутерска училница отколку во традиционална училница. Кандидатката констатира дека комбинираното учење влијае позитивно врз мотивацијата за учење.

Анализата на резултатите во врска со второто истражувачко прашање (*Дали комбинираното учење може да придонесе за зголемување на нивото на јазична компетенција кај студентите?*) и третото истражувачко прашање (*Кои се ефектите на комбинираното учење врз развивањето на јазичните вештини читање и пишување кај студентите?*) се темели на анализата на резултатите од пред-тестот и пост-тестот. Статистичката обработка на податоците упатува на следниот заклучок. Експерименталната група 1 (ЕГ 1) и експерименталната група 2 (ЕГ 2) оствариле подобри резултати на посттестот во однос на преттестот во споредба со контролната група (КГ). ЕГ 1 бележи 60 % точни одговори на пред-тестот, ЕГ 2 – 53 %, додека КГ – 48 %. На пост-тестот, ЕГ 1 има остварено 72 %, ЕГ 2 – 65 % и КГ – 55 % точни одговори. Се забележува извесен напредокот кај ЕГ 1 и ЕГ 2 наспроти КГ во пост-тестот и тоа: додека разликата на пред-тестот е 12 % за ЕГ 1 во однос на КГ и 5 % за ЕГ 2 наспроти КГ, разликата на пост-тестот е кај ЕГ 1 наспроти КГ – 17 % подобри резултати и 10 % за ЕГ 2 наспроти КГ. При интерпретација на резултатите треба да се земе предвид дека почетната просечна оценка на студентите на испитот според која се одредува нивото по англиски јазик како странски кај контролната група била 8, додека кај експерименталната група била 7.

Во однос на јазичните компетенции за читање, кај ЕГ 1 резултатите од пред-тестот по читање се 80 % наспроти 100% на пост-тестотот, додека кај ЕГ 2 – 70 % на преттестот

наспроти 80 % на пост-тестот и кај контролната група 70 % на пред-тестот наспроти 80% на посттестот. Разликата меѓу резултатите добиени од преттестот и посттестот кај ЕГ 1 е 20% наспроти 10% кај ЕГ 2 и контролната група. Оттука може да се заклучи дека кај ЕГ 1 се забележува подобрување на јазичните компетенции по читање кај студентите кои посетувале комбинирана настава, додека кај ЕГ 2 веројатно поради послабото ниво на почетна јазична компетенција разликата во проценти е иста со контролната група.

Во однос на развивање на вештината пишување се забележува дека кај ЕГ 1 разликата од резултатите добиени од пред-тестот наспроти пост-тестот се за 17% повисоки, кај ЕГ 2 разликата е 9% додека кај контролната група разликата е значително поголема и изнесува 14%. Овие резултати се објаснуваат со фактот дека кај контролната група повратната информација од наставникот со насоки за подобрување била давана на часот, а потоа следувале неколку верзии до завршната верзија од есеите. Кај експерименталните групи студентите есеите ги пишувале дома и ги објавувале на дигиталниот портал Google Classroom, додека корекции им биле давани со коментари на компјутер без можност да поставуваат директни прашања или, пак, да им се даде дообјаснување за тоа како треба да се доработи соодветниот есеј.

За да одговори на четвртото истражувачко прашање (*До кој степен комбинираното учење може да придонесе за развој на автономно учење*?), кандидатката ги анализирала одоговорите на прашалникот за студентите за нивните ставови во врска со комбинираната настава по истражувањето. Резултатите од пост-прашалникот покажале дека комбинираното учење може да придонесе за развој на автономното учење. Дигиталниот систем придонесува студентите во секое време да можат да ги користат дополнителните материјали објавени на порталот и со тоа им се дава можност да станат посамостојни во изучувањето на англискиот јазик како странски, меѓу другото и преку самооценување. Автономното учење се поттикнува и преку кооперативните форми на работа, бидејќи кооперативноста е еден од аспектите на самостојното учење.

**Шестата** глава ја содржи дискусијата на резултатите во контекст на релевантните истражувања од оваа област во светот и педагошко-методичките имликации. Споредувајќи ги сознанијата од истражувањето со претходно споменатите истражувања од оваа област во светот (Гргурович, 2010; Ларсен, 2012; Аслани и Табризи, 2015), м-р Радосавлевиќ констатира совпаѓање на резултатите. Меѓу ограничувањата на истражувањето се споменуваат нецелосна достапност на интернетот за време на наставата и други технички проблеми, недоволна технолошка наобразба на студентите во врска со користење на дигиталниот систем Google Classroom, нехомогеноста на групите во однос на почетно ниво на јазична компетенција и релативно краткото времетраење на комбинираната настава (22 часа од кои 11 изведени со традиционален метод и 11 часа во компјутерска училница).

Кандидатката нагласува дека комбинираното учење е иновативен метод за кој е потребно време, ресурси и институционална поддршка да се имплементира во наставата по англиски јазик како странски. Исто така, неопходна е континуирана професионална надградба на наставниците за осмислување на наставните програми и реализација на комбинираното учење.

Потоа се резимираат придобивките од интегрирање на комбинираното учење во високото образование. Интегрираното учење ќе претставува неодминлива компонента на образовниот процес во Република Македонија во иднина со оглед на зголемената динамика на живеење и прогресот на технолошките иновации. Тоа би им овозможило на студентите

поефикасна меѓусебна социјализација преку синхрона и асинхрона комуникација, поголема автономност и флексибилност при изборот на време и локација за учење, адаптирање на наставата кон сопствените стилови на учење и развивање на мотивацијата и јазичните компетенции. Се редефинира и улогата на наставникот од аспект на потребата за избор на соодветни наставни материјали, за поттикнување на интеракцијата меѓу студентите и следење на напредокот на студентите.

На крајот, кандидатката дава можни насоки за идни истражувања од областа на интегрираното учење.

Заклучок и предлог

Докторскиот труд ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА МЕТОДОТ „ИНТЕГРИРАНО УЧЕЊЕ“ ВО ИЗУЧУВАЊЕТО НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК КАКО СТРАНСКИ ЈАЗИК ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ, изработен од м-р Неда Радосавлевиќ, претставува значаен придонес кон истражувањата на иновативните методи за унапредување на квалитетот на наставата по странски јазик во високото образование. Кандидатката сериозно и темелно го проучила предметот на истражување, ја образложила теоретската рамка на трудот и користејќи релевантна научна методологија и литература пристапила кон соодветна анализа и интерпретација на резултатите. Во рамките на заклучоците и педагошко-методичките импликации се укажува на потенцијалот на методот „интегрирано учење“ за осовременување на наставата по англиски јазик како странски во високото образование, а се даваат и конкретни насоки за негово имплементирање.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет да ја прифати позитивната оценка и да и овозможи на кандидатката усна одбрана на трудот.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Екатерина Бабамова, претседател, с.р.

Проф. д-р Анжела Николовска, ментор, с.р.

Проф. д-р Марија Јанева Михајловска, член, с.р.

Проф. д-р Зозе Мургоски, член, с.р.

Доц. д-р Мира Беќар, член, с.р.

ПРЕГЛЕД

НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВОСКОПЈЕ

**1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | м-р Марија Стевковска | „Проектното учење во наставата по англиски јазик како странски во високото образование во Р. Македонија“ | „Project-based learning in EFL courses in higher education in the Republic of Macedonia“ | проф. д-р Солзица Поповска | 25-12-2018 бр. 10-59/13 |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГЕНЕТИКА И СЕЛЕКЦИЈА НА РАСТИТЕЛНО ПРОИЗВОДСТВО НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на распишаниот конкурс од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во весниците „Нова Македонија" и „Koha" од 12.11.2018 година, за избор на едно лице во сите научни звања, во научното поле биотехнички науки, научна област: лозарство. Врз основа на Одлуката број 02-612/5 од 28012,2018 година донесена на 105. седница на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, формирана е Рецензентска комисија во состав: Д-р Климе Белески, редовен професор на Земјоделскиот институт во Скопје, Д-р Биљана Коруноска, вонреден професор на Земјоделскиот институт во Скопје и Д-р Горан Миланов, вонреден професор на Земјоделскиот институт во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, извршивме преглед на доставената документација и го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно–научни звања од научната област лозарство, во предвидениот рок се пријавила само кандидатот д-р Душко Неделковски, асистент на Земјоделскиот институт во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

### 1. Биографски податоци и образование

Д-р Душко Неделковски е роден во Скопје, на 28.4.1986 година, каде што ги завршил основното и средното образование.

На Хемиско-технолошкиот и металуршки универзитет во Софија, Р. Бугарија (насока: биотехнологија), се запишал во учебната 2004/2005, а дипломирал на 31.7.2008 год. со просечен успех 4,80.

Кандидатот има активно познавање на англискиот и бугарскиот јазик.

Во учебната 2008/2009 се запишал на постдипломски студии на Хемиско-технолошкиот и металуршки универзитет во Софија, Р. Бугарија, насока: биотехнологија. Предвидените испити ги положил со просечен успех 5,25, а на 11.12.2009 година го одбранил магистерскиот труд под наслов „Испитување на можностите од четири клона на сортата црн бургундец за добивање на висококвалитетни црвени вина со висока антиоксидантна активност" .

За помлад асистент - соработник во Одделението за лозарство при Земјоделскиот институт во Скопје е избран на 1.12.2011 година. На 25.9.2014 година е избран во звањето асистент, во научното поле биотехнички науки, област лозарство, на која позиција е ангажиран до денес, во рамките на Одделението за лозарство.

На 29.6.2018 година, на Универзитетот за земјоделство во Пловдив Р. Бугарија, ја одбранил докторската дисертација под наслов: „Влијание на надморската височина и агротехника врз фенолниот и ароматниот профил на винската сорта Вранец “.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1014/2011 од 1.9.2011, 1081 од 15.7.2014, како и вкупните научни, стручни и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 11. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ-Земјоделски институт во Скопје (втор циклус студии), д-р Душко Неделковски бил ментор на студиски престој од областа на аналитички методи за испитување на хемискиот состав на грозје и вино, на еден асистент од Институтот за лозарство и винарство-Плевен, Република Бугарија, во склоп на Erasmus + Program, Higher Education Student and Staff Mobility 2015/2016. Ментор на студиски престој од областа лозарство на еден асистент од Институтот за лозарство и винарство-Плевен, Република Бугарија, во склоп на Erasmus + Program, Higher Education Student and Staff Mobility 2015/2016.

Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот, се наведени во образецот кон извештајот (Анекс 2 од Правилникот за избор), со датуми и други релевантни податоци.

### Научноистражувачка дејност

Д-р Душко Неделковски има вкупно објавено 17 труда од областа, од кои 5 труда се објавени во меѓународни научни списанија, а 4 труда се објавени во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание).

Од вработувањето па до денес, д-р Душко Неделковски учествувал како член на два домашни проекта.

Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот, се наведени во образецот кон извештајот (Анекс 2 од Правилникот за избор), со датуми и други релевантни податоци.

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Душко Неделковски е активно вклучен во теренската и лабораториската работа на Одделението за лозарсто (хемиски анализи на грозје, оматичување на насади, контрола на саден материал, советодавни услуги и сл.).

Кандидатот учествувал во Уредувачки одбор за издавање на Зборник на трудови за 2010-2011 година.

Кандидатот, исто така, учествувал во Научен одбор за издавање на Јубилеен годишен зборник на Земјоделскиот институт, 2014 година.

Бил член во Комисија за оценување на обука за вински советник организирана од Камник тренинг центар - програма на Центар за образование на возрасни-МОН.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатот д-р Душко Неделковски доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Земјоделскиот институт.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Душко Неделковски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Душко Неделковски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето научен соработник во научната област лозарство.

Според гореизнесеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, д-р Дупшко Неделковски да биде избран во звањето научен соработник област лозарство.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Климе Белески с.р.**
2. **Проф. д-р Биљана Коруноска с.р.**
3. **Проф. д-р Горан Миланов с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**

Душко Драги Неделковски

**Институција:**

УКИМ Земјоделски институт – Скопје

**Научна област:**

Лозарство

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: __________<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: __________<br>Просечниот успех изнесува __________за интегрираните студии. | |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на докторатот: “Влијание на надморската височина и агротехника на фенолниот и ароматниот профил на винската сорта Вранец”<br>Назив на научната област: лозарство (шифра 40602), поле биотехнички науки, подрачје лозарство. | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: Food chemistry<br>Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of Science<br><br>Наслов на трудот: Targeted analysis of bioactive phenolic compounds and antioxidant activity of Macedonian red wines.<br><br>Година на објава: 2015<br><br>2. Назив на научното списание: Food Anal. Methods<br>Назив на електронската база на списанија: Scopus, Journal Citation Report<br><br>Наслов на трудот: Determination of Pb and Cd in Macedonian Wines by Electrothermal Atomic Absorption Spectrometry (ETAAS).<br><br>Година на објава: 2015<br><br>3. Назив на научното списание: Vitis<br>Назив на електронската база на списанија: Scopus<br><br>Наслов на трудот: Identification and classification of grapevine cultivars (Vitis vinifera L.) from the Balkan subgroup by phyllometric descriptors.<br><br>Година на објава: 2015<br><br>4. Назив на научното списание: Food Anal. Methods | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Назив на електронската база на списанија: Scopus, Journal Citation Report<br><br>Наслов на трудот: Optimization and Validation of a Microwave Digestion Method for Multi-element Characterization of Vranec Wines.<br><br>Година на објава: 2016 | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: Agroznanje<br><br>Меѓународен уредувачки одбор:<br><br>Вкупен број членови: 28<br><br>Број и припадност по земји:<br><br>Босна и Херцеговина (12); Италија (3); Хрватска (2), Словенија (2); Македонија (2); Шведска (1); Србија (1); Црна Гора (1); Чешка (1); Германија (1); Америка (1); Холандија (1)<br><br>Наслов на трудот: Studying the Content of Starch Correlated With Resistance to Low Winter Temperatures in Some Grapevine Varieties.<br><br>Година на објава: 2012;(4) p.681-686<br><br>2. Назив на научното списание: Agroznanje<br><br>Меѓународен уредувачки одбор:<br><br>Вкупен број членови: 68<br><br>Број и припадност по земји: | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Босна и Херцеговина (37); Италија (1); Хрватска (1); Македонија (2); Словенија (9); Србија (2); Словачка (2); Чешка (2); Бугарија (2); Холандија (1); Германија (1); Молдавија (1); Романија (1); Швајцарија (1); Шведска (1); Америка (2); Израел (1); Албаниа (1).Наслов на трудот: Efekti razlicitog opterecenja vinove loze I duzina maceracije na polifenolni sastav vina od sorte Vranac.<br>Година на објава: 2014; (3) p. 319-328<br><br>3. Назив на научното списание: Agroznanje<br>Меѓународен уредувачки одбор:<br>Вкупен број членови: 68<br>Број и припадност по земји:<br>Босна и Херцеговина (37); Италија (1); Хрватска (1); Македонија (2); Словенија (9); Србија (2); Словачка (2); Чешка (2); Бугарија (2); Холандија (1); Германија (1); Молдавија (1); Романија (1); Швајцарија (1); Шведска (1); Америка (2); Израел (1); Албаниа (1).<br><br>Наслов на трудот: Uticaj sorte grožđa i tehnoloških postupaka na kvalitet grožđanih rakija.<br>Година на објава: 2014; (4) p. 425-438.<br><br>4. Назив на научното списание: Agroznanje<br>Меѓународен уредувачки одбор:<br>Вкупен број членови: 28<br>Број и припадност по земји:<br>Босна и Херцеговина (12); Италија (3); Хрватска (2), Словенија (2); Македонија (2); Шведска (1); Србија (1); Црна Гора (1); Чешка (1); Германија (1); Америка (1); Холандија (1)<br><br>Наслов на трудот: The Effects of the Summer Pruning Operations on the Winter Buds Productivity of cv. Vranec (Vitis vinifera L.).<br>Година на објава: 2017; (3) p. 155-166. | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br><br>1. Назив на научното списание: Bulgarian Journal of Agricultural Science, Agricultural Academy<br>Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Р. Бугарија<br>Наслов на трудот: Phenolic composition of Vranec grapevine cultivar (vitis vinifera l.) grafted on different rootstock.<br>Година на објава: 2017; (3) p. 389-395.<br><br>2. Назив на научното списание: Journal of Mountain Agriculture of the Balkans.<br>Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Р. Бугарија<br>Наслов на трудот: Influence of the altitude and some summer pruning operations on the parameters of the potential fertility of the winter buds at the vine variety Vranec.<br>Година на објава: 2017; 20 (3), p. 139-152.<br><br>3. Назив на научното списание: Journal of Mountain Agriculture of the Balkans.<br>Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Р. Бугарија<br>Наслов на трудот: Aroma compounds in wines from Macedonian autochthonous variety Stanusina.<br>Година на објава: 2017; 20 (3), p. 128-138.<br><br>4. Назив на научното списание: Journal of Mountain Agriculture of the Balkans.<br>Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Р. Бугарија<br>Наслов на трудот: Aromatic profile of red wines from grapevine varieties grown in the conditions of Northern Bulgaria.<br>Година на објава: 2017; 20 (3), p. 187-200. | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | | |
| 3.4 | Книга од стручна област:<br>1. Наслов на книгата: Application of Grape Pomace as a Natural Food Preservative and Source of Biofuel.<br>Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Германија.<br>Издавач, година и место на издавање/објавување: GRIN Publishing (August 4, 2014), p. 54. | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: Challenges in modern agricultural production", Skopje,<br>Назив на меѓународниот собир: Challenges in modern agricultural production<br>Имиња на земјите: Македонија, Србија, Хрватска, Бугарија, Босна и Херцеговина, Словенија, Турција, Косово, Црна Гора.<br>Наслов на трудот: Ampelographical characteristics and genotypic variability in autohthonus cultivars red and black valandovo drenok grown in R. Macedonia.<br>Година на објава: 2014; p. 70-74/2015.<br>2. Назив на зборникот: JOURNAL OF AGRICULTURAL, FOOD AND ENVIRONMENTAL SCIENCES<br>Назив на меѓународниот собир: Intenational symposium for agriculture and food-ISAF.<br>Имиња на земјите: Македонија, Србија, Хрватска БиХ, Црна Гора, Германија, Бугарија, Словенија, Австрија, Албанија. | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Наслов на трудот: Description of the morphological and technological characteristics of the plant godji berry.<br><br>Година на објава: 2017, Vol.71, No 1, p. 132-138. | |
| | | |
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа<br><br>1. Странски јазик: Англиски<br>2. Назив на документот: Потврда<br>3. Издавач на документот: Училиште за странски јазици Брадфорд<br>4. Датум на издавање на документот: 27.4.2011 | |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат засновн работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**

**Душко Драги Неделковски**

**Институција:**

**УКИМ-Земјоделски институт, Скопје**

**Научна област:**

**лозарство**

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учесник во национален научен проект:<br>**2011-2012.** Ефекти од тероарот врз технолошките карактеристики на сортата Бранец. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. | 3 |
| 2. | Учесник во национален научен проект:<br>**2017-2018.** Интродукција Карактеризација на автохтоните сорти калинка во Р. Македонија.  Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | Труд со оригинални резултати, објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование:<br>IF=3.80<br>1. Targeted analysis of bioactive phenolic compounds and antioxidant activity of Macedonian red wines. Violeta Ivanova-Petropoluos, Arianna Ricci, **Dusko Nedelkovski**, Violeta Dimovska, Giuseppina P. Parpinello, Andrea Versari. Food chemistry 171 (2015) 412-420.<br>2. Determination of Pb and Cd in Macedonian Wines by Electrothermal Atomic Absorption Spectrometry (ETAAS). Violeta Ivanova-Petropulos, Silvia Jakabová, **Dusko Nedelkovski**, Vladimír Pavlík, Želmira Balážová, Ondrej Hegedűs. Food Anal. Methods (2015) 8:1947–1952. IF=2,245<br>3. Identification and classification of grapevine cultivars (Vitis vinifera L.) from the Balkan subgroup by phyllometric descriptors. Beleski K., **Nedelkovski D.**. Vitis 54 (Special Issue), 133-134 (2015). IF=0,794<br>4. Optimization and Validation of a Microwave Digestion Method for Multi-element Characterization of Vranec Wines. Violeta Ivanova-Petropulos, Biljana Balabanova, Sasa Mitrev, **Dusko Nedelkovski**, Violeta Dimovska, Rubin Gulaboski. Food Anal. Methods (2016) 9:48–60. IF=2.245 | 7,08<br>6,15<br>7,92 |

| | | |
|---|---|---|
| | | 6,15 |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не мове да надминува две третини од вкупниот број на членови:<br><br>1. Studying the Content of Starch Correlated With Resistance to Low Winter Temperatures in Some Grapevine Varieties. **Duško Nedelkovski**, Klime Beleski, Krum Boškov, Biljana Korunovska, Goran Milanov. Agroznanje, vol. 13, br.4. 2012, p.681-686.<br><br>2. Efekti razlicitog opterecenja vinove loze I duzina maceracije na polifenolni sastav vina od sorte Vranac. Goran Milanov, Klime Beleski, **Dusko Nedelkovski**, G. Ristov. Agroznanje. vol. 15, br.3, 2014, 319-328.<br><br>3. Uticaj sorte grožđa i tehnoloških postupaka na kvalitet grožđanih rakija. Goran Milanov, Klime Beleski, Julijana Cvetković, **Duško Nedelkovski**. Agroznanje, vol. 15, br. 4, 2014, 425-438.<br><br>4. The Effects of the Summer Pruning Operations on the Winter Buds Productivity of cv. Vranec (Vitis vinifera L.). **Dushko Nedelkovski**, Venelin Roychev, Klime Beleski, Todorka Mokreva. Agro-knowledge Journal, vol. 18, no. 3, 2017, 155-166. | 3<br><br>3<br><br>3 |

| | | |
|---|---|---|
| | | 3 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД:<br><br>1. Phenolic composition of Vranec grapevine cultivar (vitis vinifera l.) grafted on different rootstock. **Dushko Nedelkovski**, Julijana Cvetkovic, Klime Beleski, Hristina Poposka. Bulgarian Journal of Agricultural Science, 23 (No 3) 2017, 389–395 Agricultural Academy<br><br>2. Influence of the altitude and some summer pruning operations on the parameters of the potential fertility of the winter buds at the vine variety Vranec. **Dushko Nedelkovski**, Venelin Roychev, Angel Ivanov, Klime Beleski. Journal of Mountain Agriculture of the Balkans, 2017, 20 (3), 139-152.<br><br>3. Aroma compounds in wines from Macedonian autochthonous variety Stanusina. **Dushko Nedelkovski**, Dimitar Dimitrov, Klime Beleski, Goran Milanov, Boljana Korunoska, Frosina Trajanovska, Roze Djolevska Milenkovska. Journal of Mountain Agriculture of the Balkans, 2017, 20 (3), 128-138.<br><br>4. Aromatic profile of red wines from grapevine varieties grown in the conditions of Northern Bulgaria. Dimitar Dimitrov, Vanyo Haygarov, Tatyana Yoncheva, **Dushko Nedelkovski**. Journal of Mountain Agriculture of the Balkans, 2017, 20 (3), 187-200. | 3<br><br>3<br><br>3<br><br>3 |

| | | |
|---|---|---|
| | | 3 |
| 6. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји:<br><br>1. Ampelographical characteristics and genotypic variability in autohthonus cultivars red and black valandovo drenok grown in R. Macedonia. Biljana Korunoska, Zvonimir Bozinovic, Ana Sarafimovska, Zlatko Prculovski, **Dushko Nedelkovski**, Milena Taseska-Gjorgjijevski. Book of proceedings of the scientific conference “Challenges in modern agricultural production”, Skopje, 11 th December 2014, p. 75-80/2015, www.zeminst.edu.mk/bookofproceedings<br><br>2. Description of the morphological and technological characteristics of the plant godji berry. Biljana Korunoska, Goran Milanov, **Dushko Nedelkovski**, Ana Sarafimovska, Milena Taseska-Gjorgjijevski, Roze Dzolevska. 3rd Intenational symposium for agriculture and food-ISAF 2017, p. 132-138. | 3<br><br>3 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Труд објавен во зборник на трудови на в.о. установа:<br><br>Influence of wine storage conditions and wine aging on the dynamics of antocianins decrease in the Vranec wine variety. **Dushko Nedelkovski**, Ana Serafimovska, Goran Milanov, Klime Beleski, Milena Taseska-Gjorgjievski. Yearbook of the Institute of Agriculture Skopje 2012 XXVIII/XXIX, p. 148-156. | 1,2 |
| 8. | Труд со оригинални научни резултати во стручно/научно популарно списание:<br><br>Influence of summer pruning operations on the potential bud yield of grape vine variety Vranec. **Dushko Nedelkovski**. Лозарство br.3/ 2016, p. 8-16. | 2 |
| 9. | Труд со оригинални научни резултати во стручно/научно популарно списание:<br><br>Ампелографска характеристика на лозовија сорт Вранец. **Душко Неделковски**, Венелин Ройчев, Ангел Иванов. Лозарство br.3/ 2016, p. 18-21. | 1,6 |
| 10. | Учество на научен собир со реферат (усна презентација):<br><br>*Effects of Partial Defoliation on the Skin Polyphenolic Content of Syrah Grapes (Vitis Vinifera l.) Grown in Skopje Vineyard Area.* Beleski Klime, Ivanova Violeta, Nedelkovski Dusko, Božinović Zvonimir, Dimovska Violeta (2012). In: 14th Serbian Congress of Fruit and Grapevine Producers with International Participation, 9-12 Oct 2012, Vrnjacka Banja, Serbia.(p.144) | 1 |
| 11. | Учество на научен собир со реферат (усна презентација):<br><br>Effect of protective UV nets on technological characteristics of Italia table grape variety (Vitis vinifera L.). Beleski Klime, **Nedelkovski Dusko**, Boskov Krum, Ivanova Violeta. In: Internacional symposium for agriculture and food. 65 years faculty of agricultural sciences and food. Skopje 2012. (p. 51). Book of Abstract. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | Учество на научен собир со реферат (постер):<br><br>Component analysis for the influence of yeasts on multi-element composition of Vranec wines. Balabanova Biljana, Ivanova Violeta, Nedelkovski Dusko, Mitrev Sasa (2014). *Component analysis for the influence of yeasts on multi-element composition of Vranec wines*. In: XXIII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 8-11 Oct 2014. | 0,5 |
| 13. | Учество на научен собир со реферат (постер):<br><br>Use of hydrogen peroxide to improve the chemical content and sensorial characteristic of grape brandy. **Dushko Nedelkovski**, Goran Milanov, Ana Serafimovska, Klime Beleski, Biljana Korunoska, Milena Taseska- Gjorgjijevski. Book of Abstracts. Scientific conference "Challenges in modern agricultural production". Skopje 2014. (p. 52) | 0,5 |
| 14. | Учество на научен собир со реферат (постер):<br><br>Influence of wine treatments on heavy metals content. Ana Serafimovska, Milena Taseska- Gjorgjijevski, **Dushko Nedelkovski**, Goran Milanov, Biljana Korunoska. Book of Abstracts. Scientific conference "Challenges in modern agricultural production". Skopje 2014. (p. 64) | 0,5 |
| 15. | Учество на научен собир со реферат (постер):<br><br>Biljana Korunoska, Goran Milanov, **Dushko Nedelkovski**, Ana Sarafimovska, Milena Taseska-Gjorgjijevski, Roze Dzolevska, „Description of the morphological and technological characteristics of the plant Goji Berry". 3rd International Symposium for Agriculture and food–ISAF. 18-20 October, 2017, Ohrid, Republic of Macedonia. | 0,5 |
| 16. | Учество на научен собир со реферат (постер): | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Influence of the altitude and some summer pruning operations on the parameters of the potential fertility of the winter buds at the vine variety Vranec. **Dushko Nedelkovski**, Venelin Roychev, Angel Ivanov, Klime Beleski. | |
| 17. | Учество на научен собир со реферат (постер):<br><br>Aromatic profile of red wines from grapevine varieties grown in the conditions of Northern Bulgaria. Dimitar Dimitrov, Vanyo Haygarov, Tatyana Yoncheva, **Dushko Nedelkovski**. | 0.5 |
| 18. | Учество на научен собир со реферат (постер):<br><br>Aroma compounds in wines from Macedonian autochthonus variety Stanusina. **Dushko Nedelkovski**, Dimitar Dimitrov, Frosina Trajanovska, Goran Milanov, Klime Beleski, Roze Djolevska Milenkovska, Biljana Korunoska.<br><br>Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција | 0.5 |
| 19. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција<br><br>Use of hydrogen peroxide to improve the chemical content and sensorial characteristic of grape brandy. **Dushko Nedelkovski**, Goran Milanov, Ana Serafimovska, Klime Beleski, Biljana Korunoska, Milena Taseska- Gjorgjijevski. Book of Abstracts. Scientific conference “Challenges in modern agricultural production”. Skopje 2014. (p. 52) | 1 |
| 20. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција<br><br>Influence of wine treatments on heavy metals content. Ana Serafimovska, Milena Taseska- Gjorgjijevski, **Dushko Nedelkovski**, Goran Milanov, Biljana Korunoska. Book of Abstracts. Scientific conference “Challenges in modern agricultural production”. Skopje 2014. (p. 64) | 1 |
| 21. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Ampelographical characteristics and genotypic variability in autohthonus cultivars red and black valandovo drenok grown in R. Macedonia. Biljana Korunoska, Zvonimir Bozinovic, Ana Sarafimovska, Zlatko Prculovski, **Dushko Nedelkovski**, Milena Taseska-Gjorgjijevski. Book of Abstracts. Scientific conference "Challenges in modern agricultural production". Skopje 2014. (p.38) | |
| | Вкупно: | 76,6 |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Книга од стручна област:<br><br>Application of Grape Pomace as a Natural Food Preservative and Source of Biofuel. Violeta Ivanova-Petropulos, Zorana Andonovic, **Dusko Nedelkovski.** GRIN Publishing (August 4, 2014), p. 54. https://www.grin.com/document/276447 | 7 |
| 2. | Члена на национална жири-комисија:<br><br>Член во испитна комисија за вински советник. Шато Камник тренин центар. | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир:<br><br>1. Yearbook of the Institute of Agriculture Skopje 2012 XXVIII/XXIX.<br><br>2. Scientific conference.Organized by: University "Ss Cyril and Methodius"- Skopje, Institute of Agriculture-Skopje "Challenges in modern agricultural production". 11th December 2014, Skopje, Republic of Macedonia. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | | 1 |
| 2. | Раководител на внатрешна организациона единица:<br>Раководител на Одделение за лозарство | 3 |
| 3. | Член на факултетска (институтска ) комисија:<br>Член на Работна група за евиденција на земјоделско земјиште | 0,5 |
| 4. | Члена на факултетска (институтска ) комисија:<br>Члена на Комисија за продажба на основни средства | 0,5 |
| 5. | Члена на факултетска (институтска ) комисија:<br>Член во Пописна комисија на Земјоделскиот институт во Скопје. | 0,5 |
| | Вкупно: | 14,5 |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | Поени |
|---|---|
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 76,6 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 14,5 |
| **ВКУПНО** | **91,1** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Проф. д-р Климе Белески с.р.**
2. **Проф. д-р Биљана Коруноска с.р.**
3. **Проф. д-р Горан Миланов с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**

на одобрени теми за изработка на **докторска дисертација** на **Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје**

**ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ**

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | **м-р Шкипе Хајредини Доли** | **Интеграцијата на малцинствата на Балканот како придонес кон мирот и безбедноста на регионот** | **The integration of the minorities of the Balkans as contribution to the peace and security of the region** | **проф.д-р Славејко Сасајковски** | **02-1188/1**<br>**од 26.12.2018** |
| 2. | **М-р Назан Мустафа** | **Модел на интеграција на финансиското образование во наставните програми за основно образование** | **Model of financial education intergration into primary core curricula** | **проф.д-р Емилија Симоска** | **02-1188/2**<br>**од 26.12.2018** |

**ПРЕГЛЕД**

**НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА Институтот за социолошки и политичко -правни истражувања, Скопје во состав на Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје Магистерски трудови**

| Ред. Бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. На Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Панореја Буклевска | Процес на извршување на стратегии со употреба на агилни методологии во ИКТ компании во Република Македонија | Agile Methodologies For Strategy Execution Process in ICT Companies in Republic of Macedonia | Проф.д-р Мирјана Борота Поповска | 02-1188/10 од 26.12.2018 |
| 2. | Снежана Саздовска | Специфичноста на менаџерските улоги и функции во јавните здравствени установи-Центри за јавно здравје | Managerial roles and functions specific in public helth institutions - Centers for public helth | Проф.д-р Мирјана Борота Поповска | 02-1188/9 од 26.12.2018 |
| 3. | Бојана Наумова Радосавлевиќ | Политичкиот маркетинг преку социјалните мрежи во Република Македонија во врска со референдумот за прифаќање на Преспанскиот договор | The Political Marketing through Social Networks, regarding the Referendum for Acceptance of the Prespa Agreement | проф. д-р Емилија Симоска | 02-1188/14 од 26.12.2018 |